Митрополит Струмички Наум

# Христијански идентитет

БИБЛИОТЕКА ВОВЕДЕНИЕ
ВЕЉУСА 2018

Македонска Православна Црква –
Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима
Струмичка епархија

Спомни ги, Господи, Твоите чеда,
Васка со децата,
кои го овозможија издавањето на оваа книга

Издава:
Манастир Воведение на Пресвета Богородица Елеуса
Велјуса

Лектура:
Петар Георгиевски

Книгата е посветена на
мојот викарен Епископ Јаков Полјански и
на целото монаштво на
Македонската Православна Црква –
Охридска Архиепископија, Јустинијана Прима,
со вера дека, како и досега,
ќе го зачуваат христијанскиот идентитет и
сето она што го љубат и за кое се молат,
за разлика од оние кои го губат сето она
што го сакаат, отфрлајќи го својот
христијански идентитет,
а со тоа и Божјата благодат,
која сите ги спасува.

# Предисловие

# ИДЕНТИТЕТ И НЕВРОЗА

*А, што значи тоа да останеш нераспнат, т.е. жив за овој паднат свет и без учество во Крстот Христов, т.е. да останеш без христијански идентитет?*

*Тоа значи да се поистоветуваш со своето паднато, поделено, дуалистичко „јас“, односно со своите гревовни страсти, кои на колективно ниво се пројавуваат како световни поделби со коишто се поистоветуваш – држава, нација, партија и други форми на самочовечко организирано здружување. Со други зборови, кога се поистоветуваш и ги продлабочуваш поделбите и во себе и во веќе поделениот свет околу тебе, наместо да ги исцелиш тие поделби во самиот себе, како и поделбите во светот околу себе – преку пастирски пристап кон истите.*

Митрополит Струмички Наум

Централниот поим на најновата книга беседи на Митрополитот Струмички Наум е поимот на идентитетот. Со самото тоа станува јасно дека овој наш духовник, теолог и еден од нашите најактивни промислувачи на проблемите на христијанството и Црквата, влегува директно во центарот на фило-

зофијата (и профана и света) на нашето време, исто така преокупирана со проблемот на идентитетите. Нема да се претера ако се каже дека *единственото* важно прашање на кое се обидуваат да одговорат филозофите од епохата на модерната, постмодерната и пост-постмодерната е токму прашањето за идентитетите.

Откако Ниче, повеќе од очај од тоа каде одат западната филозофија и западното христијанство одошто од убеденост, извика „Бог е мртов", настапија генерации профани филозофи, негов пород, кои се зафатија со *деконструкција* на сите можни идентитети[1]. Деконструкцијата стана омилен метод, применлив на сите дотогашни „свети поими" на традиционалната, често и кон Бога наклонета филозофија. Се дојде до заклучок дека не постојат стабилни идентитети, туку само „лизгави", и дека во секој идентитет има траги и од други идентитети. Жак Дерида, еден од наследниците на Ничеовата теза дека јазикот нужно лаже затоа што е метафоричен, говореше за лизгави означители и за значење во постојано одлагање, што значеше уништување на вербата во еден прапочетен, трансцендентален извор од којшто сѐ излегува и сѐ се влева (Бог). Така, овој пород на постмодерната дојде во изразита конфронтација со сета теолошка мисла, и нема да се згреши ако сета таа филозофија на деконструкцијата се подведе под по-

---

[1] Dejv Robinson, *Niče i postmodernizam,* Esotheria, Beograd, 2002, стр. 12–20.

имот *атеистичка филозофија*. Таа уживаше во разнишување на традиционалните бинарни опозиции, коишто ги сметаше за идеолошки стереотипи, од типот уметност/забава, машко/женско, свето/профано, високо/ниско (во естетска смисла); сите тие идентитети останаа сериозно „разнишани“, а како резултат на тоа се доби ситуација на еден либерализам за кој не е ништо страшно да се изврши промена на полот, или да се одобрат хомосексуални бракови со посвојувања деца, кога веќе не постои стабилен „машки“ и „женски“ идентитет. Или: најобичен забавен викенд-роман да се прогласи со новинска критика за висока уметност, да се говори за уметност на грдото, или за етика на злото, и слично. Во тој стравотен деконструктивистички занес, во кој како да се зададоа скакулци по дотогаш родните полиња на традиционалната филозофија (под знакот на верата во Творец), посебно настрадаа поимите на лагата и вистината и поимите на доброто и злото. Ричард Рорти покажа дека за постмодернистите вистината не може да постои априори, со што всушност се тврди дека не постои Бог, односно една вечна и непроменлива вистина: „Отприлика пред двесте години, европската фантазија почна да ја преокупира идејата дека вистината се создава, а не дека се пронаоѓа“. И на друго место: „Вистината не може да биде априорна – таа не може да постои независно од човековиот ум – затоа што речениците не можат да постојат на тој начин, тие не можат да бидат априорни. Светот е априорен, но описите на светот

не се“[2]. Што тоа значи? Значи дека, ако вистината се произведува, тогаш таа е *човекова*, а не *Божја* творба; тоа значи дека под лицето на вистината може, кога сака, кој сака и како сака да ни подметнува лага. Ако е така со вистината, тогаш, во стилот на оваа постмодерна атеистичка филозофија, така е и со *правдата*. Таа е човечка обврска, а не Божја; затоа и се дозволени револуциите во кои со реки крв се дели човечка правда. Ленин, на пример, беше убеден дека до високата цел (еднаквост на сите) може да се дојде и со лоши средства, односно со нужно зло; убивањето на богатите и полнењето на партиската каса со нивните пари го сметаше за најморален чин на исполнување на правдата, во име на виши цели.

И, среде тие револуционерни постмодерни потоци филозофско мастило, но и потоци вистинска крв на „поделена“ човечка правда, Владиката Наум тврди:

*Барањето човечка правда е една од најголемите опасности со кои се соочуваме во православниот духовен подвиг. Правилното или неправилното надминување на човечката неправда најочигледно покажува дали во човекот преовладува верата, односно духовниот разум, или паднатата човечка логика. Се гледа дали Му служиме на Бог или на паднатиот демон; дали ја живееме тајната на Крстот Христов или не.*

---

[2] Richard Rorty, *Kontingencija, ironija i solidarnost,* Naprijed, Zagreb, 1995, стр. 19–21.

*Втора и следствена, на ваквото гледиште, карактеристика е и опседнатоста со духот на враќање на злото со зло. Барањето човечка правда, во суштина, е обична освета од перспектива на Новиот Завет.*

Со тоа, во беседите на Владиката се става непробојна брана кон сета оваа постмодерна филозофија на деконструкцијата. Се враќа Бог како единствена вистина, источник и утока на сѐ, како единствен и вечен идентитет; се суспендираат сето тоа постмодерно богохулење и таа парада на антропоцентристичка суета, па дури и се говори дека нема ни можност за преговори помеѓу доброто и злото, меѓу Бог и сатана, и нивниот пород:

*Не можат меѓу себе да се разберат оној што бара човечка правда со оној што бара Божја правда.*

*Не можат меѓу себе да се разберат оној што мисли дека лошите средства ги оправдува добрата цел со оној што знае дека нема добра цел без користење на добри средства.*

*Не можат меѓу себе да се разберат оној што, бранејќи го својот национален идентитет – ги губи и истиот и својот христијански идентитет, со оној што бранејќи го својот христијански идентитет – го зајакнува својот национален идентитет.*

*Не можат да се разберат, меѓу себе, оној што се поистоветува со партија, држава и нација со оној што негува пастирски однос кон партиите, државата и нацијата.*

Владиката Наум и во досегашните свои беседи покажуваше три темелни ориентации:

1. поуки за „специјалистичкиот", аскетски или благодатен подвиг на своите духовни чеда (монаси и монахињи);

2. проблематизирање на општествени и политички прашања погледнати од теолошки, односно православен аспект;

3. проблематизирање на прашања за духовното здравје (психологија, психијатрија и психотерапија), исто така од теолошки аспект.

Иако изгледаат како три независни и неповрзани подрачја на неговата теолошка размисла, тие се, напротив, најтесно поврзани, и водат едно кон друго. Така е и во оваа книга, и тоа ќе го покажеме на најкус можен начин во ова предисловие.

Најпрвин, и во оваа книга, Владиката нѐ повикува сите (и нас, мирјаните), а не само монасите, да ги поминеме трите степени од нашиот духовен развој – чистењето на срцето од страстите, просветлувањето на умот и обожението на личноста. Тој нѐ потсетува (по којзнае кој пат) дека на првиот степен од духовниот развој мораме да се откажеме од себе, и дека тоа подразбира одрекување од нашето самољубие, од нашето болно *јас*, кое се поистоветува со три страсти: сластољубие, среброљубие и славољубие. Одрекувањето од „болното себе" е предуслов за исцелителна заедница со Бог. Ова одрекување се случува од моментот кога ќе ги исповедаме своите гревови и ќе почнеме да живееме под раководство на духовен отец.

Земањето, односно „носењето на крстот", според Владиката, е поврзано со вториот степен од духовниот развој – просветленоста, и дарот на умно-

-срдечната молитва. Третиот степен на духовниот живот – обожението, се случува кога човекот е „ослободен од страстите и од дејството на демонот, и ги љуби благодатно сите, без исклучок, автентично сведочејќи Го Богочовекот Христос“.

Што се случува ако не се тргне по патот на исцелување на болниот ум и на духовен раст? Се случува – останување во ропство на една *демонизирана* култура на страсти, поттикнувана од либерализмот и потрошувачкото општество. Современиот начин на живеење е идеална подлога за пропаст на човекот, кој чувствува само духовна и душевна празнотија, зашто животот се претвора во магичен круг на задоволување на страстите; притоа, по секое задоволување на страстите, се јавува уште поголема глад за задоволената страст, што конечно завршува со – зависност, односно трајна поробеност од демонот.

*Расејувањето на умот преку сетилата, грижата за овоземните работи и иднината, фантазиите, демонските предлози во вид на помисли и параноjата – според Светите отци, ова е вистинскиот блуд на нашата душа и основа за секој понатамошен блуд. И нормално, секој што живее блудно го потрошува својот „дел од имотот“, т.е. ја губи божествената благодат и останува сиромашен и гладен, надвор од заедницата со Бог.*

Но, не само потрошувачкото општество, коешто овозможува инстантно задоволување на сите страсти (зашто денес сѐ ни е достапно со еден „клик“ на тастатурата од компјутерот, од знаење до секс или опијати), туку и политичкиот живот,

како и другите форми на овоземно општочовечко организирање се идеална подлога за пропаста на душата и телото на човекот, затоа што настанува феноменот на *поистоветување* на човекот со тие форми на општочовечко здружување, наместо *пастирски пристап* кон нив:

*Никој од свештенството не смее да биде член на политичка партија, ниту јавно да застапува партиски ставови, инаку поддржува поделби. Учеството на другите христијани во партиите не смее да биде учество како поистоветување, туку треба да биде учество како пастирски пристап, или дејствување.* (...) *Поистоветување со партијата се случува кога христијаните слепо ги прифаќаат партиските вредности, одлуките на партиските раководства и партиските активности без притоа да ги проверат со Новиот (!) Завет на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос. Пастирски однос кон партијата имаат оние христијани кои своите христијански вредности ги сведочат и се обидуваат да ги пренесат во партијата, без да се заразат од чисто партиските интереси.*

Тоа, фактички значи, на мирјански и етички јазик преведено – пастири се оние кои дошле во партијата да дадат, а не да земат. Владиката покажува дека кај оние кои дошле да земат, таквиот *наемнички* однос кон партијатата сведочи, всушност, и за *наемнички* однос кон Бога, а и двете значат – губење на Божјата благодат што ни е дадена како можност (зрно) за развивање уште со Светата Тајна Крштение.

*Истото ова важи и кога се во прашање др-*

*жавата или нацијата (народот). Секој христијанин што ќе се поистовети со нација или држава – се губи и себеси, и тоа со коешто се поистоветил, додека пак, секој христијанин кој негува пастирски однос кон нацијата и државата ќе го сочува својот христијански идентитет и ќе помогне во просперитетот и на нацијата и на државата.*

*Со други зборови, антиномично, но христијанскиот идентитет е чувар на личниот и националниот идентитет, а не обратно!*

На оваа точка, односно на оваа теза дека христијанскиот идентитет е чувар на националниот и личниот идентитет, а не обратно, оваа книга на Владиката станува актуелна и за сегашниот македонски политички миг. Сведоци сме на засилен бран на национализам, кој поради притисоците за промена на името се претвори и во страв од бришење на националниот идентитет. Во таа смисла, беседите на Владиката утешуваат и тврдат дека националниот идентитет се засилува само ако се јакне христијанскиот. Таа теза е децидна, и Владиката не сака многу да ја објаснува; посегнува, како и секогаш по една парабола од Светото Писмо, онаа за тоа дека треба да се биде мудар како змија и незлоблив како гулаб:

*Не знам дали сте го имале тоа искуство, но ако сретнете змија и ако ја закачнете со стап, таа веднаш целото свое тело го изложува на удар, криејќи ја својата глава под него. Повредите на телото можат да се исцелат, ама ударот во глава инстинктивно го избегнува, зашто може да биде кобен за неа.*

Така и Светите отци на Црквата нè советуваат: ако се најдете во опасност, изложете сè на удар освен својата вера; затоа што сè што ќе изгубите можете да повратите, но ако ја изгубите својата вера, конечно сè ќе изгубите. Со други зборови, ако ја сочуваме нашата Православна вера, и она што ни значи – вистински ќе го зачуваме.

Според тоа, националниот идентитет за Митрополитот е во заден план, затоа што Црквата е една, соборна и апостолска, и не подразбира етнички критериуми. Овие негови (и на Светите отци) ставови, поставени во контекст на современите филозофии на националниот идентитет, од перото на еден Бенедикт Андерсон или Антони Смит, изгледаат посебно атрактивни, зашто се компатибилни со тезите за тоа дека националниот идентитет не е нешто природно дадено, туку е резултат на конструкција. Според Антони Смит, на пример, „националниот идентитет се реализира (и конструира) преку пет карактеристики: 1. историска територија, односно татковина; 2. заеднички митови и историски сеќавања; 3. заедничка масовна, јавна култура; 4. заеднички законски права и должности на сите припадници на нацијата; 5. заедничко стопанство, со територијална мобилност на припадниците на нацијата“[3].

Сосема е јасно, од оваа дефиниција, дека религискиот идентитет воопшто не фигурира како составка или „одредница“ на националниот идентитет. Тоа впрочем, е точно не само на ниво на

[3] Antoni D. Smit, *Nacionalni identitet*, Beograd, 1998, стр. 30.

теорија, туку и на пракса: постојат народи кај кои постојат две или три религии. Кога „христијанскиот идентитет“ би можел воопшто да се смести во она „заеднички митови и историски сеќавања“, тогаш тој навистина би бил потесен поим од националниот идентитет. Но, очигледно е дека не е така, зашто религиските системи не се исто што и митови, а уште помалку „историски сеќавања“; христијанскиот идентитет очигледно е суперординиран поим по однос на националниот, така што како христијани или православни се јавуваат повеќе народи и од тука произлегува космополитската димензија на оваа теза на Владиката.

Оваа интересна позиција на Владиката може и да ги збуни недоволно упатените во суштината на Православието и Црквата, кои барем на овие балкански простори, и барем меѓу некои Словени, очекуваат Црквата да биде последниот бастион на национализмот (и на националната држава). Имено, сведоци сме дека СПЦ веќе подолго време (со чесни исклучоци) настапува токму од *националистички* позиции, а нашиот Владика, ете, тврди дека националниот идентитет (а посебно национализмот и неговиот „брат“ шовинизмот) и Црквата (Една и Апостолска) не одат некако заедно. Во една своја емотивно повишена, дури и ексламативно антинационалистичка беседа, тој на замислените острастени националисти им вели:

*Нели веруваме во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква? Во Една, така?*

*Нели веруваме во едно Крштение за простување на гревовите?*

*Нели се одрековме од сатаната и од сите негови мисли, чувства, зборови и дела?*

*Нели сме Тело Христово?*

*Нели нема веќе ни Јудејци, ни Елини... зашто сите вие сте едно во Христос Исус?*[4]

*Нели сите сме еден Божји народ? Нели сме Нов Израел?*

Тезата на Владиката Наум дека национализмот и Црквата немаат ништо заедничко е неодбранлива и без да се повикуваат на помош авторитети од типот на Бенедикт Андерсон или Антони Смит. Уште Аристотел мошне сигурно го утврди темелниот закон на секој идентитет: не може истовремено едно исто нешто да биде и А и не-А. Или, наједноставно кажано: не може во исто време едно животно да биде и коњ и не-коњ. Преведено на јазикот на темата за која говориме: не може во едно исто време христијанинот да биде и христијанин и националист (не-христијанин), зашто христијанинот го исклучува не-христијанинот (националистот) според критериумот љубов кон ближниот, па дури и кон непријателот:

*Дали ги љубиш непријателите свои? Не ги љубиш! Ги мразиш.*

*Дали се молиш за оние што те навредуваат и гонат? Сигурно не! Им посакуваш сè најлошо.*

*Дали на злото враќаш со зло? Враќаш – и тоа несразмерно!*

Според тоа, втората вертикала на теолошката мисла на Владиката, посветена на општеството,

[4] Види: Гал. 3, 28.

воопшто не е за потценување: таа е актуелна, ангажирана, современа и остра, критичка теолошка мисла посветена на општеството. Тезата на Владиката е дека ако острастен човек влезе во општеството, без претходно да се посвети барем на првиот степен на духовен развој (очистување на срцето од страстите), ќе се добијат само острастени, лажни христијани, еден вид социопати, кои ако се доберат до власт, нема да имаат милост, а камоли љубов за ближните. Всушност, Владиката мошне јасно го лоцира општеството како простор на средба на „деца на Светлината“ и „деца на темнината“, и со тоа на наједноставен начин го решава проблемот – како да се остане христијанин во општеството, во политиката, во националистичките политички кодови, во партиските стеги? Еве како: само со чување на христијанскиот идентитет, со останување на патот Христов (кој е тесен и мачен) и со умно-срдечната молитва како идеал на патот на духовниот раст:

*Немаме многу избор: или умот ќе ни биде расеан преку страстите по светот и затемнет, а ние ќе бидеме деца на темнината; или ќе ни биде собран преку молитвата во Бог и просветлен, а ние ќе бидеме деца на Светлината, односно синови Божји.*

Децата на Светлината често и не се сфатени од децата на темнината во овој свет. Децата на Светлината дури им изгледаат и страшни и опасни на децата на темнината од овој свет, посебно ако вторите заземаат некои позиции на човечка власт и слава – или мислат дека ги имаат.

Жесток е Владиката во својот духовнички по-

глед кон општеството кое отпаднало од Бога и се претворило во збир лозари кои не знаат ништо за лозјето или во збирштина фарисеи кои судат секому, а себеси не. Не е тешко зад лозарите, книжниците и фарисеите да се види цела една галерија суетни политичари, академци, јавни личности или новинари гладни за слава. Иако се користи со познати алегории и параболи од христијанската книжевност и Писмото, критиката е безмилосна:

*Какви се тие лозари*[5]*, да се запраша секој нормален човек, кои ем немаат сопственост над лозјето, ем посакуваат да го присвојат лозјето, ем се подготвени и Синот на Господарот на лозјето да Го убијат поради таа цел? Тоа се безбожници и криминалци од најлош вид.*

Зошто се такви? Затоа што се заробени, преку демоните, од страстите за човечка слава и власт (славољубие и властољубие), од страста за пари и имот (среброљубие), и од страста за болно задоволување на телесните потреби.

„На Мојсеевото седиште седнаа книжниците и фарисеите. (...) Тие говорат, а не извршуваат; врзуваат бремиња тешки и мачни за носење, и ги ставаат врз плеќите на луѓето, а самите не сакаат ни со прст да ги помрднат; и сите свои дела ги прават за да ги видат луѓето; (...) сакаат прво место на гозбите и предни места во синагогите, и поздрави по улиците, и да им велат луѓето: 'учителе, учителе!'" (Матеј 23, 2–7).

Но, Владиката, како и во претходните свои

[5] Види: Матеј 21, 33–42.

книги, се држи и до третата, *не помалку важна*, своја омилена тематска вертикала: душевното здравје на личноста, што воопшто не е издвоено од прашањето дали се следи Христовиот пат или не. Тој, на некој начин, стои на становиштето на кое стоеше и Достоевски – човек на овој свет има само две можности: или да поверува во Христа и да се спаси, или да – полуди. Оттука, интересот на Владиката за *христијанската психотерапија*, од книга во книга расте и се суптилизира, со сè нови и нови паралели меѓу традиционалните методи на лекување на Светите отци (кои траат повеќе од 2000 години) и современите психијатриски и психотерапевтски школи и искуства, како што е логотерапијата на Виктор Франкл, на кого Владиката му посветува еден мошне опсежен и убав есеј. Болестите, и телесните и менталните, доаѓаат исклучиво од отпаднатоста од Бога, односно од состојба на долготрајна богозапуштеност и предаденост на страстите:

*Како што постои природен начин на живот, кој според учителите на христијанството е поделен на три нивоа од духовниот развој, така постои и противприроден начин на живот што се одвива во три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседнатост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба за гревот*

*(во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).*

*Противприродниот начин на живот на една индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно јазикот на модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози.*

И на оваа точка, книгата на Митрополитот Наум станува исклучително актуелна, интересна, дури и бестселерски привлечна и за обичниот мирјанин. За него, *невротичен човек е човек што не може да си ги исконтролира своите мисли и чувства, честопати и своите зборови, а понекогаш и своите дела. Затоа, невротичниот, а особено психопатот, не можат да сфатат што просветлениот човек се обидува да им објасни. Тие секогаш ја бараат човечката правда – наместо Божјата, и никогаш не ја гледаат големата слика. А, сè се состои во тоа – на злото да се врати со љубов. (...) Оттука, јасно е зошто толку збунети и невротични луѓе гледаме околу нас. Нивни главни карактеристики се еуфоричноста, агресивноста и очајанието (депресијата).*

Владиката, согласно христијанските учења, говори за индивидуи и личности; вторите се оние што се упатиле кон Христа преку својот мирјански или монашки подвиг, а првите останале заробеници на страстите и оттука, потенцијални посетители на психотерапевтите. Личности се оние кои изградиле личносен однос со Бога; другите се *христијански невротици*, кажано со речникот на оваа

доста строга поделба.

Централниот поим на лекувањето на неврозата на современиот свет е – самообвинувањето (покајанието, теолошки кажано), а негова спротивност – самооправдувањето. Владиката има најлошо мислење за луѓето кои се самооправдуваат (како и впрочем Светогорските отци, кои кај своите ученици прво го искорнуваат овој најотровен плевел):

*Самооправдувањето го обесмислува целиот христијански психотерапевтски метод* (...) *Доколку го осудиш другиот, го оневозможуваш целиот психотерапевтски процес: не можеш ништо да прифатиш како дар Божји, не можеш да Му заблагодариш на Бог за сѐ, не можеш а да не покажеш дека си во искушение, и не можеш да го искористиш искушението како подлога за молитвено всебевраќање и преобразување.*

Еве ги само контурите на тоа учење за христијанската психотерапија:

*Во срцето, како духовен центар на човековата душа, има три сили: една словесна – умот (разумот), и две бесловесни – волјата и желбата. Волевата сила уште се нарекува и раздразнителна. Овие три сили пред своето очистување боледуваат од три страсти – по една за секоја од нив посебно: умот боледува од славољубие, волјата од среброљубие и желбата од сластољубие.* (...) *Преку аскетскиот христијански подвиг, трите страсти на душата треба да се преобразат во добродетели, и тоа: од славољубие во боголубие и човекољубие, од среброљубие во милост кон сиромашните и страдалните, и од сластољубие во воздржание (само-*

*контрола) со цел да им помогнеме на ближните, а не да ги користиме како предмети. Во тоа се состои и исцелувањето на душата.*

Така, Владиката Наум со години веќе кај нас (а во православниот свет тоа е одамна тренд) ја промовира тезата дека за психотерапевтско исцеление треба да се побара помош и од свештеникот (духовниот отец), а не само од психотерапевтот. Се разбира, Митрополитот не ја негира науката, но со право се прашува – дури и да не постои Бог за денешните психотерапевти, зарем не би можела да постои наука која би се занимавала со молитвата како начин на исцеление (познатата теза дека лекарот лекува, но само Бог исцелува). *Можеби, за науката Бог не постои, но затоа верата и молитвата како појави постојат и тоа е доволна причина за секоја нормална наука да ги испитува нивните ефекти и последици*, вели тој.

Изучувајќи го делото на религиозниот психотерапевт Виктор Франкл, Владиката констатира дека денес, нашите неврози, во најголем дел, се должат на тоа што сме престанале да веруваме во *смислата*. А човекот, не само во теологијата, туку и во профаната филозофија се дефинира многу често како единствено суштество *што копнее по смисла* (ја бара дури и во аморфните форми на облаците, препознавајќи фигури). Во својот инструктивен есеј за Франкл, го цитира авторот кој е предмет на неговиот интерес: *Денес, на младиот човек инстинктот повеќе не му кажува што мора да прави, ниту пак, традицијата му кажува што треба да прави, па наскоро тој повеќе нема ни да*

*знае што сака да прави; но од тој момент човекот ќе посакува да го прави или она што другите го прават или ќе го прави она што ќе му наредат да прави.* А тоа е идеална дефиниција за денешната демонизираност на светот, и за масовното идеолошко, капиларно управување со толпите како со живо човечко месо, во тесни, геополитички цели. Тој, од Бога отпаднат, демонизиран свет, кој нè разболува, според Франкл е посебно лоциран во западноевропската култура (многумина духовници и световни филозофи, меѓу кои и еден свети Николај Велимировиќ, Ерих Фром или Освалд Шпенглер, а во последно време и Ноам Чомски говорат за Западот како за залез на верата и светото):

*Виктор Франкл смета дека ноогените неврози се специфични за нашето динамично време; време на многу промени и транзиции на секое ниво од човековото постоење; време и настани на кои човекот не може толку брзо и лесно да се прилагоди и да ги следи, и кое е посебно карактеристично за западноевропската култура. Би додале дека тоа и такво време денес ја опфати и источноевропската култура (и безмалку целиот свет) поради новиот модел на живот што секојдневно му се наметнува на современиот човек под општ поим „либерализам“, чија главна карактеристика, всушност, е слободно задоволување на сите страсти (славољубие, среброљубие и сластољубие), без оглед на персоналните (личните) последици и последиците по другиот или севкупната заедница.*

Најмалку овде се кажа за првата тематска вертикала на оваа книга беседи на Митрополитот Наум – неговите поуки за неговите монаси, за кои првенствено и се наменети. Но, за едно вакво предисловие, кое треба да ја препорача книгата за поширок круг на читатели – тоа и нема смисла. Кој сака – нека чита. Ќе прочита и ќе дознае она што треба, меѓу многу други нешта, да го знаат и духовните чеда на Владиката Наум: како се случува молитвеното „селење“ на умот во срцето, каде е и неговата суштина; како верата поминува во знаење; која молитва на кој степен на духовен раст е воопшто можна; зошто демоните некого напаѓаат однатре, а некого преку други луѓе; како да се молиме и што е умно-срдечна молитва; што е вистинско, а што лажно покајание; каква е разликата меѓу аскетскиот и благодатниот подвиг; зошто вистински духовно се расте кога благодатта Божја е невидлива и скриена; како да се молиме за непријателите; кои се петте постапки со кои му се спротивставуваме на секое искушение; што е карактеристика на Македонската исихастичка школа; како воопшто да ја читаме и толкуваме Библијата... и уште многу други нешта.

За нас, обичните мирјани, најважно е што и од оваа книга извлекуваме една единствена, но вредна поука: може да има *добар*, но нема *вистински* политичар, нема *вистински* писател, нема *вистински* хирург, нема *вистински* спортист, нема *вистински* свештеник, нема *вистински* ѕидар или

метлар – ако прво нема *вистински човек*. *Добриот знае*, но *вистинскиот* и *знае* и *верува*. Вистински човек значи само едно: човек освестен во Христа. Човек со христијански идентитет, изграден во личносен (не наемнички или ропски) однос со Богочовекот и преку него, со Триединиот Бог.

проф. д-р Венко Андоновски

# Християнски идентитет

## ПОТСЕТНИК

Секоја година, околу Божикните празници, на површина излегуваат одредени недоумици во врска со нивното правилно чествување. За да нема многу забуни околу оваа проблематика, еве еден ориентир според кој и најнеинформираните верници можат да се управуваат. Ориентирот е причестувањето со Светите Тајни на Телото и Крвта Христови во Светата Литургија на Црквата. Секој празник во Црквата има една и единствена цел – причестување со Светите Тајни Христови. Без остварување на оваа цел може да стане збор за сѐ, само не и за верско и побожно славење на Бог. Нема причест – нема живо христијанство!

На пример: имаме недоумица во однос на подготовката на т.н. бадникова семејна вечера. Сега, ако знаеме дека главната цел при дочекот на Рождеството Христово ни е причестувањето со Светите Тајни Христови, тогаш од трпезата веднаш отпаѓа рибата и сѐ што е подготвено на масло (зејтин), освен ако празникот се падне во сабота или недела, кога задолжително се пости на масло. За други мрсни работи и да не спомнувам – секој знае дека пред Причест се пости. Така, ако гла-

вен ориентир при секој дочек на некој црковен празник ни е причестувањето со Телото и Крвта Христови, тогаш нема да згрешиме при решавањето на вакви недоумици. Ви говорам за основни работи; инаку, бадниковата вечера му е потполно туѓа на црковниот живот – ќе ви објаснам дополнително, но сега само едно ќе ви кажам: извадете го лепчето со паричката од бадниковата вечера, како магиски и суеверен чин – што во суштина и е, и ќе се изгуби и смислата и погрешната традиција на бадниковата вечера.

Друго прашање е, на пример, дали одредени обичаи при црковните празнувања се пагански остатоци или се туѓи, или се и едното и другото. На пример, собирањето и делењето бадникови гранчиња е само српски народно-црковен обичај, и на ниту една друга помесна Православна Црква или народ; исто како и кршењето на лебот со паричката на бадниковата вечера (леб со паричка се крши на Свети Василиј или т.н. Стара Нова Година), како и со славата и славскиот колач (наместо тоа, правилно е имenден и петолебие). Практикувањето туѓи црковни обичаи е пастирско и идентитетско прашање, така што секој сам нека избере што е по националност, како и кому му служи. Мене тоа ама воопшто не ми пречи – кој што ќе избере, но должен сум да кажам, поради тоа што ние и од СПЦ бараме признавање на нашата автокефалност: со практикувањето на исклучиво нивни црковно-народни обичаи, ние – од световни причини, во голема мера ја губиме основата за тоа барање. Што мислите, како на ова гледаат другите православни

народи и Цркви, и како тоа некој им го претставува?

Ние, како МПЦ – ОА, должни сме само во местата каде што живеат нашите браќа Срби да им обезбедиме, ако сакаат, празнување според нивните народно-црковни обичаи и јазик. Се надевам дека еден ден, според Христовото Евангелие, сите ќе сфатиме дека национални поделби не постојат и не се потребни во Црквата, а потребен ни е само пастирскиот пристап – да му се обезбеди секому да Го прославува Бог на својот мајчин јазик. Црквата е Една.

Толкувањето дека Божик е празник на семејството, како и таквото празнување, исто така, е туѓо и неправославно учење. Каква врска има непорочното и бессемено зачнување, и безболното и девствено раѓање со заснованието на овоземното човечко семејство? Ама баш никаква! Значи, имаме туѓо учење – неправославно, кое се надополнува со неправославна иконографија: каде што Јосиф и Марија стојат, заедно, наведнати пред колевката на Исус – што асоцира на семејство, за разлика од православната иконографија каде Пресвета Богородица и Секогашдева Марија заедно со Богомладенецот Христос го заземаат централниот простор на иконата, а праведниот Јосиф, ако некој не знае, не ни може да го забележи на иконата – насликан негде настрана. Ако на ова го додадеме и нарочното организирање на семејна вечера токму на Бадник – од триста шеесет и пет вечери во годината, заедно со нарушувањето на определениот црковен пост, а со тоа и неможноста за Причест –

се комплетира целата слика колку сето тоа е погрешно. Христовото Рождество не е некаков празник на семејството, туку нормално, по црква го празнуваме и во семејството.

Она што сигурно е грев – етички и еколошки, и што треба веднаш да го промениме, е оставањето на многу семејства во Р. Македонија без огрев и храна преку зима, а сме можеле да им помогнеме. Наместо да палиме ритуални огнови и да ја дозагадуваме околината, и наместо да го нарушуваме постот со мрсни јадења и световни музики и песни, подобро е да им помогнеме на сиромашните со огрев и храна, и ќе видиме каква радост тоа дело на милосрдие ќе ни донесе и каков благослов Божји во животот.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, просветли нè и помилуј нè!

# ОБРЕЗАНИЕ, ПО СРЦЕ И УШИ

За полесно да го сфатиме настанот на обрезанието на Богочовекот Христос, најнапред треба да се потсетиме на две работи. Прво, на зборовите Христови: *Немојте да мислите дека сум дошол да го поништам Законот или Пророците; не сум дошол да ги поништам, туку да ги исполнам. Зашто, вистина ви велам, дури постојат небото и земјата ниту една јота или црта од Законот нема да се измени, додека не се исполни сѐ* (Матеј 5, 17–18). И второ, сѐ што Богочовекот во Божјиот Домострој направи, за нас и наше спасение го направи, а не за Самиот Себе.

Читајќи го денешното евангелско четиво[1], се потсетив на молитвата што ја изговараме на крајот од Божествената Литургија, пред светиот Путир на жртвеникот: „Христе, Боже наш, Ти Самиот си исполнување на Законот и Пророците; Ти си го исполнил целиот спасителен Домострој на Отецот, исполни ги со радост и веселие нашите срца, постојано, сега и секогаш, и во вечни векови. Амин“.

Ако внимателно ја погледнеме оваа молитва,

[1] Види: Лука 2, 20–21; 40–52.

во неа ќе ги препознаеме историските периоди на Стариот и Новиот Завет, како и бесконечниот период на Царството Небесно, кој *веќе е и уште не е*. Со јазикот на православната теологија овие периоди уште се наречени: 'Сенка', 'Икона' и 'Вистина'. Што се однесува до нашиот личен (и соборен) духовен живот, овие периоди одговараат на трите нивоа од духовниот развој: *чистење на срцето од страстите*, *просветлување на умот* и *обожение* на целата личност – и душа и тело. Токму поради поврзаноста со овие три нивоа, би сакал да позборуваме за денешното евангелско четиво.

Ако сакаме да видиме на кое ниво од духовниот развој се наоѓаме, поточно, дали сме на ниво на очистување или просветлување – односно дали живееме согласно Стариот или Новиот Завет, треба само да провериме чии критериуми исполнуваме. Секако, тука има и многу нијанси во однесувањето, односно дали воопшто се подвизуваме или не, и каква е нашата прва реакција по претрпената повреда на нашата суета и високото мислење за самите себе. Еве што вели Стариот Завет: *На оној што ќе му нанесе повреда на ближен, да му се направи и нему она што го направил тој: прелом за прелом, око за око, заб за заб; како што му нанел повреда на човек, така и нему да му се направи. И кој удри човек и умре, да биде умртвен* (3 Мој. 24, 19–21). А, еве што вели Новиот: *Јас, пак, ви велам: да не се противите на злото. Ако некој те удри по десниот образ, заврти му го и другиот* (Матеј 5, 39). *Сте слушале дека е кажано – „љуби го својот ближен и мрази го непријателот". А Јас, пак, ви велам: „љубете*

*ги непријателите свои, благословувајте ги оние што ве колнат, правете им добро на оние што ве мразат и молете се за оние што ве навредуваат и гонат“* (Матеј 5, 43–44). Мислам дека со малку искреност и самокритичност лесно ќе дојдеме до одговорот.

Секако, постојат и уште појасни критериуми за тоа на кое духовно ниво се наоѓаме, кои вие ги знаете, а тоа е дека на првиот степен од духовниот развој молитвата може да биде само усна и умна, како што на вториот степен молитвата може да биде и аскетска умно-срдечна; на третиот степен молитвата може да биде само непрестајна (благодатна) умно-срдечна. Внатрешно, вистинско обрезание има оној што во Црквата го добил од Богородица барем дарот на аскетската умно-срдечна молитва и просветлувањето на умот.

За оној што не сака – а не дека не може – да биде самокритичен, важат зборовите на светиот првомаченик Стефан: *Тврдоглави и необрезани по срцето и ушите! Вие секогаш Му се противевте на Светиот Дух – како татковците ваши, така и вие* (Дела 7, 51). Дообјаснети од светиот апостол Павле, овие зборови значат: *не е оној Јудеец, кој е таков по надворешност, ниту по обрезанието, кое е надворешно, врз плотта, туку оној кој е внатрешно таков, и она обрезание што е во срцето, по Дух, а не по буква: него ќе го пофалуваат не луѓето, туку Бог* (Рим. 2, 28–29).

# ЗАКХЕЈ

Еве еден вечно жив и актуелен евангелски пример како човек, иако имајќи само почетна и несовршена вера, од преголема желба и копнеж да Го види Господ или да провери дали е Он, може да се откаже од својата човечка слава, знаејќи дека со својата постапка ќе изгледа смешен, или дури и споулавен, во очите на целата јавност[1]. Колкумина од нас се навистина подготвени да се откажат од своето славољубие, од својата лажна слава, и колкумина од нас се подготвени да изгледаат бедно и да служат за потсмев заради Господ, и заради можната средба со Него; макар и оддалеку, не знаејќи или само надевајќи се дека потоа ќе треба и во својот дом да Го примат? Тоа е она salto mortale на „стариот човек“, кое малкумина се подготвени да го направат, со надеж дека, сепак, на крајот раката Господова нежно ќе ги прифати. Началникот на митарите, богатиот Закхеј, токму на тоа се надевал и токму така се чувствувал трчајќи напред и качувајќи се на смоквата. Но, тоа секако нема да остане незабележано и невозвратено од Оној Кој сè гледа и Кој ги познава срцата на сите –

[1] Види: Лука 19, 1–10.

Богочовекот Христос:

*Исус, пак, кога дојде на тоа место, погледна нагоре, го виде и му рече: „Закхеј, слези побргу, зашто денес треба да бидам во твојот дом“.* Господ му се обраќа на Закхеј по име и го открива неговиот копнеж исто како и на Натанаил, кому му рече дека го виде уште додека беше под смоквата. И, исто како и Натанаил – кој веднаш сфати дека е истиот Оној кон Кого беа тогаш упатени неговите молитви со овој Исус, Кој сега пред него стои – така и Закхеј, сега, качен на смоквата, сфаќа дека неговото срце, односно неговите име и личност со сите тајни мисли и желби, како и копнежот да Го прими во својот дом, се откриени пред овој Исус, Кој навистина, како што и претходно беше слушал, не може да биде никој друг, освен Самиот Господ, Кој сè знае; никој друг, освен Помазаникот Божји, освен Синот на Благословениот.

*И тој веднаш слезе* – знаејќи веќе преку својата засилена и оправдана вера многу добро и Кој го повикува и Кого треба да прими во својот дом – *и Го прими со радост.* И се радуваше многу поради тоа, како што човек може да се радува на првата благодат.

*И сите* [кои високо мислат за себе и кои од завист судат и осудуваат], *кога го видоа тоа, негодуваа и рекоа: „Отиде во куќата на грешен човек“.*

Но Закхеј, со своето вистинско, делотворно покајание, го оправда присуството на Богочовекот Христос во својот дом – *А Закхеј застана и Му рече на Господ: „Господи, еве половината од својот имот ќе го дадам на сиромаси; и, ако сум зел од некого*

*нешто несправедливо, четворно ќе го вратам“.* Во тој миг Закхеј доволно се ослободува и од страста среброљубие и постапува како оној на кого Господ му вели: *Ако сакаш да бидеш совршен, оди продај го имотот свој и раздели го на сиромаси, и ќе имаш сокровиште на небото; па дојди и врви по Мене* (Матеј 19, 21). И навистина, токму тоа и се случува – Закхеј го раздава речиси (ако не и) целиот свој имот и го добива сокровиштето на небото. Ослободувајќи се во доволна мера од страста славољубие и во доволна мера од страста среброљубие, човекот, вообичаено, во доволна мера се ослободува и од страста сластољубие: *Но, давајте милостина според своите сили, тогаш сѐ во вас ќе биде чисто* (Лука 11, 41). Ова е опис на состојбата на срце доволно очистено од страстите.

Спасението е секогаш поврзано со отворањето на срцето, со актуализацијата на благодатта на Крштението и со просветлувањето на умот – би рекол и со умно-срдечната молитва – макар и во последните моменти од нашиот живот. Така јас ги разбирам Господовите, односно Исусовите зборови со коишто Тој ги оправда постапките на Закхеј и ја потврди неговата нова духовна состојба – просветлување: *Денес дојде спасението на овој дом, зашто и тој е син Авраамов* [поинаку речено, зашто и тој е од оние што го наследуваат Царството Небесно], *оти Синот Човечки дојде да го побара и спаси загубеното.*

Еве и уште една потврда за понатамошниот правилен подвиг и духовен развој на Закхеј од неговото житие: „Светиот апостол Закхеј најпрво беше

цариник и грешник, но кога Господ го виде качен на дрво во Ерихон заради Него, влезе во неговиот дом, а ова го приведе Закхеј кон покајание. Подоцна тој го придружуваше светиот апостол Петар, кој го постави за Епископ на Кесарија Палестинска, каде верно му послужи на Евангелието и мирно се упокои“[2].

[2] Епископ Николај, *Охридски ӣролоī*, Охрид, 2009, стр. 337.

# МИТАРОТ

Забележуваме неколку восогласени вида покајно однесување кај митарот: *стоеше оддалеку, ни очите да ги подигне, се удираше в гради и велеше: „Боже, биди милостив кон мене, грешниот!“*[1]

Што мислите, која од овие силни и заемно поврзани projави на покајание најмногу ја открива неговата духовна состојба? Аскетскиот плач по Бог, поинаку речено, големиот напор да се принуди себеси на плач, односно удирањето в гради. Тоа е истиот или сличен метод што Отците го користеле низ вековите. Тоа е истиот или сличен метод што го препорачува и свети Игнатиј Брјанчанинов во своите дела. И, тоа е истиот или сличен метод што и до ден-денес го користат и препорачуваат непосредните и посредните ученици на светиот Старец Јосиф Спилеот и многу други.

Некои велат дека ваквиот начин изгледа соблазнително. Ние би им одговориле, и со збор и со дело: ако Господ Христос не го оценил како соблазнителен и ако Он ни го препорачува, кои сме ние да умуваме вон и над Благата Вест? Севкупниот наш подвиг на степенот на чистење на ср-

[1] Види: Лука 18, 10–14.

цето од страстите, Отците го означиле и го опишале како аскетски – не чувствуваме, а континуирано се принудуваме; немаме отворена поддршка од благодатта, а живееме како да ја имаме!

*Ви велам дека тој си отиде дома повеќе оправдан, отколку оној; зашто секој што се возвишува ќе биде унижен, а кој се понизува ќе биде воздигнат.*

Секој што заради гордост и човечка слава се воздига самиот себе и следствено го осудува својот ближен, во истиот момент се унижува, предизвикувајќи отсуство на божествената благодат во себе. А секој што заради заедница со Бог се понизува и осудува самиот себе и следствено го оправдува својот ближен, ја привлекува Божјата несоздадена благодат и во истиот момент бива воздигнат од Бог.

Знајте го уште ова: сите оние на кои срцето не им е отворено за умно-срдечната молитва треба да знаат дека причината за тоа е осудувањето на ближниот, кое произлегува од нивното високо мислење за самите себе. Односно, произлегува од неправилниот подвиг или, со други зборови, произлегува директно од непослушанието и духовното самораководење.

Со усвојување на мислата „јас сум виновен за сè“ се отвора простор за молитвата на митарот: „Господи Исусе Христе, помилуј ме, грешниот!“ Се раѓа чувството на покајание и плач и, воопшто, текот на мислите е сосема спротивен (самоосудување) од оној што следи по мислата дека другиот е виновен (осудување). Кога во своето срце ја прифаќаме помислата дека другиот е виновен и се сог-

ласуваме со неа, покажуваме и дека ни е туѓ подвигот на аскетската љубов. Оној што го љубиме, макар и аскетски, никогаш не е виновен.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## БЛУДНИОТ СИН

Кај помладиот син ја забележуваме слободата и свесноста дека Му се обраќа на својот Отец Небесен и дека бара нешто што чувствува дека природно му припаѓа, но исто така, забележуваме дека тој, очигледно, не ја сфаќа и самата природа на „имотот“ чија поделба ја бара[1]. Тоа е полнотата на Божјата благодат, која сите ние ја примаме во нашите срца на денот на Светото Крштение; која ниту поради множеството на оние што ја примаат се зголемува, ниту од истата причина се намалува; која ниту се дели, ниту се умножува.

Бог и Отец на секого од нас, подеднакво, без збор и без услов, ни ја дава полнотата на Својата благодат. Од нас самите, од нашата слободна волја зависи како ќе се однесуваме кон таа благодат, како и кога, колку и дали ќе ја употребиме. Бог само внимава да не ја наруши нашата слобода, а со тоа и нашиот заемен однос: *Родител – дете*. Ние немаме ништо посвето од овој однос! Овој однос е единствената надеж на нашето спасение!

Демонот не нè навлекува на злото и гревот одеднаш, туку постепено, затоа што ако од почеток

[1] Види: Лука 15, 11–32.

ни ја открие неговата крајна цел, сигурно ќе нѐ преплаши и ќе нѐ одврати од гревот. Демонот прво го наговара помладиот син да побара и присвои „дел" од она што не се дели и што не се присвојува само за себе, а потоа, врз основа на утврдената и прифатена помисла дека „нешто има", го прелажува да се одлучи на самостоен и себедоволен живот. Зарем не ве потсетува сето тоа на оние што гледањето на првата светлина го злоупотребуваат, и кои помислувајќи си дека достигнале просветленост на умот, и дека нешто знаат и умеат, одлучуваат поради тоа духовно да се самораководат, а уште полошо, и други да раководат? Да, тоа е токму тоа! Деца, запаметете: просветленоста не е голо знаење што гордее, тоа е, пред сѐ, сила и власт на умот, на словото и на делата, значи, на севкупното присуство.

Зошто далечна земја, односно кое место може да биде толку далечно од Сегдеприсутниот? Тоа „место", пред сѐ, е неисполнувањето на Божјата волја, пројавено како непослушание кон духовниот отец и предвремено духовно самораководење, поради што Божјата благодат постепено се оддалечува од нас. Како што послушанието носи со себе смирение, собраност во молитвата и просветлување на умот, така и непослушноста или веќе пројавената гордост носи со себе расејување и затемнување на умот. Расејувањето на умот преку сетилата, грижата за овоземните работи и иднината, фантазиите, демонските предлози во вид на помисли и паранојата – според Светите отци, ова е вистинскиот блуд на нашата душа и основа за

секој понатамошен блуд. И нормално, секој што живее блудно го потрошува својот „дел од имотот“, т.е. ја губи божествената благодат и останува сиромашен и гладен, надвор од заедницата со Бог.

Но, човек кој чувствува духовен глад и празнотија, а по грешка мисли дека вистинската храна за него е задоволувањето на неговите страсти, всушност, станува пасач на свињи (страсти) и работен на демонот. Не знае дека задоволувањето на страстите отвора само нов и поголем апетит, и создава чувство на поголем глад. Таква е незаситната природа на страстите, потребата од нивно постојано и сѐ поголемо задоволување води кон смрт на човекот; прво на душата, а потоа и на телото.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## ПОСТАРИОТ СИН

*А постариот негов син беше в поле; и на враќање, кога се приближи до куќата, чу песни и извици. Па како повика еден од слугите го праша: „Што е ова?“ А тој му рече: „Брат ти си дојде, и татко ти го закла угоеното теле, оти го виде здрав“. Тој се налути и нејќеше да влезе* (Лука 15, 25–28).

Еве како реагираат оние што се од „Стариот Завет“; оние што мислат дека се на првиот степен – чистење на срцето од страстите, а што не внимаваат на своите страсти (на страста на умот, гордоста); оние што имаат високо мислење за самите себе; оние што неправилно се подвизуваат; оние што ја злоупотребуваат првата благодат, т.е. плодовите од гледањето на првата светлина; оние што другите ги осудуваат, а самите себе се оправдуваат; оние што мразат и завидуваат.

*Тогаш излезе татко му и го молеше* (Лука 15, 28).

Што гледаме? Непроменет и константен татковски однос и кон постариот син, поточно, кон сите Свои деца кои ги создал, без оглед на нивниот однос кон Него.

Еве ја најпрвин бедната слика на самооправдувањето: *А тој му одговори на татко си и му рече: „Еве, ти служам толку години и никогаш не*

*прекршив твоја заповед“* (Лука 15, 29). А еве ја и целата слика на демонската опседнатост откако ќе се доврши со осудувањето: *И мене не си ми дал ни едно јаре за да се провеселам со моите пријатели, а кога дојде овој твој син, кој го упропасти твојот имот со блудници, за него ти го закла угоеното теле* (Лука 15, 29–30).

Да, најпрвин Бог Го осудуваме во самите себе, пред да го осудиме конкретниот човек! Односно, за да го осудиме конкретниот човек, најпрво ги злоупотребуваме плодовите од гледањето на првата светлина (голото знаење). И, додека се самооправдуваме и сакаме да се прикажеме праведни – *никогаш не прекршив твоја заповед* – веќе исто толку грешиме и ги прекршуваме сите „исполнети“ заповеди дотогаш. Очигледно, постариот син само формално ги исполнувал Татковите заповеди, додека така одговарало на неговиот наемнички интерес и однос. Да ги исполнувал навистина сите Негови заповеди, сигурно би се восовршил духовно во личниот однос со својот Татко. Но, тука нема ни трага од личен однос. Ако забележувате, постариот син во ниту едно обраќање не го ословува својот родител со зборот „Татко“, како што и во ниту еден момент не го осудува својот помлад брат поради нарушување на односот *Татко – син*, туку поради упропастување на имотот.

*А тој му рече: „Синко, ти си секогаш со мене и сѐ мое е твое; но требаше да се зарадуваме и развеселиме, оти овој твој брат беше мртов и оживеа, изгубен беше и се најде“* (Лука 15, 31–32). Навистина, човек самиот себе, со своето однесување, се осу-

дува и се одделува од заедницата со Бог, грешејќи кон својот ближен. Наместо да се радуваме со својот ближен, ние му завидуваме и го мразиме поради неговите успеси. Да не зборувам и за обидите да му попречиме и да му наштетиме. И тоа му го правиме на нашиот ближен, со кого Богочовекот Христос се поистоветува. Како што читаме во Светото Евангелие: *Доколку не сте го направиле тоа на еден од овие* [Мои] *најмали браќа, и Мене не сте Ми го направиле!* (Матеј 25, 45). Заборавам дека на тој начин стануваме богоборци. А Бог, смирено и трпеливо, на сите ни вели: *Синко... сè Мое е твое...*

И уште нешто: Духовниот отец никогаш не смее да го остави своето духовно чедо без благослов, па макар и во случај кога тоа сака да си замине од него. Тој благослов може да биде даден и усно, и премолчено, и на дело. Тој благослов може да биде даден и со опомена и без опомена. Но, тој благослов мора да биде даден, ако духовниот отец е вистински татко. Со тој благослов, духовниот отец ќе сострадува со своето духовно чедо и ќе го покрива и штити со својата љубов и со молитвата, каде и да е тоа и колку и да греши. Со тој благослов никогаш нема да се прекине заемната врска, за духовното чедо да има, ако му затреба еден ден, каде да се врати... Значи, при непослушанието и предвременото заминување на духовното чедо од својот духовен отец, проблемот не се состои во убедување и одвраќање од намерата, туку во тоа да се овозможат услови за враќање.

## НА СТРАШНИОТ СУД

Деца, забележувате ли дека прашањата на кои ќе треба да одговориме на Страшниот суд воопшто не се однесуваат на верата и Црквата на кои припаѓаме, ниту на државата, нацијата и партијата, ниту на нашите лични гревови, туку на конкретните лични дела на милосрдие: дали кога Господ Христос беше гладен Му дадовме да јаде; дали кога Господ беше жеден Му дадовме да пие; дали кога Господ беше странец Го примивме; дали кога Господ беше необлечен Го облековме; дали кога Господ беше болен Го посетивме; дали кога Господ беше во затвор дојдовме при Него?[1]

Ова е минимумот што секој христијанин, кој живее во светот, треба да го исполни со надеж за спасение. Зошто велам минимум? Според Светите отци, од две причини. Прва – затоа што, на пример, Господ не бара од христијаните да ги исцелат болните или да ги ослободат заробените, туку да ги посетат и утешат. Што полесно од тоа? И втора – затоа што не го става Господ како критериум за спасение нечинењето на злото, туку чинењето на доброто. Што полесно и од ова?

[1] Види: Матеј 25, 31–46.

Од аскетско-исихастички аспект, местото каде што ние Го бараме Богочовекот Христос е нашето срце, заробено и извалкано од страстите. А, бидејќи нашиот ум не може да влезе во затвореното срце и да допре до Синот Човечки, Христос престојува таму осамен, гладен, жеден, странец, необлечен, во затвор... Затоа, за да допреме до Христос и да Му послужиме, најнапред треба да го очистиме своето срце од страстите, да го осознаеме местото на срцето, да го откриеме влезот на Царството Небесно внатре во себе, и со својот ум смирено да застанеме пред Царот на славата, Кој страда заради нас и наше спасение.

Интересно е и полезно да знаете што значат зборовите „Господи, кога Те видовме...“ на оние што Страшниот суд ги затекнува на секој од степените на духовниот развој, поодделно:

Оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на чистење на срцето од страстите, ги велат гореспоменатите зборови зашто и покрај подвигот да ги исполнат Христовите заповеди во пракса, живеејќи во грижите на светот, не Го видоа Господ во своето срце преку дарот на умно-срдечната молитва.

Оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на просветлување на умот, ги велат гореспоменатите зборови затоа што и покрај подвигот на умно-срдечната молитва и на љубовта кон непријателите, најчесто поради пастирски обврски во светот, не Го видоа Господ во своето срце и надвор околу себе преку дарот на гледање на несоздадената светлина.

Оние што Страшниот суд ги затекна на степенот на обожение, ги велат гореспоменатите зборови затоа што и покрај подвигот на непрестајната молитва и на плачот за целиот свет, поради злоупотребата на слободата од страна на оние што самите себе се ставија на левата страна, не Го видоа Господ и во нив. Господи, помилуј!

Што се случува со оние кои Страшниот суд ги затекнува во грев и пад? Тоа што Богочовекот Христос воопшто стапува во дијалог со нив, колку и да звучи тоа страшно (*одеше од Мене, ӣроклеши*), не е ништо друго освен давање на уште една можност за покајание. И наместо да признаат дека ја заслужиле казната и да побараат прошка и милост од Семилостивиот Христос, и да се спасат во последен момент, тие се самооправдуваат и Го обвинуваат Господ и на самиот Страшен суд: „Господи, кога Те видовме...“

Со еден збор, сите оние што во текот на целиот свој живот се самооправдуваа и ги обвинуваа другите, што друго знаат освен и пред Христос на Страшниот суд истото тоа да го повторат.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## ПРОСТУВАЊЕ

Да не должиме многу, работите се многу едноставни: оној што им простува на сите што му згрешиле, па дури и на своите најцрни непријатели, има Божја благодат во себе; а оној што нема да му прости и само на еден човек, па бил тоа и најцрниот непријател, има демон во себе. Простувањето е сведоштво за присуството на благодатта Божја, а непростувањето е сведоштво за заробеноста од демонот.

Речиси истото важи и за барањето прошка. Оние што се на вториот степен од духовниот развој, *просветлувањето на умот*, и да „сакаат“, не можат да не простат. Тоа би значело моментално затворање на срцето за умно-срдечната молитва. Оние што се наоѓаат на првиот степен, *чистењето на срцето од страстите*, водат борба со самите себе аскетски, на дело, да простуваат и да бараат прошка.

Ова е задача на сите оние што се подвизуваат во послушание, на степенот на чистење на своето срце од страстите. Нивниот подвиг е сè уште аскетски, затоа што со разумот и со верата сфаќаат дека треба да простуваат и се принудуваат себеси да простуваат, иако тоа во тој момент не го чув-

ствуваат. Исто така, аскетски бараат и прошка.

Ви зборувам за реално простување, а не за фантазија. Реално простување се случува кога се молиме за оној што нè повредил (или, што најчесто е така, поради високото мислење за самите себе мислиме дека нè повредил); кога не го озборуваме, судиме и осудуваме тој што нè повредил; и кога на дело му помагаме, му чиниме добро и на секој начин гледаме како да се простиме и смириме со оној што нè повредил.

Но, како простувањето и барањето прошка да ни стане освестен подвиг, а не само подвиг што го правиме со вера и послушност кон Евангелието? Станува освестен подвиг кога ќе осознаеме дека критериум на нашата вина се Богочовекот Христос и Божјата правда, а не човекот и човечката правда. Што значи тоа во пракса? Кога некој ќе нè повреди, ние во тој момент не размислуваме за оправданоста или неоправданоста на неговата постапка, туку нашето внимание е свртено кон тоа дали нашите мисли, зборови и дела во тој момент се согласни со Христовите или не!? Дали во мојот ум и срце се случува истото тоа што и во Христовиот ум и срце при таков случај? Дали постапувам исто како и Христос што постапува со оние што Го повредуваат? Секако, не! Секако, бескрајно сме далеку од тоа! Па, ете од каде произлегува нашата вина, па дури и вината на оние што се на степенот на обожение, а не од оправданоста или од неоправданоста на повредите што другите ни ги причинуваат... Па, ете каде се наоѓа и неисцрпниот извор на нашето покајание... Затоа никогаш,

ама во ниту еден единствен случај немаме оправдување кога не бараме прошка и кога не проступаме!

Дај Боже да го достигнеме и степенот на обожение и да дознаеме што значат и зборовите на светиот апостол Павле: *Јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене* (Гал. 2, 20) – Христос, Кој на Крстот го вели она, за нас уште непоимливо, но сигурно есхатолошко и сигурно спасително, дури и за оние што во последен момент ќе се покајат и ќе побараат прошка: *Оче, прости им, не знаат што прават...!* (Лука 23, 34).

Пресвета Богородице, спаси нè!

# НЕДЕЛА НА ПРАВОСЛАВНАТА ВЕРА

Денешново евангелско четиво[1] е уште едно историско сведоштво и конкретен пример на совршена молитвена заедница и однос помеѓу Бог и човекот; сведоштво за исполнета молитва. Кога Христос му вели на Натанаил: *Кога беше под смоквата, Јас те видов,* всушност, му открива Кој го слушал. Нормално, Христос веќе му открива на Натанаил и Кој му ја исполнува во целост и во живо таа молитва сега.

А Натанаил со својот одговор ни открива и ни сведочи дека во Богочовекот Христос Го препознава Оној Кому се молел и Кого единствено Го барал во молитвата – Синот Божји и Царот Израилев, очекуваниот Месија. А, кој друг би можел да знае што се случува во срцето и во умот на Натанаил ако не Самиот Бог?

Така, не знам на што попрво да се воодушевувам: дали на Натанаиловата молитва, во која Го бара само Него, или на нејзиното совршено исполнување – и како мистично доживување, и како лична средба во живо – од страна на Богочовекот

[1] Види: Јован 1, 43–50.

Христос? Или, пак, овие две работи не можат да се одделат, ни како случка, ни како инспирација...

Инаку, нашата молитва кон Господ може да личи – како на толпа луѓе што стојат оддалеку и му се обраќаат на царот, како да се наоѓаме меѓу десетина луѓе блиски до царот, и молитвата може да биде и како кога се зборува со царот лице в лице. Овие три молитвени состојби одговараат на трите степени од духовниот живот: *очистување на срцето од страстите, просветлување на умот* со дарот на умно-срдечната молитва и *обожение*. Генерално, сите наши проблеми поврзани со борбата против помислите, со борбата против страстите, па дури и проблемите со телесни болести и болки може веднаш или брзо да се надминат со молитва, со едноставно молитвено симнување на умот во срцето.

Рековме, молитвата може да биде и како кога се зборува со царот лице в лице. Таква е молитвата на совршените. Таква, лице в лице, била и молитвата на Натанаил. Потврда за тоа е и неговото апостолско достоинство, дарувано од Самиот Господ Христос. Неговото апостолско достоинство очигледно одговара на неговата внатрешна духовна состојба, каков што и бил обичајот за ракополагање и поставување на Апостолите и Епископите во првите три века. Потврда за неговата совршена молитва е и неговата совршена, т.е. маченичка смрт.

Согласно опитот на сите Светии, единствен темел на вистинскиот духовен живот е вистинската вера. Вистинската вера го соединува човекот со Бог. Учеството во вистинската вера во Црквата ис-

товремено значи и учество во вистинска благодат. Вистинската вера е критериум за вистински духовен живот. Но и вистинскиот, православен и подвижнички духовен живот во Црквата е единствен метод со кој се стигнува до спознание на вистинската вера, до богопознание.

Спознанието на вистината, на лично ниво, во строго православна смисла, не е интелектуално човечко достигнување, туку, пред сѐ, е Божји дар на просветленост на умот и обожение на личноста. Дар Божји, кој се добива по големиот подвиг на чистење на срцето од страстите, во Црквата. Затоа, многу е потребно, покрај подвигот за сочувување на вистинската вера, по секоја цена, да се сочува и вистинското аскетско-исихастичко Предание во Црквата, Преданието на умно-срдечната молитва. Да, *дојди и види!*, односно: верувај и дејствувај!

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## ИСЦЕЛЕНИЕ НА ФАТЕНИОТ

Еднаш веќе ви зборував дека и верата или верувањето многу зависи и се разликува од тоа на кој степен од духовниот развој се наоѓа човек. Она во што уште верува и кон што се стреми оној кој се наоѓа на степенот на чистење на срцето од страстите, веќе е знаење и опит за оној кој е на вториот степен, а не прашање на вера. Она во што уште верува и кон што се стреми оној кој се наоѓа на степенот на просветлување на умот, веќе е знаење и опит за оној кој е обожен, а не прашање на вера.

Но, за да премине верата во знаење и опит, потребни се голем подвиг (благодарност) и смирение. Таков подвиг и смирение гледаме и во напорот, пред сè, на фатениот да дојде до Христос Богочовекот[1]. Внесувањето преку покривот на куќата со надеж за исцеление, а наместо тоа јавно да ја слушне само причината за својата болест (гревот) и без помисла да го прифати сето тоа, зарем ова не покажува смирение и благодарност? Да, однесувањето на фатениот покажува дека тој ја освестил причината за својата болест, а тоа е гревот, како

[1] Види: Марко 2, 1–12.

што потврди и Христос, и со смирение и благодарност ја прифаќа Господовата одлука, сметајќи се себеси недостоен и за толку – да му ги прости „само“ гревовите.

Прифаќањето на Божјото слово за нас, прифаќањето на Божјата волја за нас и прифаќањето на Божјата промисла за нас, со смирение и благодарност, истовремено значи и наше отворање и наше прифаќање на Божјата благодат. Следствено, тоа значи и наше исцеление, и душевно и телесно. Второ нешто што истакнува денешното евангелско четиво е и гревот, и отпаѓањето од Бог како причина за нашите болести, и душевни и телесни.

Трето нешто што е истакнато во денешното евангелско четиво е и вистината дека Господ Бог е единствениот Кој има власт да ги простува гревовите. Вистинското покајание е неповторување на гревот. Дека гревот вистински е простен, исто така, се препознава од неповторувањето на гревот. Оној што има вистинско покајание ќе добие и вистинско простување на гревот од Самиот Господ, што значи и исцелување од последиците на гревот, и чистење на срцето од страстите, и негово отворање за умно-срдечната молитва. Вистинското простување на гревот и исцелувањето на неговите последици не е ништо друго туку возобновување на нашата заедница со Бог, во Богочовекот Исус Христос, во Црквата.

Токму овој момент, простувањето на гревот, е причина за помислите на книжниците. Тие знаат од Книгите на Законот дека единствено Бог има власт да простува гревови. Затоа, немаше можеби

и ништо да помислат ако Христос само го исцелеше фатениот, зашто тоа ќе беше само уште едно исцеление од многуте кои во тоа време Он ги правеше; но, објавата на простувањето ги соблазнува. Заради нивно обраќање и спасение, Христос постапува по редот по кој следуваат настаните: прво јавно простува, па потоа и јавно исцелува. И, на крајот, ем љубовно – без да ги кара, како што Он знае кога ќе види непокајание – им ги открива помислите на нивните срца, ем им ја пројавува Божјата сила и власт од Себе со исцеление на фатениот. Ова го потврдува и самото Евангелие: *така што сите* [без исклучок] *се дивеа и Го славеа Бог, велејќи: „Никогаш вакво чудо не сме виделе!“*

Пресвета Богородице, по молитвите на свети Григориј Палама, спаси нѐ!

# ТАЈНАТА НА КРСТОТ ХРИСТОВ

*Ако некој сака да оди йо Мене, нека се одрече од себе, нека īо земе крсшош свој и нека врви йо Мене! Оши кој сака да ја сūаси душаша своја, ќе ја заīуби; а кој ќе ја заīуби душаша своја заради Мене, шој ќе ја сūаси*[1].

Светите апостоли Матеј, Марко и Лука во Светото Евангелие речиси идентично ги имаат запишано зборовите со кои Христос ги поучува Своите ученици. Овие зборови, со кои Господ лично му се обраќа на секој од нас, денес се уште поактуелни, а ќе бидат и до крајот на овој свет и век.

Забележуваме два дела во оваа поука.

Во првиот дел – кога ни вели да се одречеме од себе, да го земеме својот крст и да врвиме по Него – Господ Исус Христос нѐ повикува да ги поминеме трите степени од нашиот духовен развој: *чисшењешо на срцешо од сшрасшише, йросвешлувањешо на умош* и *обожениешо на личносша*.

Одрекувањето од себе одговара на првиот степен од духовниот развој – *чисшење на срцешо од сшрасшише*, и трае сѐ до отворањето на срцето

[1] Види: Матеј 16, 24–25; Лука 9, 23–24; Марко 8, 34–35.

за умно-срдечната молитва. Одрекувањето од себе подразбира одрекување од нашето болно *јас*, кое поради гревовната навика едноставно се поистоветува со своите страсти: сластољубие, среброљубие и славољубие. Одрекувањето од болното *себе* е предуслов за исцелителна заедница со Бог. Ова одрекување се случува од моментот кога ќе ги исповедаме своите гревови и ќе почнеме да живееме под раководство на духовен отец.

Земањето, односно носењето на крстот е поврзано со вториот степен од духовниот развој – *просветленоста*, и дарот на умно-срдечната молитва. Од една страна, тоа е голем молитвен подвиг, т.е. љубов кон Бог, а од друга страна, поради луѓето коишто, водени од демонот, нѐ напаѓаат и мразат, без ништо лошо да сме им сториле, тоа е голем подвиг на аскетска љубов и кон непријателите.

Одењето по Христос, во вистинска смисла на зборот, се однесува на третиот степен на духовниот живот – *обожение*, кога човекот е ослободен од страстите и од дејството на демонот, и ги љуби благодатно сите, без исклучок, автентично сведочејќи Го Богочовекот Христос.

Во вториот дел нѐ потсетува дека нашата душа е болна и заробена од страстите, и дека ако сакаме да ја спасиме, треба да ја исцелиме од нив. Вториот дел од поуката нѐ освестува за важноста на првиот. И, навистина, ако не го освестиме фактот дека сме болни – или поинаку, дека сме заробени од страстите, од гревот, од демонот и од смртта – никогаш нема да ја почувствуваме потребата од

Лекар и Спасител на нашите души и тела. И, нема да се обратиме кон Богочовекот Исус Христос. На луѓето со високо мислење за самите себе, како и на оние што пребиваат во незнаење, им се случува да го освестат фактот за заробеноста дури по доживувањето на сериозни несреќи и болести во својот живот. Да не бидеме како нив!

Пресвета Богородице, спаси нè!

# АСКЕТСКА ВЕРА И ПОДВИГ

Во евангелското четиво од четвртата недела на Великиот пост[1], посебно значајно за толкување е следново случување: А Исус му рече: *„Ако можеш да ӣоверуваш, сѐ е можно за оној шѿо верува". И одеднаш ѿаѿкоѿо на момчеѿо извика и со солзи ѓовореше: „Верувам, Госӣоди, ӣомоѓни му на моеѿо неверие!"*

Со оваа евангелска случка, Господ Христос, меѓу другото, сака да нѐ поучи и да ни го покаже постоењето на аскетски и на благодатен подвиг во православниот духовен живот, и разликата помеѓу нив. Едно е аскетска вера и доверба во Господ, а друго е благодатна вера: благодатната вера веќе преминува во познание, знаење и сигурност. Едно е аскетско исполнување на Божјите заповеди, а друго е благодатно исполнување. Едно е аскетска молитва, а друго е благодатна молитва. Едно е аскетска љубов кон нашите ближни, а друго е благодатна љубов итн.

Во што е разликата помеѓу аскетскиот и благодатниот подвиг, и од каде произлегува таа

[1] Види: Марко 9, 17–29.

разлика? Во зависност од тоа на кое ниво или на кој степен од духовниот развој се наоѓа човекот, различен е и неговиот подвиг. На првиот степен, кој се нарекува *чистење на срцето од страстите*, подвигот на секој човек во која било добродетел е аскетски. Тоа значи дека срцето на овој степен е сè уште подложно на страстите и заробено од нив, така што демонот релативно лесно, преку помислите и сетилата, го наведува човекот на грев. Затоа и подвигот на степенот на чистење на срцето од страстите изгледа многу тежок. Треба да ги исполнуваме заповедите Божји, добродетелите, и кога за тоа воопшто немаме желба и волја, и не го чувствуваме тоа како потреба во нас. Присилувањето на самите себе е клучниот момент поради кој подвигот се нарекува аскетски. Затоа и таткото на демонизираното момче низ солзи вели: *Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!*

Но, не е точно дека Бог со Својата благодат и на првиот степен не му помага на човекот, затоа што ние без Него ништо не би можеле да направиме, но таа помош е некако скриена, токму за да се пројави слободната определба на човекот за доброто, за Бог. Бог сака да нè научи да ги исполнуваме Неговите заповеди од љубов кон Него, како деца Божји, а не како робови – од страв, или како наемници – за награда. Лесно е да ги исполнуваме заповедите кога благодатта е со нас. Лесно е да даваме кога добиваме. Но, сепак, тоа е трговија, а не љубов. Љубовта дава и кога не добива.

Благодатта во одредени моменти се поја-

вува посилно во нашиот живот, но само за да нè одмори од подвигот, да нè утврди во верата и да нè утеши. Сепак, тоа не се моменти кога ние духовно растеме. Духовниот развој ни е овозможен само во моментите кога Божјата благодат останува скриена, а ние продолжуваме да се трудиме во исполнувањето на добродетелите. Секогаш кога паѓаме и не успеваме да ја исполниме добродетелта, во тие моменти на криење на благодатта, ние не сме го поминале испитот и повторно ќе треба да го полагаме сè додека не успееме. Светите отци велат дека во моментите кога благодатта се крие треба да постапуваме – иако тоа воопшто не го чувствуваме така – како да е таа присутна. Само тогаш растеме.

На вториот степен, кој се нарекува *просветлување на умот*, подвигот на секој човек во која било добродетел е веќе доволно благодатен, освен во однос на љубовта кон непријателите, каде што и понатаму е претежно аскетски.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## КОЈ МЕЃУ ВАС САКА ДА БИДЕ ПОГОЛЕМ, НЕКА ВИ БИДЕ СЛУГА!

*Тогаш пристапија кон Него Заведеевите синови, Јаков и Јован, и рекоа: „Учителе, сакаме да ни направиш она што ќе побараме“. Он ги праша: „Што сакате да ви направам?“ А тие Му одговорија: „Дај ни да седнеме до Тебе, едниот оддесно, а другиот одлево, во славата Твоја“. Но Он им рече: „Не знаете што барате“* (Марко 10, 35–38). Навистина не знае што бара некој што превидува дека ако неговото барање се оствари, треба да седне пред Божјата Мајка и Божјиот Крстител. *Да се седи од Мојата десна или лева страна, тоа не зависи од Мене; таму ќе седнат оние за кои е приготвено од Мојот Отец* (Матеј 20, 23). Значи, тоа не зависи ниту од Бог, туку од самите тие што ќе го остварат, слободно и љубовно, од Бог поставениот критериум за единство и заедница со Него.

И, што гледаме ние, денес, на храмовиот иконостас – икона на Царството Небесно: кој седи од десната и од левата страна Христова? Не седи ниту апостол – па бил тој Петар или Павле, ниту некој свет архиерей, односно не седи претставник на надворешното свештенство; не седи никој друг, туку првите и совршени носители на внатрешното,

вистинско новозаветно, есхатолошко (вечно) и царско свештенство – Пресвета Богородица и Секогашдева Марија и свети Јован Крстител. Само преку носителите на ова свештенство во Црквата, а преку нив и во светот и во неговата историја, дејствува единствената непрестајна Литургија, односно Очевиот Домострој на нашето спасение, преку Синот во Светиот Дух Господ.

Сега, јас, барем, не гледам некоја разлика по чест, како што гледам разлика во послушание, меѓу првото и второто (десното) место, бидејќи Христос во Нејзиниот скут седи; но меѓу второто и третото (левото) гледам – дека второто е поголемо по чест и од херувимското и неспоредливо пославно и од серафимското. Иако со напишаново е можно да соблазнам некој од читателите (кој не знае), сигурен сум дека нема да навредам никого од спомнатите овде – напротив. А, четвртото место сè уште е отворено...

*Не зависи од Мене, туку од оние за кои е приготвено.* Тоа значи дека Господ ни дава можност за градење совршен личносен однос со Него, но зависи од тоа кој колку сака да се отвори пред Бог и кој колку сака да се даде. Со други зборови, од нас зависи каков однос сакаме да градиме: дали синовски, наемнички или робовски. Нема предодреденост. Сè зависи од нас.

*Знаете дека оние што се сметаат кнезови народни, господарат над нив, и управниците управуваат над нив. Но меѓу вас нека не биде така; а кој меѓу вас сака да биде поголем, нека ви биде слуга; и кој сака меѓу вас да биде прв, нека ви биде роб на*

*сите. Зашто и Синот Човечки не дојде за да Му служат, но да послужи и да ја даде душата Своја за откуп на мнозина* (Марко 10, 42–45).

Пресвета Богородице, по молитвите на света Марија Египетска, спаси нѐ!

# ОДЛУЧЕТЕ СЕ ВЕЌЕ ЕДНАШ – ИЛИ ЗА ЦАРСТВОТО НЕБЕСНО ИЛИ ЗА ЦАРСТВОТО ЗЕМНО

Зошто истите луѓе што Го внесуваат и дочекуваат во слава Богочовекот Христос во Ерусалим[1], по само неколку денови на најразлични начини се одрекуваат од Него?[2] Од истата причина како и ние денес – со таа разлика што за нив има некакво оправдување, а за нас нема никакво.

Причината е заробеноста на нашето срце од страстите, поистоветувањето со овосветските облици на самочовечко здружување (држава, нација, партија) – наместо пастирскиот пристап кон истите, па сè до опиеноста, како и зависноста од овој свет и неговите минливи убавини.

Причината е, најјасно кажано, нашата желба за „царство овоземно“, наместо Царство Небесно. Нели го забележуваме внатре во нас тоа суптилно тежнеење, почнувајќи од себе и од нашето најтесно семејство, па сè до најшироката заедница, да создадеме некакво „земно царство“ на сладости – и тоа по наша мерка; и нели забележуваме дека колку

[1] Види: Матеј 21, 1–11.
[2] Види: Лука 23, 1–25.

повеќе се трудиме, толку повеќе тоа „земно царство“ е сè подалеку и подалеку од нас?

Не напразно Богочовекот Христос рекол: барајте го најнапред Царството Небесно и сè друго ќе ви се додаде[3]. Црквата Христова и нејзините верни служители не проповедаат и не нè подготвуваат за „царство земно“, туку за Царство Небесно.

До тоа Царство Небесно, кое е, пред сè, внатре во нас[4], се влегува на два начина: или преку волев подвиг на очистување на срцето од страстите – кога Божјата благодат на Крштението ни го покажува местото на срцето каде што нашиот ум треба аскетски, а потоа и благодатно да се соедини со својата суштина и преку неа со Бог; или преку трпение – со благодарност за неволните страдања што Божјата промисла ги допушта во нашиот живот заради наше спасение.

Главно на овие два начина, иако има и други комбинации, во зависност од степенот на духовниот раст на кој се наоѓаме. Оние што преку овие доброволни подвизи, во послушание, ќе го пронајдат Царството Небесно внатре во себе, преминуваат од смрт во живот – уште сега, и на Суд нема да излезат.

Пресвета Богородице, спаси нè!

---

[3] Види: Лука 12, 31.
[4] Види: Лука 17, 21.

## ДЕЦА НА СВЕТЛИНАТА

Секоја година, на Велигден, нам, на сите православни христијани, ни е овозможено Христовото Воскресение да стане и наше лично и наше соборно (заедничко) воскресение; Христовото Воскресение да стане наше суштинско ослободување од ропството, па дури и од фаталното и одлучувачко влијание на страстите, демонот, гревот и смртта во нашиот живот.

Состојбата на нашиот ум е критериум за нашата духовна состојба, затоа што и падот и исцелението на човекот започнуваат од него. Паднатиот ум е горд, расеан преку страстите по светот и затемнет. Исцелениот ум е смирен, собран преку молитвата во Бог и просветлен.

Доколку сакаме, значи, вистински да учествуваме во Христовото Распнување, Христовото Погребение и Христовото Воскресение, и да ги доживееме, потребно е, водени од нашиот духовен отец, да поминеме низ трите молитвени состојби на умот: неговото распнување во собраноста на молитвата, неговото погребение внатре во благодатниот простор на срцето и неговото воскресение проникнато од божествената светлина; поинаку речено, потребно е да поминеме низ трите нивоа

на духовно растење: *чистење на срцето од страстите, просветлување на умот* и *обожение* на севкупниот човек.

Иако постојат препознатливи духовни појави како точно разграничување меѓу духовните состојби, сепак, треба да знаеме дека колку човек го чисти своето срце, толку се просветлува неговиот ум и толку се обожува како неповторлива личност. Колку умот ќе го прикоавме и распнеме во собраност, толку ќе го погребаме во срцето и просветлиме, и толку ќе го обожиме и воскреснеме. Немаме многу избор: или умот ќе ни биде расеан преку страстите по светот и затемнет, а ние ќе бидеме деца на темнината; или ќе ни биде собран преку молитвата во Бог и просветлен, а ние ќе бидеме деца на Светлината, односно синови Божји.

Децата на Светлината често и не се сфатени од децата на темнината, во овој свет. Децата на Светлината дури им изгледаат и страшни и опасни на децата на темнината од овој свет, посебно ако вторите заземаат некои позиции на човечка власт и слава – или мислат дека ги имаат.

Децата на темнината мислат и чувствуваат дека се загрозени од децата на Светлината. Но, децата на темнината не знаат дека тие ниту ги чувствуваат, ниту ги разликуваат темните мисли, зборови и дела што извираат од нивните срца. Темница на темница не ѝ пречи. И, тие не знаат дека децата на Светлината не можат ниту еден момент да истрпат темна мисла, а камоли збор или дело.

Децата на Светлината брзо се ослободуваат

и од само една темна мисла. Темното веднаш се забележува и пречи во светлината. Колку е поголема светлината, на толку помала темнина е чувствителна. Децата на Светлината не се способни да сторат зло. Затоа, децата на темнината во ниту еден случај не треба да се плашат од децата на Светлината, туку само од своите темни дела и од Бог, Кој на сите нив им оставил спасоносно време за покајание и Кој си ги чува Своите деца.

Христос воскресе!

P.S. Ништо од ова не би било – без ова: *Еве ја слугинката Господова; нека ми биде според зборовите твои!* (Лука 1, 38). Односно, без Нејзиното – да.

## ПОТЕШКО НИ БЕШЕ ДА БЕГАМЕ

Деца, денес го чествуваме денот на жените мироносици. Кога би ве прашал, сега, што би издвоиле вие, кои повеќе или помалку го знаете нивното житие, како најкарактеристично од севкупниот нивен подвиг во служењето на Богочовекот Христос, што би ми одговориле? Нели е тоа непоколебливото и постојано следење на Христос, без оглед на тоа што се случува со Него и без оглед на тоа какви последици од тоа можат да произлезат за нив самите? Нели е тоа односот кон Бог карактеристичен за чедата Божји, наспроти оној на робовите и наемниците?

Некаде, некој има убаво кажано дека колку повеќе се доближуваме до Голгота, следејќи Го верно Христос, толку помалку луѓе (духовни чеда, пријатели) гледаме околу нас. Но, ништо чудно. Знаеме и од Светото Евангелие дека истото се случило со Христос, Кој затоа нè предупредува и охрабрува: *Ако Мене Ме гонеа, и вас ќе ве гонат* (Јован 15, 20). Но, што сакам, за мене нешто навистина посебно и воодушевувачко, да ви нагласам за жените мироносици? Во оној период од дејствувањето и проповедта на Богочовекот Христос, кога Он чудесно исцелува луѓе болни и од најтешки болести,

па дури и мртви воскреснува, кога чудесно заситува илјадници гладни, кои околу Него се собираат и кога како овоземен цар славно Го пречекуваат во Ерусалим, служењето и присуството на жените мироносици е речиси незабележливо; но во периодот кога започнуваат Неговите страдања, нивната верност и нивното присуство веднаш доаѓа до израз. Спротивно од однесувањето на масата, која дури и се врти против Него.

Иако ни се добро познати овие видови однесување и од секојдневниот живот, особено негативниот избор, сепак, да се задржиме на нив уште малку. И народната мудрост ги забележала во поговорката: во маката јунакот се познава. Голем впечаток ми остави и еден неодамна слушнат дијалог помеѓу двајца воини. Кога едниот го прашува другиот зошто воопшто се бореле во битка за која однапред знаеле дека е изгубена, овој му одговара: „Потешко ни беше да бегаме отколку да се бориме“. Што да ви кажам, вистинска храна за секој борбен дух. Ние, пак, се бориме во војна за која однапред знаеме дека Христос ја извојувал и во која победил за нас.

Пресвета Богородице, заедно со жените мироносици спасете нè!

# СВЕТИ АПОСТОЛ ТОМА
# И НИЕ

Објаснето е одамна дека барањето на светиот апостол Тома да ги допре раните на воскреснатиот Богочовек Исус Христос не е неверие, туку природно и спасоносно барање на човекот да Го познае Бог од опит, а не од прераскажување на другите[1]. Другите нека си прераскажуваат за Бог колку што сакаат, за нас е од суштинско значење да Го познаеме Бог од опит.

Затоа што, интелектуалното знаење за Бог не ни носи сигурно спасение, а камоли совршенство, туку може да донесе гордост, поделби и пропаст, додека пак, знаењето на умот (разумот) што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце, ни носи смирение и единство, во Светата Евхаристија на Црквата.

Клучните поенти на евангелското четиво од Неделата на светиот апостол Тома се следните:

Прво, Евангелието не е напишано за да ја испитуваме верата на светиот Апостол Тома – тоа не е во наша власт, туку да ја испитаме и прове-

[1] Види: Јован 20, 19–31.

риме нашата сопствена вера преку неговиот пример, и да се покаеме – што е во наша власт.

Второ, Христовите зборови: *и не биди неверен, но верен!* (Јован 20, 27), може да се споредат со разликата меѓу аскетската и благодатната вера – во која Господ сите нѐ повикува. Аскетската вера се сведува на тоа да се принудуваме да веруваме дека Бог постои (*Верувам, Господи, помогни му на моето неверие!* – Марко 9, 24), а благодатната вера е кога од опит на заедница со Него имаме знаење и познание за Него (*Господ мој и Бог мој!* – Јован 20, 28), како и препознавање и пророкување на идните случувања. Исто така, пред сѐ, за нас кажани – не за Апостолот.

Трето, зборовите: *Тома, ти поверува, зашто Ме виде; блажени се оние кои не виделе, а поверувале!* (Јован 20, 29), значат, едноставно, дека оние што не Го виделе Бог од опит, а кои, сепак, ќе претрпат докрај – обидувајќи се да изградат синовски однос со Бог (оние со аскетска вера), ќе се спасат – и затоа се блажени, а дека Апостол Тома е свет.

Кој е тој опит за кој постојано говориме и овде и порано, а кој го опишуваме како знаење на умот (разумот), што произлегува од опит на заедницата со Бог, во нашето срце? Тоа е опитот во умно-срдечната молитва. Без овој опит нема благодатна вера, нема просветлување на умот и нема постојано преобразување на човекот до обожение.

Основен копнеж на секоја христијанска душа треба да биде достигнувањето на дарот на умно-срдечната молитва. Тука не постои разлика меѓу

мирјани и монаси, свештеници и лаици. Без овој копнеж, потврден на дело, нема православен духовен живот.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

## УВО НЕ МИ ЧУЕ...

Евангелското четиво од Неделата на раслабениот[1] е полно со симболика.

Постои симболика на Светото Крштение: бањата Витезда во која луѓето оздравувале од каква било болест и да боледувале, и колку и да била таа долготрајна и неизлечива. Постои симболика на возобновувањето на духовниот живот: ангел Господов ја раздвижуваше водата. Симболика на молитвениот однос на човекот кон Бог – што Го привлекува Бог: *Исус, кога го виде како лежи и штом узна дека од многу години боледува*, му одговара и го прашува дали сака да оздрави. Раслабениот човек нè симболизира сите нас, денес, кои сме освестиле дека сме духовно раслабени.

Најпотресна, за мене, е симболиката за исконскиот крик на човекот во потрага по урнек на вистински Човек и човечност, преточена во само двата збора на раслабениот: *немам човек!*, како и симболиката на вистинското послушание до рушење на преградите меѓу словото и Духот на словото – *А тој ден беше сабота. Поради тоа Јудејците му рекоа на исцелениот: „Сабота е и не треба*

[1] Види: Јован 5, 1–15.

*да ја земаш својата постелка!“ Но, тој им одговори: „Оној што ме излекува, ми рече: Земи ја постелката своја и оди!“* Со други зборови: уво не ми чуе за вашето старозаветно учење!

Јас би се задржал, сега, на само уште една символика: на символиката на крајот на Новиот Завет. И оваа символика се сведува на само двата збора: *немам човек*.

За символиката на крајот на Новиот Завет и за близината на остварувањето на Царството Небесно ни говори светиот Апостол Павле: *во последните денови ќе настанат времиња тешки. Зашто луѓето ќе станат среброљупци, горди, хулители, неблагодарни, неправедни, непомирливи, клеветници, невоздржливи, непослушни, предавници, повеќе сластољупци отколку богољупци, наизглед побожни, а од силата на Бог се одрекле. И од нив одвратувај се!*[2]

Истото го потврдува и Богочовекот Христос во Своето Евангелие: *Ќе слушате боеви и гласови за војни. Гледајте да не се уплашите, оти сето тоа треба да биде; ама тоа уште не е крајот. Зашто ќе се дигне народ против народ, и царство против царство; и на места ќе има глад, помор и потреси; а сето тоа е почеток на болките. Тогаш ќе ве предадат на маки и ќе ве убијат; и ќе бидете мразени од сите народи, заради Моето име. Тогаш мнозина ќе се соблазнат и еден со друг ќе се предаваат, и еден со друг ќе се мразат; многу лажни пророци ќе се појават и ќе прелажат мнозина; и бидејќи*

[2] Види: 2 Тим. 3, 1–5.

*беззаконијата ќе се умножат, кај мнозина љубовта ќе олади*[3].

Зборовите *оладувањето на љубовта* се еднозначни со зборовите *немам човек*. Тоа ќе биде главна карактеристика на последните времиња, чии знаци и денес ги гледаме. Сепак, „човек“ сè уште може да се најде.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, помилуј нè!

[3] Види: Матеј 24, 3–12.

# ВОДА ЖИВА

Водата што Богочовекот Христос ни ја дава, и која имајќи ја никогаш нема да ожеднеме, е благодатта на Светиот Дух во нашето срце[1]. Оваа благодат во нас може да стане и извор на благодат, која нè води во живот вечен, доколку го очистиме и го отвориме нашето срце.

Нашето срце е местото од кое извира благодатта, изворот. Отворот на местото на срцето најнапред треба доволно да се очисти од нечистотијата на страстите, од наслагите на гревот и од присуството на демонот, за да протече благодатта.

Потекувањето на благодатта, односно добивањето и пронаоѓањето на *вода жива*, пројавено како умно-срдечна молитва, е дар Божји – *водата што ќе му ја дадам Јас*. Потоа не ни треба духовен раководител, благодатта сама ќе нè води – *вода што ќе тече во живот вечен*.

Потекувањето или пројавувањето на благодатта е сведоштво дека не сме повеќе наемници, туку деца на Отецот наш Небесен; сведоштво дека лично сме го усвоиле дарот Божји и дека постоиме како личности; сведоштво дека сме усвоени од

[1] Види: Јован 4, 5–42.

Отецот и дека настапуваме во силата на личност.

**Кој сака да знае повеќе** – нека прочита подолу.

Вистинските поклоници ќе Му се поклонуваат на Отецот во благодатта на Светиот Дух и во исповедање на вистинската вера. Поклонувањето во дух и во вистина е едно и исто поклонување, едно и исто дејство, една и иста благодат. И, се случува на едно и исто место – во срцето, пред сè.

Благодатта на Светиот Дух Господ, од часот на нашето Крштение се наоѓа внатре во нашето срце. Но, не е доволно само да сме крстени во Црквата за да Му се поклонуваме на Бог во дух и во вистина, туку неопходно е и да ја активираме и актуализираме благодатта на Светото Крштение.

Кој сака да дознае што значи ова, односно кој сака да го открие изворот на вода жива, која тече во живот вечен, нека влезе во апсолутно или целосрдечно послушание на Христовите заповеди, односно на Црквата, односно на Светото Предание, односно на својот духовен отец. Тоа за нас, и ништо друго, значат зборовите: *Јас имам храна за јадење што вие не ја знаете... Мојата храна е да ја исполнувам волјата на Оној Кој Ме пратил и да го извршувам Неговото дело* (Јован 4, 32; 34).

Светите отци, понекогаш, со терминот *дух* го именуваат умот. Во библиско-антрополошка смисла, поклонувањето во дух и во вистина значи поклонување со исцелен ум. Исцелен ум има човек кој енергијата на својот ум ја соединил со суштината на својот ум, којашто се наоѓа во неговото срце. Бидејќи ова соединување е дејство на благодатта

Божја и молитвено-аскетски се случува внатре во неа, исцелен ум во одредена смисла е исто што и просветлен ум. Доколку ова соединување е постојано благодатно, а не времено аскетско, тогаш исцелен ум е исто што и обожен ум. Обожениот ум е ум од Духот воведен во сета вистина[2]. Само за оној што има исцелен, обожен ум, можеме да говориме дека е целомудрен и девствен, во една човечка димензија на овие поими.

*Господи, ми даде сува земја, дај ми и водни извори* (Суд. 1, 15).

---

[2] Види: Јован 16, 13.

# НЕДЕЛА НА СЛЕПИТЕ

Ова евангелско четиво[1] опишува само уште еден школски пример, од многуте во Новиот Завет, на судирот меѓу оние што се држат до словото на Законот, кое убива, и оние кои Го почитуваат Духот на Законот, Кој оживува; меѓу оние што на сè што не одговара на нивното самољубие се спротивставуваат со празни зборови, и оние кои на празните зборови им се спротивставуваат со дела; меѓу оние што се служат со лични дисквалификации, и оние кои се личности; меѓу оние што се кријат зад авторитетот на институцијата, и оние кои се носители на харизмата – дарот на Светиот Дух.

Гледајте колку празните зборови и личните дисквалификации се немоќни пред добрите дела: *„Прослави Го Бог; ние знаеме дека Оној Човек е грешен". А тој одговори и рече: „Дали е грешен, не знам; но знам дека бев слеп, а сега гледам".* И, што да одговорат на проверениот и потврден факт дека човекот беше слеп, а сега гледа? Со која човечка мудрост и домисла би му се спротивставиле на овој факт, на сите познат? Со кои зборови би му се спротивставиле на кое било добро по Бог дело,

[1] Види: Јован 9, 1–38.

а камоли на лично Божјото?

Фарисеите се обидуваат да го дознаат рецептот за успехот, како да е тоа некое тајно знаење што може само со разумот лесно да се достигне и научи, како да е тоа некоја независна безлична моќ, како да е тоа нешто што се продава и купува: *Што ти направи? Како ти ги отвори очите?* Кога не би знаел дека човекот, односно Господ преку него, најдобронамерно ги потсетува на растењето во личниот однос како пат до таа моќ, би си помислил дека човекот се шегува со нив: *Јас ви реков веќе и не чувте, што сакате пак да чуете? Да не сакате можеби и вие да Му станете ученици?*

Но, дали и по ова следи покајание на фарисеите или уште едно промашување? Еве како луѓето без авторитет се кријат зад авторитетот на институцијата што ја претставуваат, а со која очигледно немаат никаква врска: *Ти си Негов ученик, а ние сме Мојсееви ученици. Ние знаеме дека со Мојсеј говорел Бог; а Овој не знаеме од каде е.*

Кога не би знаел дека човекот, односно Господ преку него, најдобронамерно ги потсетува на духовниот закон на послушанието, повторно би си помислил дека човекот се шегува со нив: *Тоа и е за чудење, што вие не знаете од каде е, а мене, сепак, ми ги отвори очите. Знаеме дека Бог не слуша грешници: но оној што Го почитува Бог и ја исполнува Неговата волја, него го слуша. Откако е веков, не се чуло некој да отворил очи на слепороден. И, ако Он не беше од Бог, не можеше да направи ништо.*

Но, дали и по ова следи покајание на фари-

сеите или уште едно промашување? Просудете сами: *Сиот си во гревови роден, па зарем ти нас ќе нè учиш?* И, како што во продолжение вели Евангелието: *тие го испадија надвор.* Тоа е сведоштво на немоќта, немоќта за покајание.

Но, кога фарисеите ќе ве отфрлат од себе, не плашете се, туку радувајте се: тоа е само сведоштво дека Самиот Христос ве пронашол и ве прифатил, и дека Самиот Христос ве води и ве внесува во сета Вистина. *Исус чу дека го истерале, па како го најде, му рече: „Веруваш ли ти во Синот Божји?“ Тој одговори и рече: „А Кој е, Господи, па да поверувам во Него?“ Исус му рече: „И си Го видел, и Кој зборува со тебе, Он е“. А тој рече: „Верувам, Господи!“ И Му се поклони.*

А, кога Богочовекот Исус Христос нè води, тогаш телесниот подвиг преминува во аскетска љубов кон непријателите, па и во мачеништво заради Него; тогаш умната молитва преминува во умно-срдечна, па и во непрестајна; тогаш гледањето на првата светлина преминува во просветленост, па и во гледање на несоздадената светлина Божја; тогаш верата преминува во знаење, па и во предзнаење.

## ДАЛЕКУ СМЕ НИЕ ОД ТОА...

Од денешното евангелско четиво[1] за толкување ќе го земеме следниот пасус: *Сега разбраа дека сè што си Ми дал е од Тебе; зашто зборовите што си Ми ги дал, им ги предадов, и тие ги примија и разбраа навистина оти од Тебе сум излегол, и поверуваа дека Ти си Ме пратил.*

Во зборовите *примија*, *разбраа* и *поверуваа* можеме да го забележиме описот на трите степени од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* – со дарот на умно-срдечната молитва, и *обожение*.

*Примија* ја означува – самата пракса при очистувањето на срцето од страстите. Оти, по што друго можеш да познаеш дека некој ги примил твоите зборови, ако не по послушанието во нивното извршување.

*Да разбереш*, односно да сфатиш – во духовно православна смисла, го означува просветлувањето на умот – со дарот на умно-срдечната молитва. Оти, какво е тоа сфаќање и разбирање без просветленост на умот? Обично субјективно гледиште, кое може да биде и многу ретроградно и разгра-

[1] Види: Јован 17, 1–13.

дувачко во црковната заедница, и насекаде.

Просветлувањето на умот може да се случи само ако успееме енергијата на нашиот ум – расеана преку сетилата, молитвено да ја собереме и соединиме со нејзината суштина во срцето и во Бог. Затоа и велиме: просветлување – со дарот на аскетската умно-срдечна молитва.

Зборот *поверуваа* – на степенот на обожение, е исто што и познаа; затоа што она што си го поминал го знаеш и познаваш, а во новиот хоризонт што се отворил пред тебе – веруваш. Истото важи за секој од степените.

Зборовите *прослави Ме* се кажани и напишани исклучиво за наша поука и за наше спасение, како и многу други евангелски зборови на Богочовекот Христос, а не за некоја Негова потреба.

А, зборовите *запази ги во Твоето име* подобро се сфаќаат во контекст на зборовите *Јас ги пазев во Твое име*. Гледате, Богочовекот Христос – во ништо помал од Својот Отец, целата слава Му ја оддава на Отецот, и ова е неискажливо.

Денес, секој еден изигрува духовен отец. Да се чуди човек, почнувајќи од себе.

А, зборовите *да бидат едно како што сме и Ние*, нема да ги толкувам – далеку сме ние од тоа.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# ПЕДЕСЕТНИЦА

При толкувањето на евангелското четиво за жената Самарјанка велам: „Водата што Богочовекот Христос ни ја дава, и која имајќи ја никогаш нема да ожеднеме, е благодатта на Светиот Дух во нашето срце. Оваа благодат во нас може да стане и извор на благодат која нè води во живот вечен доколку го очистиме и отвориме нашето срце“.

Денес, кога повторно учествуваме во светата Педесетница, истата потврда ја добивме од Самиот Богочовек Исус Христос и од Неговото Евангелие: *„Кој е жеден, нека дојде при Мене да пие! Кој верува во Мене, од неговата утроба, како што е речено во Писмото, ќе потечат реки од жива вода“. А ова го рече за Духот, Кого ќе Го примат оние кои веруваат во Него; оти Светиот Дух уште не им беше даден, бидејќи Исус уште не беше прославен*[1].

Ако Синот Божји не се симнеше на земјата меѓу нас, ниту ние ќе можевме во Малиот Вход на Светата Литургија на Црквата да се вознесеме и да застанеме пред престолот Божји. Ако Он не се крстеше, ниту ние ќе можевме да умреме за гревот и да бидеме живи за Бог во Него. Ако Он не

[1] Види: Јован 7, 37–52; 8, 12.

ја проповедаше Својата Блага Вест за Царството Божјо, ниту ние ќе можевме на Светата Литургија на Црквата да го читаме и проповедаме Неговиот Нов Завет. Ако Он не се жртвуваше на Крстот за нас и наше спасение, ниту ние ќе можевме во Големиот Вход од Светата Литургија да се принесеме самите себе и целиот наш живот на светиот Престол Божји преку даровите што ги принесуваме на него.

Ако Он не се вознесеше и не седнеше оддесно на Отецот, ниту Светиот Дух Господ ќе се симнеше на Апостолите, а преку нив и преку Светите отци и на нас до денес, во Црквата, ниту пак, Второто Христово пришествие и Страшниот суд ќе беа *веќе, и уште не*. А ако, пак, Светиот Дух не се симнеше на нас, никакво значење немаше да има, за нас, сето она што Богочовекот Христос го направи за нашето спасение.

И навистина, Светиот Дух Господ се симна на светите Апостоли и во собранието на Црквата, и во Светата Литургија на Црквата ни овозможи, и секојпат повторно ни овозможува, да станеме учесници во севкупниот Светотроичен Домострој на нашето спасение. Но, симнувањето на Светиот Дух, покрај своето светотаинско и соборно-лично значење за нас, има и длабоко лично-соборно, односно внатрешно значење за нас. Без лично да Го примиме во Црквата Светиот Дух, ниту срцето наше ќе станеше наш духовен центар, ниту ќе знаевме за местото на срцето, ниту исцелениот наш ум – односно енергијата на нашиот ум, соединета со својата суштина во срцето – ќе можеше молитвено

да се просветлува престојувајќи во благодатта на Светиот Дух, ниту ќе можевме да Му служиме на Бог, на олтарот од нашето срце, ниту ќе можевме целата Црква да ја видиме собрана во нашето срце, ниту ќе можевме да ја видиме несоздадената светлина Божја, ниту од нашата утроба (срце) ќе потечеа реки од вода жива, та да можат и нашите ближни да ја угасат својата жед.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# СЛЕДИМЕ БОГОЧОВЕК ИЛИ ЧОВЕК?

*Одрекувањето од себе* одговара на првиот степен од духовниот развој – *чистење на срцето од страстите*, и трае сè до отворањето на срцето за умно-срдечната молитва[1]. Одрекувањето од себе подразбира одрекување од нашето болно *јас*, кое поради гревовната навика, едноставно, се поистоветува со своите страсти: сластољубие, среброљубие и славољубие.

Исто така, со тоа што овој степен од нашиот духовен развој Господ го нарекува *одрекување од себе* сака да нè предупреди дека овој подвиг воопшто не е лесен, дека нас навистина нè чека болно одрекување од нашето болно *јас*. Страстите се тие што го валкаат нашето срце и ја држат благодатта на Крштението закопана и недејствителна во него. Живееме како некрстени, без да ја познаваме полнотата на животот и радоста на благодатта Божја. Нашиот ум останува непросветлен, а демонот, користејќи ги нашите страсти, непречено нè води од искушение во искушение. Целиот живот ни се претвора во една постојана неизвесност, загриже-

[1] Види: Матеј 10, 33.

ност, несигурност, страдање и мачење.

Одрекувањето од болното *себе* е предуслов за исцелителна заедница со Бог. Ова одрекување се случува од моментот кога ќе ги исповедаме своите гревови и кога ќе почнеме да живееме под раководство на духовен отец. Само заради љубов и вера во Бог, човек може да се одрече од себеси и од своите страсти. Колку ги исполнуваме Божјите заповеди, толку се исцелуваме од своите страсти и толку Го љубиме Бог. Исполнувањето на заповедите е аскетска љубов на дело и кон нашите ближни, зашто ќе ги поштедиме од тоа да бидат објект или средство за задоволување на нашите страсти.

Земањето, односно носењето на крстот е поврзано со вториот степен од духовниот развој – *просветленоста*, и дарот на умно-срдечната молитва[2]. Од една страна, тоа е голем молитвен подвиг, т.е. љубов кон Бог, а од друга страна, поради луѓето, кои водени од демонот, нè напаѓаат и мразат, без ништо лошо да сме им сториле, тоа е голем подвиг на аскетска љубов и кон непријателите.

На првиот степен демонот нè напаѓа однатре, преку страстите од кои сме заробени; додека пак, на вториот степен тој не може да нè нападне однатре, бидејќи срцето веќе не ни е заробено од страстите, па затоа нè напаѓа однадвор, преку луѓе кои се негови слуги. Носењето на крстот ја означува токму љубовта и кон непријателите, така како

---

[2] Види: Матеј 10, 38.

што Христос ни покажа на Крстот: *Оче, прости им, не знаат што прават* (Лука 23, 34).

Господ така премудро го устроил нашето духовно восовршување, што без љубовта и кон оние што на кој било начин ни прават зло (со лоша мисла и чувства, со зборување против нас или со лоши дела) не можеме да поминеме од вториот на третиот духовен степен – од просветленост во обоженост. Љубовта и кон непријателите е конечно уништување на секоја суета, високото мислење и гордоста во нас.

Одењето по Христос, во вистинска смисла на зборот, се однесува на третиот степен на духовниот живот – *обожение*. За тоа другпат, а може и никогаш.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## НЕМОЈ ДА ОСТАНЕШ УЛОВ

*Одејќи покрај Галилејското Море, ги виде двајцата браќа, Симон, наречен Петар, и брат му Андреј, како фрлаат мрежа во морето, бидејќи беа рибари, и им рече: „Појдете по Мене, и Јас ќе ве направам ловци на луѓе“. И ете, тие веднаш ги оставија мрежите и тргнаа по Него* (Матеј 4, 18–20).

Не треба да врвиме по Христос затоа што ни ветува дека ќе нè направи „ловци на луѓе“. Иако „ловците“ се најпотребни денес, тоа не би требало да биде причина за врвење по Христос – затоа што тоа не е однесување на децата Божји, туку затоа што Он прв и Единствен нè возљуби. Заслужува да оставиме сè, пред сè, својата гордост, и да тргнеме по Него без никакво ветување и без оглед колку ќе нè чини тоа.

Кој може да биде „ловец на луѓе“? „Ловец на луѓе“ може да се нарече само човек со омолитвено просветлен ум, човек со слово што извира од неговото очистено срце и кое допира до длабочината на срцето на ближниот, и човек со присуство во силата на Преобразувањето. Во негово присуство страстите се парализираат, демонот бега далеку, а неговото слово внесува несоздадена светлина, сила и надеж во срцето на ближниот.

Но, и кога „ловецот“ ќе се оддалечи од својот ближен, и кога страста повторно ќе живне во ближниот, и кога демонот повторно ќе се врати, тој не го остава сам. Тој со молитвата во своето срце ги одржува светлината, силата и надежта, односно семето на словото што го посеал во срцето на својот ближен; семето, кое во содејство со слободната волја на оној во кој е посеано и со помош на благодатта на Светиот Дух може да изрти, да порасне и да донесе плод – ослободување на срцето од страстите.

Главна овоземна цел на „ловецот“ е да создаде нови ловци, по тоа се гледа и неговата способност, а не луѓето да ги третира како улов со кој постојано ќе се краси.

Наравоучение: немој да останеш улов, стани ловец. Сѐ додека си улов, може да те улови и демонот.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

## СВЕТЛИНА НА УМОТ

*Светило за телото е окото. И така, ако твоето око биде чисто, и целото твое тело ќе биде светло; ако, пак, твоето око биде лошо, целото тело ќе ти биде темно. И така, ако светлината, што е во тебе, е темнина, тогаш каква ли ќе е темнината?* (Матеј 6, 22–23).

Знаете од Светите отци дека умот се нарекува и око на душата. Ако суштината на умот, во срцето, е чиста, што значи просветлена, тогаш и нашата душа и нашето тело ќе бидат светли; а, ако пак, суштината на умот е извалкана и затемнета, од прифатените и на дело спроведени гревовни помисли, тогаш и нашата душа и нашето тело ќе бидат темни. И телото е учесник во несоздадената светлина на преображението, ако сакаме – зависи од нас самите.

Ако направиме споредба помеѓу денешното евангелско четиво[1] и она со запалената свеќа[2], би можеле кажаното да го објасниме и вака:

Оној што запалил свеќа, на првиот степен од својот духовен развој – *очистување*, е тој што до-

[1] Види: Матеј 6, 22–33.
[2] Види: Матеј 5, 14–16.

волно ја очистил енергијата на својот ум. Ова очистување се нарекува и прво гледање на несоздадената божествена светлина и се достигнува со послушание.

Кога запалената свеќа не се поклопува со сад, тоа значи дека оној што доволно ја има очистено енергијата на умот, првото гледање на несоздадената светлина, кое се случува во умот и разумот, не го употребува за судење и за осудување на ближниот. Судењето и осудувањето е грев, а гревот ја задушува светлината, која е очистувачката благодат.

А, кога свеќата не се става под одар, тоа значи дека првата светлина не се употребува само за интелектуално надградување, туку за севкупно преобразување на сите душевни и телесни сили. Користењето на првата светлина само за интелектуално надградување, прво, го ограничува нејзиното дејствување (*ставање под одар*), а потоа и наполно ја задушува. Знаењето гордее и создава поделби, а љубовта смирува и соединува во заедница.

Со континуирано продолжување на правилниот подвиг започнува да се чисти, поконкретно, и суштината на умот, која е во срцето. Кога суштината на умот доволно ќе се очисти, се случува отворање на срцето, појавување на несоздадената благодат и молитвено симнување на умот во него.

Очистувањето и просветлувањето на суштината на умот се нарекува и второ гледање на несоздадената божествена светлина, и се случува на вториот степен од нашиот духовен развој – *просветлување*. Сега светлината, поставена на свеќник,

а тоа е нашето срце, може слободно да дејствува. Во оваа светлина лесно се забележува секој гревовен двиг на срцето и душата, како и помислите што сакаат да влезат однадвор.

Веќе, ваквата светлина тешко може да се поклопи под сад и да се задуши, за тоа е потребно пад во голем грев; а уште помала е можноста под одар да се стави, затоа што потребата од интелектуално знаење на тој степен е безначајна. И запамтете, Бог никогаш не ја пали оваа светлина за таа потоа да згасне, туку *ја наместува на свеќник, за да ја гледаат светлината оние што влегуваат!* Ако светлината се разгорува и засилува преку постојан напор да се пребива во умно-срдечната молитва и преку подвигот на љубовта кон непријателите, тогаш таа го одведува својот „сопственик“ до третиот степен на духовниот развој, наречен *обожение*.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## КОЈ ВЕ СЛУША ВАС, МЕНЕ МЕ СЛУША И НЕМА ДА ПРОМАШИ

*Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној што Ме пратил*[1].

Како што ви спомнав на минатиот монашки собир: борбата против апсолутната гордост, против духовите на злото од поднебесјето, се одвива со апсолутно смирение, т.е. со апсолутно послушание. Господ Христос со личен пример ни го покажа и го востанови подвигот на апсолутното послушание: *Сам се смири, откако стана послушен дури до самата смрт, и тоа смрт на крст* (Филип. 2, 8). Секако, апсолутното послушание не Му беше потребно Нему, туку нам.

Во денешното евангелско четиво Господ ни ја објаснува и светотаинската хиерархиска структура на подвигот на послушанието во Црквата: *Кој ве слуша вас* [значи, Апостолите или, денес, Епископите], *Мене Ме слуша; и кој се откажува од вас, од Мене се откажува; а кој се откажува од Мене, се откажува од Оној Кој Ме пратил* (Лука 10, 16).

Но, оваа голема, основна и суштинска тајна

[1] Види: Лука 10, 16–21.

на нашиот христијански подвиг не можат сите да ја откријат и познаат: *Во тој момент се возрадува Исус во духот и рече: „Те прославувам, Оче, Господи на небото и на земјата, оти си го сокрил ова од премудрите и разумните, а си го открил на простите. Така е, Оче, затоа што таква била волјата Твоја“.*

Кога говори за премудри и разумни, Богочовекот Христос мисли на оние што го отфрлаат подвигот на послушание и смирение, и се потпираат само на својот разум и човечка мудрост.

А кога говори за простите, мисли на оние кои едноставно, како деца Божји, заради исцеление на својот ум, срце и душа, иако разумни и мудри, стануваат неразумни и немудри, и до моментот на откривање на местото на своето срце пребиваат во подвигот на апсолутно послушание, исполнувајќи ги во пракса, со едноставна вера и доверба во Бог, Христовите зборови: *Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша*. Само конкретното и апсолутно послушание е подвиг на вистинска аскетска љубов во пракса, без која, пак, не може да се достигне благодатната...

Преку подвигот на целосрдечно послушание се активира примарната функција на умот, која ја привлекува Божјата благодат на нас, а која, од своја страна, ја преобразува енергијата на нашиот ум и ни овозможува духовен разум. Духовниот разум, пак, ни овозможува успешно да ги решаваме проблемите во светот во којшто живееме.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# НЕКОЛКУ ПОУКИ ЗА БОРБАТА ПРОТИВ ДЕМОНИТЕ

Сѐ се случува според правилата на духовниот закон. Најпрвин демонот нѐ напаѓа преку погрубите страсти: сластољубие, среброљубие – како што гледаме кај жителите на земјата Гергесинска, а на крајот преку најсуптилната, славољубието[1]. Демонот секогаш се бори да си ги поврати загубените позиции од Светото Крштение, па дури и да се врати во центарот на нашето срце.

Во врска со борбата против демонот, треба да знаеме дека демонот нѐ напаѓа со енергијата на својот ум – неговиот ум против нашиот ум. Ако во умот го прифатиме она што тој ни го предлага, односно ако се согласиме со неговата мисла, ја губиме благодатта и се затемнуваме. Значи, благодатта ја губиме не кога демонот нѐ напаѓа со некаква си своја зла енергија, туку тогаш кога ние го прифаќаме со нашата слободна волја она зло што тој ни го предложува.

Демонот не знае што мислиме ние и што се случува внатре во нас. Но тој, бидејќи е стар борец, знае од искуство и заклучува според на-

[1] Види: Матеј 8, 28–34.

шето надворешно однесување. Значи, ние не смееме, надворешно, со ништо да покажеме што се случува внатре во нас при некое искушение. Треба да се држиме до петте точки со кои се надминува секое искушение, од кои последната е – молитвата.

Ако ја кажуваме молитвата собрано, за кратко време стануваме како оган. Исто како оган што откако ќе се разгори, никој повеќе не може да го допре без да се изгори. Тогаш демонот, и да се обиде да ни пристапи, брзо ќе се повлече, бидејќи молитвата го гори. Ова се познава од пракса.

Но, треба да имаме и правилен став во молитвата. Тоа е кога молитвата ја доживуваме како наше давање и кога ја кажуваме од љубов кон Господ и од желба да бидеме со Него. Тогаш таквата молитва е попостојана, и демонот тешко може да ни пријде. А, ако молитвата ја кажуваме со став на барање, односно само како борба против демонот и неговите искушенија, тогаш таа брзо ќе се прекине.

Нашите внатрешни борби не треба да ги кажуваме никому, освен на оној што ни е одреден за тоа – духовниот отец, инаку демонот ќе дојде до потребните информации. На тој начин се исклучува градење паралелни односи (почеток на секое зло), ширење страв од демонот, се оневозможува неговото влијание и се спречуваат многу други работи поврзани со ова.

И не треба да се плашиме од демонот. Тој, според Светите отци, по Христовото Воскресение, за нас е „опасен“ само колку играчка во рацете на мали деца. Треба да се плашиме од неправилно

водење на војната со него. Тоа е причината за нашите изгубени битки...

Сè што демонот сака да нè убеди дека ни пречи однадвор, треба да го опфатиме во нашата молитва, и тогаш ќе го почувствуваме како дел од нас и ќе престане да ни пречи.

Кога знаеме дека сме острастени, затемнети и под големо внатрешно влијание на демонот, зошто проблемот го бараме надвор од нас? Зошто секогаш се самооправдуваме, а другите ни се виновни за сè?

Штом го лоцираме проблемот надвор од нас, ние сме надвор од Патот, надвор од Христос, надвор од Евангелието Христово, надвор од Духот Христов, надвор од своето срце... Го оставаме тесниот пат и трчаме по широкиот. Самооправдувањето, а осудувањето на другиот, се сигурни знаци дека под нашите стапки се наоѓа широкиот пат – кој не води нигде.

Пресвета Богородице, спаси нè!

## АЛЕГОРИСКО ТОЛКУВАЊЕ

*И дојдоа при Него со еден фатен, кого го носеа четворица; па, бидејќи не можеа да се приближат до Него од народот, откако го открија и го пробија покривот од куќата каде што беше Он, ја спуштија постелката на која лежеше фатениот. А Исус, кога ја виде верата нивна, му рече на фатениот: „Синко, ти се простуваат гревовите твои!“*

*Таму седеа некои од книжниците и си помислија во срцата свои: „Што хули Овој на Бог? Кој друг може да простува гревови освен единиот Бог?“ Исус веднаш, штом узна со Својот дух дека тие така мислат во себе, им рече: „Зошто го помислувате тоа во срцата свои? Што е полесно да му кажам на фатениот: ’Ти се простуваат гревовите‘; или да речам: ’Дигни се, земи ја постелката своја и оди?‘ Но за да знаете дека Синот Човечки има власт на земјата да ги простува гревовите – му рече на фатениот – ’Тебе ти велам: стани, земи ја постелката своја и оди си дома!‘“*

*И тој стана веднаш, па штом ја зеде својата постелка, се појави пред сите – така што сите се восхитуваа и Го славеа Бог, велејќи: „Никогаш вакво чудо не сме виделе!“* (Марко 2, 3–12).

Деца, забележувате дека многу ретко ви го

толкувам Евангелието само историски и етички, како што е обичајот во Антиохиската школа. Тоа што најчесто го слушате од мене, како ваш учител, е аскетско-исихастичкото толкување карактеристично за Македонската исихастичка школа.

Ова толкување се заснова на неколку принципи: личносниот принцип, принципот на систематизација и хармонијата на православниот духовен живот, како и на принципот – не повеќе од она што Бог ни дал. За ова, засега толку.

Но, овојпат ќе ви го протолкувам и алегориски, како што е обичај во Александриската школа, па ќе речам, на пример, дека куќата во која престојува Христос преку благодатта на Светиот Дух е срцето на човекот, а дека отворањето на покривот и спуштањето на фатениот низ него е отворањето на срцето и симнувањето на умот во него. И, дека исцелувањето на фатениот е дарот на аскетската умно-срдечна молитва и просветлувањето на умот.

Вистинското простување на гревовите е чистењето на срцето од страстите и неговото отворање за умно-срдечната молитва, во послушание кон духовниот отец. Тоа е ослободување од робувањето на страстите, од гревот и од демонот. Тоа е неприпадност на овој поделен свет. Затоа и Господ на фатениот му се обраќа татковски, со зборот *синко*...

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина – да видиме колку сме поистоветени со овој поделен свет, со запалените крв и тело, а колку далеку од Христовото блаженство за миротворците!

## СВЕСТ ЗА ГРЕШНОСТА

Кај слепите во денешното евангелско четиво[1] ја забележуваме свеста дека се слепи и дека треба да се ослободат од тоа слепило. Слепите веруваат дека Богочовекот Христос може да ги исцели.

Свесноста за својата грешност и свесноста дека само Бог може да нѐ исцели од неа се основните темели на православниот духовен живот.

Истото важи и за сите нас. Треба да знаеме дека духовно сме слепи (немаме умно-срдечна молитва и просветлен ум), треба да веруваме дека Христос може да нѐ исцели и треба оваа наша вера да ја докажеме со што почесто призивање на името Исусово, без да дозволиме некој или нешто да нѐ попречува.

Кога постепено, преку молитвениот подвиг ќе почнеме да ја чистиме енергијата на умот, тоа ќе ни овозможи да согледаме каде се наоѓаме, да видиме дека сме слепи, дека сме паднати во однос на Христовиот идеал и уште посилно да повикаме кон Него.

Но, внимавајте, ако знаењето што останува од првото очистување на енергијата на умот го

---

[1] Види: Матеј 9, 27–35.

употребиме за да ги гледаме и судиме туѓата грешност и слепило, тогаш го одбираме погрешниот пат, кој нè враќа многу назад.

Зошто го повторувам ова повеќепати? Затоа што сите токму тука грешиме.

Без дарот на умно-срдечната молитва и просветлувањето на умот, ние сме едни обични слепци. Не дај Боже, да станеме и слепи водачи на слепци, таквото слепило човек не може да го излечи.

Оние што се наоѓаат на степенот на просветленост, исто така, се чувствуваат како слепи во однос на оние што со своите преобразени телесни очи ја гледаат несоздадената божествена светлина, дури и повеќе отколку што своето слепило го чувствуваат вистински духовно слепите од степенот на чистење на срцето од страстите.

Колку сме поблиску до вистинската Светлина, толку подобро ја забележуваме нашата извалканост од демонската гордост, нашата внатрешна поделеност – која и меѓу ближните ја рефлектираме, нашата насоченост надвор од себе, немањето мир и отсуството на Божја љубов во нас.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

## ДВА-ТРИ ЗБОРА ЗА МИЛОСТА БОЖЈА

Денес, како и секој ден, како и секој христијанин што е свесен за своите гревови, и јас размислував за милоста Божја. Се восхитував на несразмерноста на Божјата милост во однос на нашите гревови. Ем грешиме, ем милоста Божја токму тогаш нè наградува. Си велам во себе – што ли ќе беше ако бевме некои праведници? Како потоа да не благодариме?

Ја гледам милоста Божја и во големи работи и во „ситници“. Денес видов човек кој така се лизна, што ако паднеше, ќе поминеше со многу тешки повреди; но некако остана на нозе; и уште се чудам – што се случи и како тоа беше можно? Бог ги чува своите неверни верни. Ги чува и неверните, и тоа многу повеќе од нас – неверните верни.

Ние уште не сфаќаме дека по воплотувањето, Синот Божји стана Син Човечки – Богочовек Исус Христос, а со тоа и наш слуга – несразмерно повеќе од Господ. Христос се однесува како наш најобичен слуга – Го повикуваме и доаѓа, Го бркаме од себе и Тој си оди. Без оглед колкупати тоа ќе

го повториме. И, никогаш не се наметнува. Што овде не е јасно?

Зарем не е добро да имаш Господ за слуга? Но, некои луѓе (а и сите ние понекогаш) одбираат да му служат на ѓаволот. Зошто ваков смешен избор?

И не, Бог нема да нè казни, и никогаш не нè казнува – каков и избор да направиме. Секогаш самите се казнуваме. Штом нашите дела не се согласни со Неговата волја, ние свесно Го бркаме Бог од себе и остануваме без Неговата благодат. Без Неговата благодат нашата трулежност доаѓа до израз и тогаш се појавуваат телесните болести, како прв показател дека нешто не е во ред.

Сите наши гревови, гревовите на целото човештво се како капка вода во океанот на Божјата љубов. Но, тоа не е оправдание за нашите смешни избори.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

## ПРЕЛЕСТ НА СРЦЕТО

Има лажна состојба (прелест) на умот, но има и прелест на срцето. Едната прелест станува поради прифаќање и усвојување на лажни мисли, а другата од лажни чувства. Оттука произлегува и прелеста во нашиот говор, како и во нашите дела.

Прелеста е повреда на човековиот ум, како и на човековото срце, со лага. Прелеста е состојба во која, помалку или повеќе, најчесто несвесно, се наоѓаме сите ние – без исклучок. Освестувањето на овој факт е најдобра заштита од прелеста.

Најголема прелест е кога некој се смета себеси за ослободен од прелеста.

Двете состојби на прелест заемно се поврзани и се надополнуваат. Поделбата е формална, но ни помага попрецизно да ги разликуваме едната од другата.

За да се подослободиш од прелеста на срцето, не создавај при молитвата лажни чувства: дека Бог ти се лути или дека е задоволен од тебе – и чувството на очај, и чувството на еуфорија го прекинуваат православниот духовен подвиг, а посебно молитвата.

Бог само нѐ љуби, и ние, исто така, треба

Него – преку себепринесување, но само на подолу опишаниот начин:

„Од сите чувства на срцето, само едно, во неговата состојба на пад, може да биде употребено во невидливото Богослужење: тагата поради гревовите, поради гревовноста, поради падот и својата пропаст – наречено плач, покајание, скрушеност на духот“[1]. Со еден збор – плачот поради изгубената заедница со Богочовекот Исус Христос.

Покајанието, плачот и смирението се знаци за правилноста на духовниот подвиг. Нивното отсуство е знак за прелест и бесплодност.

Свртеноста кон надвор и решавањето на световните проблеми со запалена крв, пред просветлувањето на умот и дарот на аскетската умно-срдечна молитва, го руши покајанието. Ваквата состојба се нарекува поистоветување со човечките стихии, за разлика од пастирскиот пристап.

Постои свесно и несвесно опрелестување. Откако ќе прочитате – станува свесно. Кој е дотолку глуп свесно да се опрелестува?

Зашто, „оној што мисли за себе дека е бестрасен, никогаш нема да се очисти од страстите. Оној што за себе мисли дека е исполнет со благодат, никогаш нема да добие благодат. Оној што мисли дека е свет, никогаш нема да достигне светост“[2].

---

[1] Свети Игнатиј Брјанчанинов, *Темели на духовниоӣ живоӣ*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1998, стр. 72.
[2] Истото, стр. 75.

## ПОГЛЕД ОД
## ЗАБОРАВЕНА ГЛЕДНА ТОЧКА

Ајде малку да се свртиме кон самите себе и ова евангелско четиво[1] да го погледнеме од еден друг аспект – личниот.

Кога дојдоа при народот, пристапи кон Него еден човек, кој падна на колена и рече: *Господи, смилувај се на мојот син, зашто при нов месец го фаќа бес и се мачи многу; често паѓа во оган и често – во вода; го одведов при Твоите ученици, но тие не можеа да го излекуваат.*

Неверојатно точен опис на црковната состојба денес, напишан пред речиси две илјади години. Малку верен – малку суеверен народ, подложен на демонско влијание, бара помош од свештенството, кое и самото нездраво – не може да му помогне.

Суеверие е и кога од страв или заради награда, како и поради верувања подметнати од демонот (при нов месец и слично), мислиш дека имаш некаков однос со Бог. Не, немаш.

*А Исус одговори и рече: „О, роде неверен и развратен! До кога ќе бидам со вас? До кога ќе ве трпам?*

---

[1] Види: Матеј 17, 14–23.

*Доведете Ми го тука! И му нареди Исус на бесот и тој излезе од момчето; и тоа оздраве во тој час.*

Богочовекот Христос, на овој навидум груб начин им се обраќа на луѓето, и нив да ги освести во каква заблуда живеат, а истовремено да ги оправда пред нив Своите ученици; но сепак, Неговите зборови директно се насочени кон Неговите ученици (и кон денешното свештенство).

Неговите ученици, барем до толку свесни дека ним им се обраќа, пристапуваат кон Него, насамо, и го прашуваат *зошто*? Додуша, требаше прво *прости* да речат, ама – ајде.

*Тогаш учениците пристапија кон Исус насамо и Му рекоа: „Зошто не можевме ние да го истераме?“ А Исус им рече: „Поради вашето неверие: зашто, вистина, ви велам, ако имате вера колку синапово зрно, ќе ѝ речете на оваа планина: премести се одовде таму, и таа ќе се премести, и ништо нема да биде за вас неможно“.*

И, гледате колку погруб одговор добија. За колку поголема позиција Бог те спрема, толку повеќе страдаш пред тоа. Ако Бог допушти без страдање да дојдеш до висока позиција во Црквата Негова, ќе настрадаш потоа. Колку поголема позиција, толку повеќе страдање; или пред, или потоа.

А, способноста за дела – произлезени од вера, и поголеми од примерот што Христос им го посочи – учениците ја добија откако на нив слезе Светиот Дух Господ.

Сепак, Господ Христос им одговори на прашањето: *Овој, пак, род се истерува само со молитва и пост.* За поврзаноста на демоните со нашите

страсти и како тие се бркаат, со пост и молитва, од нас, имам доста пишувано. Другпат, пак.

*А кога беа во Галилеја, Исус им рече: „Синот Човечки ќе биде предаден во раце човечки, и ќе Го убијат, и на третиот ден ќе воскресне“.*

Им кажа, да ги предупреди, за кое Царство тие треба да се борат. Но, и до ден-денес повеќето од нив не го сфаќаат тоа и се борат за овоземното царство – како и сите незнабошци.

И, затоа: *тие многу се нажалија*. Добро, можеа и да се разгневат, како некои од денешниве.

## ШТО НЕ Е ЈАСНО?

*Сè она што сакате да ви прават луѓето,*
*правете им го и вие.*
(Матеј 7, 12)

*Затоа царството небесно прилега на цар, кој побарал да ја расчисти сметката со своите слуги. Кога почна да ја расчистува сметката, доведоа при него еден што му должеше десет илјади таланти; па, бидејќи немаше со што да плати, господарот негов нареди да го продадат него, и жена му, и децата негови, и сè што имаше, за да наплати. Тогаш тој слуга падна пред него на колена и му се клањаше говорејќи: „Господаре, стрпи се спрема мене и сè ќе ти платам“. А господарот на тој слуга, кога се смилува, го пушти и му го прости долгот.*

Вака се однесуваме кога сме во прашање ние – лигаво.

*Слугата, пак, штом излезе, најде еден од другарите свои, кој му должеше сто динарии, и кога го фати, го давеше и му велеше: „Исплати ми што ми должиш!“ Тогаш неговиот другар падна ничкум пред нозете негови, го молеше и велеше: „Стрпи се спрема мене и сè ќе ти исплатам!“ Но тој не сакаше, туку отиде и го фрли во затвор, дури не му*

*го исплати долгот.*

Вака се однесуваме кога се во прашање другите – свирепо.

*Другарите, пак, негови, кога го видоа тоа што стана, многу се огорчија, па отидоа и му кажаа на својот господар за сѐ што се случи. Тогаш господарот негов го повика и рече: „Лукав слуго, јас ти го простив целиот долг, зашто ми се молеше; не требаше ли и ти да се смилиш над својот другар, како што се смилив и јас над тебе?“*

Ова прашање треба да го усвои нашата „спалена савест“, што би рекол Митрополитот Амфилохиј.

*И се разгневи господарот негов, па го предаде на мачители, додека не му го исплати целиот свој долг. Така и Мојот Отец Небесен ќе направи со вас, ако секој од вас не му ги прости од срце гревовите на братот свој*[1].

Ова ќе си го направиме самите. Тоа што е напишано – дека Бог ќе ни го направи, е само педагошки пристап кон „робовите“ и „наемниците“; да можат, нешто од нешто, и тие од Евангелието да сфатат.

Синовите ги читаат зборовите: *го пушти и му го прости долгот*, и плачат. Зашто, тоа е и нивната вистина. И, затоа што и тие така прават; и точно знаат што тоа значи.

[1] Види: Матеј 18, 23–35.

# ХРИСТИЈАНСКИ ИДЕНТИТЕТ

Што значи тоа – да си мудар како змија и незлоблив како гулаб? (Матеј 10, 16).

Не знам дали сте го имале тоа искуство, но ако сретнете змија и ако ја закачнете со стап, таа веднаш целото свое тело го изложува на удар, криејќи ја својата глава под него. Повредите на телото можат да се исцелат, ама ударот во глава инстинктивно го избегнува, затоа што може да биде кобен за неа.

Така и Светите отци на Црквата нѐ советуваат: ако се најдете во опасност, изложете сѐ на удар, освен својата вера; затоа што сѐ што ќе изгубите можете да повратите, но ако ја изгубите својата вера, конечно сѐ ќе изгубите. Со други зборови, ако ја сочуваме нашата Православна вера, и она што ни значи – вистински ќе го зачуваме.

Често, и од аспект на времето, се случува да го повратиме тоа што сме го изгубиле и уште повеќе од тоа да добиеме. Сетете се само на праведниот и многустрадален Јов.

Тоа е патот на светите Апостоли, тоа е патот на светите Маченици, тоа е патот на Преподобните отци и тоа е патот на сите Свети. Секако, тоа е и патот кон Преображението.

Маченичкиот етос е суштината на православниот духовен живот и на православната вера.

Што погоре напишаното значи во пракса, можеме да прочитаме во житијата на светителите. Некои од нив го изгубија својот живот, своето здравје, своето семејство, својата татковина и што ли ти не, само да ја сочуваат вистинската вера во Воскреснатиот Богочовек Исус Христос, како и својот христијански идентитет.

Истото и денес се случува, и ќе се случува сè до крајот на овој век и овој свет.

И денес гледаме христијани, кои за да го сочуваат својот христијански идентитет, преку пастирски пристап кон семејството, кон ближните, кон нацијата и кон државата ја привлекуваат Божјата благодат – врз сето она што го љубат; и му овозможуваат напредок. Но, гледаме и само на име христијани, кои го изгубиле својот христијански идентитет, преку поистоветување со овоземните интереси на семејството, на луѓето околу нив, на нацијата, на државата итн., и го рушат сето тоа.

А, за незлобливи како гулаби, нема што да се објаснува. Убаво рекол Богочовекот Христос: љубете ги непријателите свои, немојте да враќате на злото со зло, беспари добивте – беспари давајте, и уште многу друго слично.

За номиналните христијани, овие и слични Христови зборови се несфатливи, чудни, смешни, соблазнителни или безумни, додека за вистинските христијани тие се Божја сила и Божја премудрост, со кои ги разбиваме илузиите од овој свет и век.

# НЕСРЕЌНИ ЛОЗАРИ

И повторно дојдовме до тие несреќни лозари. Какви се тие лозари[1], да се запраша секој нормален човек, кои ем немаат сопственост над лозјето, ем посакуваат да го присвојат лозјето, ем се подготвени и Синот на Господарот на лозјето да Го убијат поради таа цел? Тоа се безбожници и криминалци од најлош вид.

Зошто се такви? Зашто се заробени, преку демоните, од страстите за човечка слава и власт (славољубие и властољубие), од страста за пари и имот (среброљубие), и од страста за болно задоволување на телесните потреби.

И, не само тоа, тие и самото лозје сакаат да го одгледаат на таков начин што лозјето да носи плодови што ќе ги задоволуваат нивните страсти. Секако, друг начин не ни знаат. Еве, прашајте ги за умно-срдечната молитва, и ќе видите дека не знаат ни да гукнат на таа тема.

Клучниот проблем е што тие се единствените одговорни за спасението на луѓето, а наместо тоа – нив ги интересираат само нивните џебови, нивните тела и нивниот восхит.

---

[1] Види: Матеј 21, 33–42.

Ако мислите дека јас сум престрог, видете што ни говори Богочовекот Исус Христос: *На Мојсеевото седиштe седнаа книжниците и фарисеите. (...) Тие говорат, а не извршуваат; врзуваат бремиња тешки и мачни за носење, и ги ставаат врз плеќите на луѓето, а самите не сакаат ни со прст да ги помрднат; и сите свои дела ги прават за да ги видат луѓето; (...) сакаат прво место на гозбите и предни места во синагогите, и поздрави по улиците, и да им велат луѓето: „учителе, учителе!“* (Матеј 23, 2–7).

*Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери... однадвор им се покажувате на луѓето како праведни, а внатре сте полни со лицемерност и беззаконие* (Матеј 23, 27–28).

*Тешко вам, книжници и фарисеи, лицемери, затоа што го затворате Царството Небесно пред луѓето; оти, ниту вие влегувате, ниту ги пуштате да влезат оние што сакаат да влезат* (Матеј 23, 13).

*Змии и породи аспидини, како ќе побегнете од пресудата за во пеколот?* (Матеј 23, 33).

*Како можете вие да поверувате, кога примате слава еден од друг, а славата што е од Единиот Бог не ја барате?* (Јован 5, 44).

*Вашиот татко е ѓаволот; и вие сакате да ги исполнувате желбите на својот татко; тој е човекоубиец од почетокот и не стои во вистината, зашто во него нема вистина. Кога зборува лага, говори од себе, зашто е лажец и татко на лагата* (Јован 8, 44).

Да, тешко вам, и затоа што не разликувате

пастирски однос кон државата, нацијата и партијата – преку кој се негува нивниот христијански идентитет, од односот на поистоветување со истите; и следствено, се лажете и себеси и доверените ви луѓе. Зашто, пастирскиот однос ја привлекува Божјата спасителна благодат и на вас, и на државата, и на нацијата, и сите заедно напредуваме, додека пак, односот на поистоветување го гуши христијанскиот идентитет, и следствено, ги руши и ги убива – и државата и нацијата, и заедно со нив пропаѓате.

Христовите зборови за себе си ги напишав, макар што не знам зошто ни се обраќа во множина; Он си знае. Но, делот за пастирскиот и односот на поистоветување, за вас го напишав, оти гледам дека не го знаете.

## ПРИЈАТЕЛЕ, КАКО ВЛЕЗЕ ОВДЕ, НЕОБЛЕЧЕН ВО СВАДБЕНА ОБЛЕКА?

Навистина, пријателе, како влезе овде без умно-срдечна молитва, или барем без послушание? Односно, како влезе без христијански идентитет?

Нели веруваме во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква? Во Една, така?

Нели треба да го сочуваме и градиме нејзиното единство, меѓу другото, и поради непречен личен проток на Божјата благодат? Ова ни ја открива и големата слика.

Нели веруваме во едно Крштение за простување на гревовите?

Нели се одрековме од сатаната и од сите негови мисли, чувства, зборови и дела?

Нели сме Тело Христово?

Нели нема веќе ни Јудејци, ни Елини... зашто сите вие сте едно во Христос Исус?[1]

Нели сите сме еден Божји народ? Нели сме Нов Израил?

Нели сме сите браќа и сестри, во Христос?

Нели ќе нè препознаат како Христови ученици доколку имаме љубов помеѓу себе?

---

[1] Види: Гал. 3, 28.

Нели сме христијани?

Нели христијанскиот идентитет ни е бескрајно поважен од сè?

Нели заради христијанскиот идентитет сме подготвени сè да жртвуваме?

Нели требаше да ги љубиме своите непријатели?

Нели на сите требаше сè да им станеме, само некого за Христос да придобиеме?

Нели требаше да бидеме слуги на сите?

Нели требаше да седнеме на последното место?

Тогаш, што не ви е јасно? А, очигледно, ништо од ова не ви е јасно.

Слободно бирајте со што ќе се поистоветите: со Царството Небесно или со царството земно, односно со пеколот. Што ќе изберете?

Во секој случај, знајте дека: Христијанскиот идентитет, антиномично – но е зацврстување, како и чувар на личниот и на националниот идентитет, а не обратно!

Не го сфаќаш погоре напишаното во Евангелието? Продолжуваш да грешиш кон Новиот Завет на Богочовекот Исус Христос? Не бараш прошка и покајание? ОК.

*Тогаш царот им рече на слугите: „Врзете му ги рацете и нозете, земете го и фрлете го во крајната темнина; таму ќе биде плач и крцкање со заби; зашто, мнозина се повикани, а малцина избрани“* (Матеј 22, 13–14).

# ЗА ИДЕНТИТЕТСКИТЕ ПРАШАЊА

Ајде да расчистиме некои нешта, зашто гледам дека не ви се јасни, а должноста ми наложува да ви ги објаснам.

Никој од свештенството не смее да биде член на политичка партија, ниту јавно да застапува партиски ставови, инаку поддржува поделби. Дали другите христијани можат да бидат членови на политички партии? Не само што можат, туку и добро е да се политички активни во соодветна смисла.

На какво учество мислам? Учеството на христијаните во партиите не смее да биде учество како поистоветување, туку треба да биде учество како пастирски пристап или дејствување.

Што значи поистоветување со партијата, а што пастирски пристап кон истата?

Наједноставно кажано, поистоветувањето со партијата се случува кога христијаните слепо ги прифаќаат партиските вредности, одлуките на партиските раководства и партиските активности без притоа да ги проверат со Новиот (!) Завет на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос.

Пастирски однос кон партијата имаат оние

христијани кои своите христијански вредности ги сведочат и се обидуваат да ги пренесат во партијата, без да се заразат од чисто партиските интереси.

Со односот на поистоветување се губи Божјата благодат и од таквиот христијанин и од таквата партија не бидува ништо, додека со пастирскиот однос кон партијата – христијанинот ја привлекува Божјата благодат и на себе и на партијата во која дејствува.

Истото ова важи и кога се во прашање државата или нацијата (народот). Секој христијанин што ќе се поистовети со нација или држава – се губи и себеси и тоа со коешто се поистоветил, додека пак, секој христијанин кој негува пастирски однос кон нацијата и државата ќе го сочува својот христијански идентитет и ќе помогне во просперитетот и на нацијата и на државата.

Христијанинот има само еден идентитет – христијанскиот, и токму затоа има и слобода на сите да им стане сè, само некого за Христос да придобие[1].

Со други зборови, антиномично, но христијанскиот идентитет е чувар на личниот и националниот идентитет, а не обратно!

Зарем е тешко ова да се сфати?

Како уште можеме да го препознаеме поистоветувањето од пастирскиот пристап?

Ако христијаните се делат и се мразат меѓу себе, тогаш тие се поистоветиле со партијата на

---

[1] Види: 1 Кор. 9, 22.

која ѝ припаѓаат. Додека пак, ако со љубовта меѓу себе Го сведочат Богочовекот Христос, тие очигледно само христијанските вредности ги пренесуваат во партиите, а остануваат недопрени од нивните тежнееења за поделби и пропаст. И самиот збор *партија* доаѓа од латинскиот збор pars, partis или дел.

И, ако ние, христијаните, не ги обединуваме партиите, народот и народите – во добро, тогаш кој? Па, тоа е нашиот главен повик: *блажени се миротворците, затоа што тие ќе се наречат синови Божји!* (Матеј 5, 9). Ова е клучна задача на свештенството – затоа и не можат, како што реков, да се партиски членови и јавно да застапуваат партиски интереси.

И, уште нешто за крај. Простете, ама ако веќе сакате во Црквата да внесувате нација и држава, тогаш знајте дека сè во Црквата мора да помине низ страдање, Крст, смрт и пекол, па потоа да воскресне и да се вознесе преобразено. Воскресение и Вознесение, без Крст, смрт и пекол, не може да биде.

# ДОЈДЕТЕ ПРИ МЕНЕ СИТЕ ИЗМОРЕНИ И ОБРЕМЕНЕТИ, И ЈАС ЌЕ ВЕ УСПОКОЈАМ

Некои велат дека целта ги оправдува средствата. Нормално, за православниот христијанин тоа не важи, ако сака да остане христијанин, воопшто. Не е возможно – на лош начин и користејќи лоши средства, да постигнеш добра цел.

Христос вели: *Јас сум патот, вистината и животот* (Јован 14, 6). Со други зборови, ни вели дека Тој е и начинот, и средствата, и целта. Значи, и начинот мора да биде добар, и средствата кои се користат треба да се добри, ако сакаме да оствариме добра цел.

Прашањето е: како преку поистоветување, односно преку идентификување со држава, нација или партија, некој сака што било вредно да сочува? Преку поистоветување, односно преку идентификување со појавите од овој свет или преку поистоветување со минливото, човек го губи својот христијански идентитет; а кога веќе го губи христијанскиот идентитет, тогаш ја губи и Божјата несоздадена благодат... и сè... што сака да сочува.

Од една страна, не е можно човек да има

подвоена идентификација: и христијанска – која единствено не е од овој свет, и која било друга – која е од овој свет. Не е возможно да им служиме и на Бог и на мамон[1]. Од друга страна, пак, христијанскиот идентитет, антиномично – како и сѐ во Црквата, ги зајакнува и ги преобразува и личниот и националниот идентитет. *Ако Бог е со нас, тогаш – кој ќе е против нас?* (Рим. 8, 31).

Поистоветувањето со овоземните појави и губењето на христијанскиот идентитет се лошиот начин. Користењето на говорот на омраза, кој произлегува од лошите мисли и лошите чувства, и користењето на лошите дела – се лошите средства, а отпаѓањето од Богочовекот Христос, поделбите и поразот се лошата цел.

Токму лошите средства што се користат ги покажуваат и лошиот начин и лошата цел.

Не препознаваш дека користиш лоши средства? Провери се со Новиот Завет на нашиот Господ – Богочовекот Исус Христос. Барем тоа е лесно.

Дали ги љубиш непријателите свои? Не ги љубиш! Ги мразиш.

Дали се молиш за оние што те навредуваат и гонат? Сигурно не! Им посакуваш сѐ најлошо.

Дали на злото враќаш со зло? Враќаш – и тоа несразмерно!

Дали на сите им стана сѐ, само некого за Христос да придобиеш? Најочигледно – не!

Дали им стана слуга на сите? Не си станал слуга никому, освен на својата суета!

---

[1] Види: Матеј 6, 24.

Дали кога ќе ти побараат нешто, даваш дупло од побараното? Не даваш ништо, а ако можеш и земаш!

Гледаш и самиот дека одговорите се – не!? Ти сè правиш спротивно од евангелските критериуми!

Тоа што е речено: нема поголема љубов отколку човек да ја положи душата своја (животот свој) за ближниот свој[2], не го толкувај како што ти одговара. Како прво, и непријателот е нашиот ближен, ако не и најближен. А, како второ, не вели Христос да ја положиш душата на непријателот, туку – твојата душа. Едноставно, секаде каде што ќе забележиш користење на злото како средство, знај дека тоа не е христијански, туку е демонски чин.

Нашата цел не е различна, различни се средствата што ги користиме. Нема воскресение без крст, без саможртвена љубов. И, ако ова не го разбирате, драги браќа и сестри, навистина ми е жал.

---

[2] Види: Јован 15, 13.

## ПРЕДИЗВИКАНИ РАЗМИСЛУВАЊА

Невротичен човек е човек што не може да си ги исконтролира своите мисли и чувства, често и своите зборови, а понекогаш и своите дела.

Невроза: прва фаза – слаба контрола над мислите и чувствата; втора фаза – слаба контрола над зборовите; и трета фаза – слаба контрола над делата. Тоа се фази на разболување.

Прв степен на духовното растење – *чистење на срцето од страстите*: прва фаза – воздржување од лоши дела; втора фаза – воздржување од лоши зборови; трета фаза – контрола над лошите мисли и чувства. Тоа се фази на исцелување.

И во двата случаја, сите фази се поврзани: колку не успева човек да ги исконтролира мислите и чувствата, толку нема да може да се воздржи и од лоши зборови, како и од лоши дела. И обратно, колку човек успева да ги исконтролира мислите и чувствата, толку ќе може да ги исконтролира и своите зборови, како и дела.

Неврозата завршува со растројство на личноста. Доволното очистување на срцето завршува со просветлувањето на умот. Разликата е голема. Затоа, невротичниот, а особено психопатот, не можат да сфатат што просветлениот човек се оби-

дува да им објасни. Тие секогаш ја бараат човечката правда – наместо Божјата, и никогаш не ја гледаат големата слика. А, сè се состои во тоа – на злото да се врати со љубов.

Суштината на подвигот е во контролата над мислите и чувствата. Когнитивна и емоционална зрелост. Контролата над мислите и чувствата зависи од молитвениот опит на човекот. Затоа, христијаните се повикани непрестајно да се молат[1].

Потребно е да се разграничи процесот на разболување од процесот на исцелување, односно трите нивоа на развој на личноста – очистување, просветлување и обожение, од трите нивоа на разболување на индивидуата – невроза, растројство на личноста (психопатија, социопатија) и психоза; заради препознавање на сопствената состојба.

Што е разликата помеѓу индивидуа и личност, од христијански аспект? За личност – потенцијално, говориме дури кај оние што преку послушание кон духовен отец во Црквата, зачекориле по патот на очистување на срцето од страстите – што не значи дека не покажуваат и знаци на невроза. Индивидуата се наоѓа во некои од нивоата на разболување на личноста: невроза, растројство и психоза. Надвор од послушание на својот Епископ.

Оттука, јасно е зошто толку збунети и невротични луѓе гледаме околу нас. Нивни главни карактеристики се еуфоричноста, агресивноста и очајанието (депресијата).

---

[1] Види: 1 Сол. 5, 17.

## ИМА РАЗЛИКА

Кои се главни карактеристики, односно како можеме да препознаеме христијанин кој се наоѓа на првиот степен од духовниот развој – *чистење на срцето од страстите*, од „христијанин“ – невротичар или „христијанин“ со растројство на личноста? Главни се две.

Минатиот пат ви ја опишав разликата помеѓу личност и индивидуа, и со тоа ви го дадов општиот одговор на претходното прашање: за потенцијална личност говориме дури кај оние кои преку послушание кон духовен отец во Црквата зачекориле по патот на очистување на срцето од страстите – иако покажуваат и знаци на невроза. Индивидуата се наоѓа на некои од нивоата на разболување на личноста: невроза, растројство и психоза.

Но, ова уште не е доволно за да направиме јасна разлика, затоа што и индивидуата, односно „христијанинот“ – невротичар или „христијанинот“ со растроена личност, исто така, може да си фантазира дека е член на Црквата, кој се наоѓа под духовно раководство.

Еве ги двете главни карактеристики преку кои можеме да ги препознаеме.

Прва и најглавна карактеристика е кога некој

наместо Божјата ја бара само човечката правда, а и ако се повика на некаква божја правда – тој истата ја смета како клетва, анатема или проклетство за оној против кого е насочена.

Божја правда бараме во случај кога некој нè повредува, а ние, наместо да го обвиниме тој што нè онеправдува, се самопреиспитуваме дали во тој момент сме слични во љубовта со Богочовекот Исус Христос или не; и кога несличноста со покајание ја исправаме. Посебна прелест е ако обвинувањето на другиот е само наша субјективна проекција.

Барањето човечка правда е една од најголемите опасности со кои се соочуваме во православниот духовен подвиг.

Правилното или неправилното надминување на човечката неправда најочигледно покажува дали во човекот преовладува верата, односно духовниот разум, или паднатата човечка логика. Се гледа дали Му служиме на Бог или на паднатиот демон; дали ја живееме тајната на Крстот Христов или не.

Втора и следствена, на ваквото гледиште, карактеристика е и опседнатоста со духот на враќање на злото со зло. Барањето човечка правда, во суштина, е обична освета од перспектива на Новиот Завет. Овие две карактеристики се неразделно поврзани.

Бидете внимателни, никој не може да се самооправдува со Христовите зборови[1] дека нема поголема љубов од таа да ја положиш душата своја за ближниот свој, оти јасно е речено *својата душа*,

---

[1] Види: Јован 15, 13.

а не душата на непријателот. Секаде каде што има користење на злото како средство за постигнување на одредена цел – нема христијанство.

Има и други карактеристики, но сите се сведуваат на возобновување на формалната старозаветна побожност – она што Христос најмногу го осудил. Но, за ова другпат.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# ЗА РАСПНУВАЊЕТО НА УМОТ

Што значи тоа да го носиме крстот свој, одрекувајќи се од себе и врвејќи по Богочовекот Христос?

Нашиот ум е основната алатка за комуникација со Бог.

Ако нашиот ум не се распне и ако не умре за овој свет, закован на Крстот Христов, преку целосрдечно, аскетско послушание кон духовниот отец – во исполнување на заповедите Христови, тогаш не е возможно ни негово молитвено погребение во нашето срце. Ако нема исихастичко погребение на нашиот ум во срцето, тогаш нема ни надеж за дарот на севкупното наше воскресение како личности – уште во овој живот.

На претходно спомнатиот начин го запираме валкањето на енергијата на умот, го ставаме умот во процес на чистење и исцеление, а со тоа ја чистиме и суштината на неговата енергија во нашето духовно срце; односно го надминуваме внатрешниот дуализам помеѓу чистиот ум и разумот.

Едноставно кажано, енергијата на нашиот ум, во теоретски или практичен допир со гревот се валка; а во реален допир со Божествената несоз-

дадена енергија, односно во личен однос со Бог, се чисти и преобразува. Енергијата на умот е таа преку која се валка или чисти нашето духовно срце, затоа што преку неа се валка или чисти и суштината на умот, која е во срцето.

Доволно очистеното од страстите срце станува како гроб на умот, кој молитвено престојува во него – во молитва за целиот свет и за конкретниот непријател. Молитвата за целиот свет се проверува со молитва за конкретниот непријател. Ако ова не се совпаѓа, човекот се наоѓа во прелест – се лаже самиот себе и му нема лек.

Доколку успееме да го поминеме без пад (односно без предвремено напуштање на молитвениот престој на умот во срцето) периодот во кој непреобразениот дел од страстите ќе биде поттикнуван со реален демонски предизвик за нивно задоволување, тогаш можеме да се надеваме и на дарот на воскресението – и на душата и на телото.

Помислата не е реален, доволен предизвик за оној што се наоѓа на второто ниво од духовниот развој – *просветлување*, туку конкретните искушенија од областа на славољубието, среброљубието и сластољубието.

Носењето на крстот свој и одрекувањето од себеси, за оние кои пребиваат во просветлување на умот преку дарот на умно-срдечната молитва, се исполнува со доволна љубов и кон непријателите. За што доволна? За премин на степенот на обожение, кој е вистинско одење по Христос.

А, што значи тоа да останеш нераспнат, т.е. жив за овој паднат свет и без учество во Крстот

Христов, односно да останеш без христијански идентитет?

Тоа значи да се поистоветуваш со своето паднато, поделено, дуалистичко *јас*, односно со своите гревовни страсти, кои на колективно ниво се пројавуваат како световни поделби со кои се поистоветуваш – држава, нација, партија и други форми на самочовечко организирано здружување. Со други зборови, кога се поистоветуваш и ги продлабочуваш поделбите и во себе и во веќе поделениот свет околу тебе, наместо да ги исцелиш тие поделби во самиот себе, како и поделбите во светот околу себе – преку пастирски пристап кон истите.

# ВИЕ СТЕ СВЕТЛИНАТА НА СВЕТОТ

*Вие сте светлината на светот. Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина. Ниту, пак, светило се пали и клава под поклоп, туку на свеќник и им свети на сите в куќи* (Матеј 5, 14–15).

Светлината за која станува збор, сите ние ја имаме добиено на денот на Светото Крштение. Тоа е благодатта на Светиот Дух!

Оној што запалил свеќа, на првиот степен од својот духовен развој – *очистување*, е тој што доволно ја очистил енергијата на својот ум. Ова очистување се нарекува и прво гледање на несоздадената божествена светлина.

Кога запалената свеќа не се поклопува, тоа значи дека оној што доволно ја има очистено енергијата на умот, првото гледање на несоздадената светлина, кое се случува во умот и разумот, не го употребува за судење и за осудување на ближниот. Судењето и осудувањето е грев, а гревот ја задушува светлината, која е и очистувачка благодат.

Исто така, значи дека првата светлина не се употребува само за интелектуално надградување, туку за севкупно преобразување на сите душевни и телесни сили. Знаењето гордее и создава поделби,

а љубовта смирува и соединува во заедница – без да се изгуби личноста во соборноста.

Кога запалената свеќа се наместува на свеќник, тоа значи дека првата светлина се користи за согледување на сопствените гревови и нивно отстранување. На тој начин продолжува процесот на чистење на срцето од страстите.

Со континуирано продолжување на правилниот подвиг започнува да се чисти, поконкретно, и суштината на умот, која е во срцето. Кога суштината на умот доволно ќе се очисти, се случува отворање на срцето, појавување на несоздадената благодат и молитвено симнување на умот во него. Тоа е дар Божји.

Оттука па натаму, светлината, поставена на свеќникот – а свеќникот е нашето срце – може слободно да дејствува. Во оваа светлина лесно се забележува секој двиг на срцето и душата, како и помислите што сакаат да влезат однадвор. Во оваа светлина многу полесно се контролираат страстите, кои – минимално, но сè уште постојат во срцето.

Оваа светлина веќе тешко може да се задуши, за тоа е потребно пад во голем грев; а уште помала е можноста под одар да се стави, затоа што потребата од интелектуално знаење на тој степен е безначајна. И запаметете, Бог никогаш не ја пали оваа светлина за таа потоа да згасне, туку *ја наместува на свеќник, за да ја гледаат светлината оние што влегуваат!*

Ако светлината се разгорува и засилува преку постојан напор да се пребива во умно-срдечната

молитва и преку подвигот на љубовта кон непријателите, тогаш таа го одведува својот „сопственик“ до третиот степен на духовниот развој, наречен *обожение*.

На овој степен се случува вистинското гледање на несоздадената божествена светлина, дури и со преобразените телесни очи. И овој дар тешко се сокрива, доколку се живее пред очите на јавноста. *Не може да се сокрие град, што се наоѓа на врв планина.*

Вистинското гледање на несоздадената божествена светлина му е потребно на духовниот отец за да ги води правилно своите духовни чеда. Но, од друга страна, опитот покажува дека напредокот во духовниот живот, сепак, во најголема мера зависи од слободната волја на духовното чедо – од целосрдечното усвојување на христијанскиот идентитет.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# СУШТИНСКО НЕДОРАЗБИРАЊЕ

И *пак влезе* [Понтиј Пилат] *во преторијатот и Му рече на Исус: „Од каде си Ти?“ Но, Исус не му даде одговор.*

А, што да му одговори Богочовекот Христос на Понтиј Пилат, кога од другата страна нема соговорник кој може да Го разбере?

Така и денес: психопатот што тврди дека е христијанин не може да го разбере просветлениот; ниту пак, невротичарот што тврди дека е христијанин може да го разбере христијанинот, кој ставајќи го својот ум во процес на исцеление – преку целосрдечно послушание, се труди да се очисти од пројавите на неврозата.

Пројавите на неврозата ги објаснивме: губење контрола над мислите и чувствата, губење контрола над зборовите, и најтешкиот вид невроза – губење контрола и над своите дела.

Не можат меѓу себе да се разберат оној што бара човечка правда со оној што бара Божја правда.

Не можат меѓу себе да се разберат оној што мисли дека лошите средства ги оправдува добрата цел со оној што знае дека нема добра цел без користење добри средства.

Не можат меѓу себе да се разберат оној што,

бранејќи го својот национален идентитет – ги губи и истиот и својот христијански идентитет, со оној што бранејќи го својот христијански идентитет – го зајакнува својот национален идентитет.

Не можат да се разберат меѓу себе оној што се поистоветува со партија, држава и нација, со оној што негува пастирски однос кон партиите, државата и нацијата.

Не можат да се разберат меѓу себе оној што се приклонил на една од двете световни страни – онаа што, сокриена во побожност, Го предаде Господ Христос или кон онаа што Го распна со оној што се држи единствено до Христос.

Што ги прави еднакви двете навидум различни световни страни? И двете ја користат световната власт во чинење неправда.

Да, не можат да се разберат меѓу себе оној што го храни својот разум само со знаење, со оној што молитвено Го познал Бог во своето очистено срце – преку просветлениот ум.

*Пилат му рече: „Мене ли не ми одговараш? Не знаеш ли дека имам власт да Те распнам, и власт имам да те пуштам?“*

На ова приземно прашање Богочовекот одговара, но не толку нему, колку нам: *Ти не би имал никаква власт над Мене, ако не ти беше дадено одозгора; затоа поголем грев има оној што Ме предаде на тебе.*

Запаметете: предавниците Христови прават поголем грев отколку распнувачите.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# ИМА ЛИ КАДЕ ДА СЕЕ СЕМЕ СЕЈАЧОТ?

А *оваа параболa значи: „Семето е словото Божјо. Она што падна покрај патот, се оние кои слушаат; но потоа доаѓа ѓаволот и им го зема словото од срцата нивни, за да не поверуваат и да не се спасат; а она на камен – се оние кои кога ќе го чујат словото, со радост го примаат; но немаат корен и веруваат некое време, па штом дојдат искушенија, тие се откажуваат; тоа, пак, што падна меѓу трње се оние што го слушаат словото, но кога отидат, се подаваат на грижи, богатства и наслади од овој живот и не донесуваат плод; а оние на добрата земја се тие што го слушаат словото и го пазат во добро и чисто срце, и принесуваат плод со трпение". Штом го рече тоа, извика: „Кој има уши да слуша, нека чуе!"* (Лука 8, 11–15).

Семето што паѓа покрај патот ги објаснува оние христијани што се поистоветуваат со нацијата. Не може словото Божјо да донесе плод во оној што го изгубил својот христијански идентитет.

Семето што паѓа на камен ги објаснува оние христијани што се поистоветуваат со државата. Не може словото Божјо да го прими длабоко во себе

и тоа да му донесе плод на оној што својата сигурност ја потпира на овој свет, а не во Бог.

Семето што паѓа во трњето ги објаснува оние христијани што се поистоветуваат со некоја партија. Не може словото Божјо да донесе плод во оној чиј ум е расеан по световните грижи за задоволување на своите телесни страсти.

Само оној што ќе го сочува својот христијански идентитет, а истовремено ќе покаже пастирска грижа, проследена од конкретни подвизи и жртви, кон нацијата, државата и партиите, само тој ќе успее да донесе плод и за она за кое пастирски се грижи и за себе, во слава Божја. Кај него словото паднало на добра земја – во срце очистено од гревовните страсти.

А, што се однесува до соборноста на Црквата – не се збунувајте! Сум ви рекол дека соборноста е, пред сè, суштина на животот на човек кој своето срце го очистил од страстите и го добил дарот на умно-срдечната молитва. Очигледно, соборноста на Црквата не е толку во национално-административната поделба и црковните јурисдикции, одредувани од овосветската политика и етнофилетизмот.

Ние треба да Го следиме Светиот Дух Господ и да сме украсени со Неговите плодови; Он сигурно не нè следи нас во нашите поделби и нељубов.

Затоа и Христос Богочовекот вели: по плодот (на умно-срдечната молитва, оти нема друг) ќе се препознаете меѓу себе, а не по видот на дрвото и големината на гранките (а не по големината на

националните цркви и нивните јурисдикции)[1]. Нашата вера е во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква.

Пресвета Богородице, просветли ја нашата темнина и спаси нè!

---

[1] Види: Матеј 7, 16.

## ТИЕ ГИ ИМААТ МОЈСЕЈ И ПРОРОЦИТЕ – НИВ НЕКА ГИ СЛУШААТ

Духовниот развој на личноста не е магиски чин (ако каснете од плодот, ќе станете како богови[1]), туку тоа е процес на растење и созревање, во послушание. Самиот Авраам ни го потврдува ова со зборовите: *штом Мојсеј и Пророците не ги слушаат, тогаш и да воскресне некој од мртвите, тие нема да му поверуваат*[2].

Денешните Пророци се нашите духовни отци, во Црквата, кои слободно и љубовно ги одбираме, за преку нив смирено да ја чуеме Божјата волја. Дури и кога – поради своите човечки слабости, тие би ни дале некој погрешен совет, Бог – поради нашата доверба, во Него, преку нив – сè на крајот ќе претвори во наша духовна полза.

Послушанието е подвиг на ставање на умот во процес на исцеление, без што никој не може да го очисти своето срце – и да Го види Бог. Послушанието е премин од противприроден во природен начин на живот.

Послушанието е процес на исцеление од нев-

---

[1] Види: 1 Мој. 3, 5.

[2] Види: Лука 16, 19–31.

роза и од растројство на личноста, и превенција од религиозна невроза и од религиозно растројство на личноста. Само да ве потсетам дека кога зборуваме за религиозна невроза или растројство, веќе зборуваме за демонизираност.

Послушанието е активирање на примарната функција на умот – соединување на нашата создадена енергија со несоздадената Божја енергија преку молитвата, како и пренасочување на неговата секундарна функција кон исполнување на Божјите заповеди – што, исто така, се случува во заедница и содејство со несоздадената енергија Божја.

Послушанието е восогласување на начинот на нашиот живот со степенот од духовниот раст на кој се наоѓаме, како и со местото и улогата што ги имаме во Црквата и во општествениот живот. А ова восогласување, ретко кој го прави.

Послушанието е духовен прием на вистинското Предание на Светите отци.

Послушанието е процес на Божествено преобразување, растење и созревање до достоинството на дете Божјо.

Послушанието е сѐ во Црквата Божја.

Послушанието, кон човек, завршува со добивањето на дарот Божји на умно-срдечната молитва. *Вие сте скапо платени: не станувајте робови на луѓе* (1 Кор. 7, 23).

Е, сега... духовниот отец разбира дека секое негово чедо, од разни причини – да не навлегувам во тоа, ќе го слуша колку сака – особено во тешките моменти од животот. Исто како што, освен еден, сите останати Апостоли не Му беа послушни

на Богочовекот Христос до самото Негово Распнување.

Но, од истиот пример знаеме дека вистинските ученици го пројавуваат во себе и плодот на покајанието, а вистинскиот духовен отец секогаш ја задржува својата љубов за нив; дури и за оние кои, евентуално, нема да се покајат.

Пресвета Богородице, дај ни да сфатиме што е тоа целосрдечно послушание и помилуј нè!

## ЗОШТО НЕ ГО ПРИМАМЕ ХРИСТОС?

Примерот со луѓето од земјата Гадаринска ни покажува дека ним им беа поважни свињите, т.е. страстите среброљубие и сластољубие, отколку Христос. А, тие страсти се оние што се нарекуваат погруби и преку кои демонот најнапред напаѓа.

Што ли да речеме за посуптилната страст на умот, како што е високото мислење за самите себе, односно суетата, преку која демонот нѐ држи заробени и преку која сериозно, дури на крај, нѐ напаѓа?

Суетата (славољубието) е последната страст што е на ред да се преобрази пред да се премине од првиот степен на духовниот раст (*очистување на срцето од страстите*) на вториот – *просветлувањето на умот*.

Само поради славољубието нашето срце останува затворено за умно-срдечната молитва, а умот непросветлен.

Сѐ додека срцето е заробено од страстите и сѐ додека доволно не се очисти, односно додека човекот не дојде до вториот степен на духовниот раст – молитвата на умот во срцето и просветленоста, демонот останува во близината на нашето

срце, го држи заробено преку страстите и затворено за умот.

Затвореноста на срцето е скриена форма на демонизираност и затоа е многу потешко забележлива и алармантна за самиот човек отколку видливата демонизираност. Видливата болест секој сака да ја исцели, но при невидливата најчесто е и доцна за исцеление – особено кога некој мисли дека е духовно здрав.

Свињарите побегнаа од Христос. Тие не ги препознаа демоните во себе, и обземени од внатрешен демонски страв, како и за да се самооправдаат поради загубениот имот, ги уплашија со Богочовекот Исус Христос и другите жители слични на нив.

*И сиот народ од Гадаринскиот крај Го молеше да си отиде од нив; зашто се беа уплашиле многу*[1]. Посебно ги уплаши исцелението на демонизираниот. И, јасно е зошто: присуството на Човек со власт и сила на слово ги распаметува славољубивите; и демоните и луѓето.

Тоа е тој „свињарски идентитет“, поради кој не Го примаме Христос и се откажуваме од христијанскиот идентитет.

Господи Исусе Христе, преку Богородица, откриј ни ја нашата скриена демонизираност и „свињарски идентитет“, и спаси нè!

---

[1] Види: Лука 8, 26–39.

# ВИСТИНСКИ ДОПИР

Што може човек да научи од евангелското четиво за крвоточивата жена и за ќерката на Јаир?[1]

Забележуваме дека и двете Христос ги исцелува со допир. Ова сознание е голема утеха за сите нас. Тајната на исцелителниот допир се крие во обожението на сè создадено во Богочовекот Христос. Тајната на исцелителниот допир се крие, посебно, во обожението на нашето човечко тело. Тајната на исцелителниот допир е и потврда и за Воскресението на мртвите, што го чекаме.

Оние кои духовно и телесно се причестуваат со Крвта и Телото Христови, го остваруваат најпотполниот исцелителен допир со Богочовекот Исус Христос. Според светите правила на Црквата, оној што три недели по ред нема да го оствари овој допир, се одрекол од тој допир.

Приемот на исцелителната божествена енергија и преку допир се случува, пред сè, со вера во Синот Божји – Богочовекот Исус Христос, тоа го гледаме и во двата случаја. Само што во првиот случај имаме пројавена вера за себе, а во вториот случај имаме пројавена вера во полза на друг.

[1] Види: Лука 8, 41–56.

И во верата се расте. Постои аскетска вера што одговара на првиот степен од духовниот развој – *очистување на срцето од страстите*, и постои благодатна вера што одговара на вториот степен од духовниот развој – *просветлување на умот*; произлезена – не од читање книги, туку од жив однос со Бог во срцето, остварен преку умно-срдечната молитва.

Прво се принудуваме на аскетска вера, а од опит се стекнуваме и со благодатна вера. Опитот ни носи не само вера, туку и знаење и познание на Бог, така што верата надоградена со познание и знаење на Бог е веќе – благодатна вера.

Молитвата за себе (или пројавената вера за себе) е карактеристична на почетокот од првиот степен на духовниот развој, а молитвата за ближните (или пројавената вера во полза на другите) е единствената молитва на вториот степен на духовниот живот.

Често и Самиот Христос ја поттикнува паднатата вера во човекот: *Не бој се! Само верувај и ќе биде спасена!* (Лука 8, 50).

Задржување на исцелителната благодат Божја, исто така, се случува само преку вера потврдена со опит, со дела. Најголем проблем на секој христијанин, секогаш, е задржувањето на благодатта Божја. А, има и такви кои се одрекле од христијанскиот идентитет и, иако учествуваат во Светите Тајни на Црквата – тие самите остануваат неосветени.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

# САМООПРАВДУВАЊЕ

*И ете, стана еден законик и, искушувајќи Го, рече: „Учителе, што да направам за да добијам живот вечен?“ А Он му рече: „Што е напишано во Законот? Како читаш?“ Тој одговори и рече: „Возљуби Го Господ, твојот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, со сета своја сила и со сите свои помисли; и својот ближен како себеси!“ Му кажа, пак: „Добро одговори; тоа прави го и ќе бидеш жив“. Но тој, сакајќи да се оправда, Му рече на Исус: „А кој е мојот ближен?“*[1]

Страшна е потребата на човекот да се самооправдува; за мене, дури најпогубната појава од сите гревовни појави во човековиот душевен и ментален свет. Самооправдувањето е главна карактеристика на паднатиот човек, на неговиот паднат ум.

И самиот пад на човекот не се случи со земањето на забранетиот плод, туку токму со самооправдувањето: *жената, која Ти ми ја даде, ме прелажа*, како и: *змијата ме измами, и јас јадев*[2]. Самооправдувањето, поврзано со осуда на другиот,

[1] Види: Лука 10, 25–29.
[2] Види: 1 Мој. 3, 12–13.

а најчесто е така, е моментално отпаѓање од Бог.

Самооправдувањето го обесмислува целиот христијански психотерапевтски метод – петте контролни точки (ПКТ), преку кои се надминува секое можно искушение. Доколку го осудиш другиот, го оневозможуваш целиот психотерапевтски процес: не можеш ништо да прифатиш како дар Божји, не можеш да Му заблагодариш на Бог за сѐ, не можеш а да не покажеш дека си во искушение, и не можеш да го искористиш искушението како подлога за молитвено всебевраќање и преобразување.

Самооправдувањето е одрекување од Богочовекот Христос како наш урнек, одрекување од Божјата правда за себе и за светот, и воведување нов критериум – паднатиот човек и неговата правда кои се – ништо друго, туку враќање на злото со зло.

Самооправдувањето, поврзано со осудувањето на другите, е најпрепознатлив знак на духот на антихристот. Самооправдувањето е воведување на демонот како критериум на нашиот живот.

Самооправдувањето е привремен прекин на протокот на Божјата благодат во нас, додека осудувањето на другите е директно отпаѓање од Бог. Самооправдувањето е патот до пеколот и врата на вечниот пад.

Како, начелно, треба да постапуваме кога некој ќе нѐ опомене или укори поради некое наше дејство? Без оглед – дали е во право или не, првиот наш и единствен збор треба да биде „прости“, без никакво дополнително објаснување. Објаснување

даваме само доколку тој што нè опоменал или укорил го побара тоа од нас. Објаснување без да е тоа побарано, го поништува зборот „прости“.

Пресвета Богородице, спаси нас!

## КОЈ Е НАВИСТИНА БОГАТ?

Рече *Господ во приказна: На некој богат човек нивата му беше родила многу и мислеше во себе, велејќи: „Што да направам? Немам во што да ги соберам плодовите свои“. Па рече: „Вака ќе направам: ќе ги урнам амбарите свои и ќе соѕидам поголеми, и таму ќе го соберам сето свое жито и сите свои добра, и ќе ѝ речам на душата своја: душо, имаш многу добра, приготвени за многу години; почивај, јади, пиј и весели се!“* (Лука 12, 16–19).

Начинот на кој богатиот размислува е верен опис на менталното и душевно заболување – растројство на личноста, односно на начинот на кој размислува и дејствува еден социопат. Во неговите мисли и чувства нема место за оние што страдаат од немаштија и од други телесни и душевни страдања, туку само за себе и за своето добро.

Целиот наш живот е дар Божји. Така, и сиромаштвото е дар Божји, кога сиромавиот со смирение и трпение Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар. Исто така, и богатството е дар Божји, кога богатиот со смирение и трпение им служи на сиромасите со своето богатство и на тој начин Му благодари на Бог за него, и го препознава овој дар.

Кога луѓето би ги препознавале даровите Божји и нивната цел, и кога со смирение и благодарност би се однесувале кон нив, даровите Божји би служеле како средство за надградување и остварување на нашата заедница во Богочовекот Исус Христос – која е нашиот најголем дар Божји, а во Него и меѓу себе; и би служеле како средство за наше спасение.

Со други зборови, само на тој начин можеме да Му благодариме на Бог – кога Неговите дарови повторно Нему Му ги принесуваме: „Твои дарови од Твоите, на Тебе Ти ги принесуваме за сите и за сѐ“[1]. Делотворниот однос на благодарењето од севкупниот наш живот лично-соборно се исполнува со нашето учество во Светата Евхаристија (Благодарење) на Црквата Божја.

Така, никој не може да се нарече богат, односно подобен на Бог, без да ги збогатува и другите околу себе – пред сѐ, во духовна, но – по потреба, и во материјална смисла на зборот.

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

---

[1] *Божествена Литургија на свети Јован Златоуст*, возглас од Литургијата на верните.

## ПОСЛЕДНОТО МЕСТО Е СЀ

Често демонот се обидува да ги збуни подвижниците.

Покрај задолжителната примена на петте контролни точки, кои ако се спроведат правилно, сигурно ќе ни помогнат да го решиме проблемот со кој се соочуваме, можам да ви предложам уште два совета, во случај збунетоста да не поминува.

Прво што треба да се направи е да се провери дали е нарушена хиерархиската линија на послушанието; со други зборови, дали го послушуваме тој што Епископот ни го определил за старешина или духовен отец. Оти е речено: *Кој го слуша оној што сум го пратил, Мене Ме слуша, а кој Ме слуша Мене, Го слуша Мојот небесен Отец*[1]. И, обратно.

Да се потсетиме: ние не сме дошле за апсолутно ништо друго во Црква или во манастир, освен да го ставиме умот во процес на исцеление сè до добивањето на дарот на умно-срдечната молитва и просветлувањето на умот.

Да повторам: за апсолутно ништо друго, колку и да изгледа тоа побожно!!!

---

[1] Види: Лука 10, 16.

Послушанието е екстремно одрекување од овој свет, туѓинување и распнување на умот, негова смрт и негово молитвено погребување во срцето. И, уште ова: едно е дарот на умно-срдечната молитва, а друго е просветлувањето на умот.

Послушанието е внатрешна духовна состојба на умот и срцето, а не само надворешно и површно исполнување на заповедите.

Послушанието е „последното место“. А, последното место е сè!

Второ што треба да се потсети секој подвижник е дека нашата борба не е против тело и крв, туку против духовите на злобата од поднебесјето. Така, не само што треба да го одделиме гревот од грешникот, туку треба да го одделиме и човекот што нè повредува од демонот кој на тоа го навел.

Да потенцирам: ние никогаш немаме проблем со човек, туку секогаш со демонот во нас и со демонот во оној што нè повредува!!!

Одделувањето на човекот од демонот е исто што и барање Божја, а не човечка правда. Секогаш сме ние виновни и никој друг, затоа што сме различни од Богочовекот Христос.

Да повторам: јас сум виновен за сè, и апсолутно никој друг!!!

Пресвета Богородице, спаси нè!

# МИТРОПОЛИТ СТРУМИЧКИ ГЕРАСИМ[1]

Го знаете сите Владиката Јаков, неодамна беше избран за мој помошен Епископ. Јас полека почнувам да се повлекувам, а тој оди напред, па му дадовме предимство да го води овој помен и полека да се вежба. И, јас сум радосен поради тоа, а и вие треба да бидете.

Сакав два-три збора да кажам за еден друг аспект што треба да го знаеме сите. Постои нешто што се нарекува *сегашно време* и нешто што се нарекува *историско време*, и тие две времиња може да бидат во расчекор, ако не внимаваме. Но, бидејќи не внимаваме, навистина сме во расчекор со денешното време и историското време. Еден од доказите дека сме во расчекор е тоа што денес, овде, немаме Епископ од Бугарската Православна Црква, што лично мене многу ми недостасува. На пример, го имаме Дедо Герасим меѓу нас, кому му славиме 100-годишен спомен од неговото упокојување – во време во кое сме биле едно, а сега, некое друго

[1] Беседа изговорена на панихидата по повод 100-годишнината од упокојувањето на Митрополитот Струмички Герасим, на 1 декември 2018 г., во соборната црква „Светите Методиј и Кирил“, Струмица.

време дојде во кое не сме едно, поради разни политички, а пред сè, ѓаволски интервенции.

Така, ние растевме во едно време каде што ни кажуваа дека Бугарите ни се најголеми непријатели, и ние тоа време треба да го ставиме зад нас, а нашите деца во училиштата треба да знаат дека тие не ни се најголеми непријатели, туку дека ни се најголеми пријатели и браќа; и се надевам дека еден ден тоа ќе го потврдиме со присуство и на Епископи од Бугарската Православна Црква, во една заедничка служба.

Верувам дека ќе дојде тоа време, затоа што Господ си наоѓа начини како да нè соедини сите; но тоа соединување може да биде само во Господ. Инаку, ние, луѓето, брат со брат ќе се скараме за неколку квадрати простор. Значи, не ни е безбедност тоа дека сме браќа, па дека нема да се расправаме – безбедност ни е Христос дека нема да се расправаме меѓу себе. Така, верувам еден ден ќе се соединиме, со воспоставувањето на единството на Црквите.

Инаку, знаете, ние сме Епископи на Едната, Света, Соборна и Апостолска Црква, и не служиме никому, освен на Христос и на Црквата. Нема такво нешто како што е македонска, бугарска, грчка, српска или руска црква. И во Симболот на верата тоа не го читаме. Ние читаме дека веруваме во Една, Света, Соборна и Апостолска Црква, и ние, како Епископи, сме должни да ја претставуваме таа Една, Света, Соборна и Апостолска Црква, и да работиме на единството на сите, пред сè, на православните христијани, а потоа и на сите луѓе.

Не смее ниеден човек да биде надвор од нашето срце. Ако само еден човек биде надвор од нашето срце, макар и најголемиот непријател, ние не можеме да ја кажеме молитвата „Оче наш“. Таа молитва се кажува за сите луѓе. Кога ќе речеш „Оче наш“ – тоа подразбира дека се молиш за сите луѓе, и ако еден човек оставиш надвор од своето срце, тогаш нема „Оче наш“, нема молитва, нема Господ, нема ништо.

Така, деца, како што разбрав, повеќето сте од тука, од Македонија, од нашите училишта – да знаете, да учите кој ни е најголемиот пријател и со кого сме браќа.

Гостите, пак, што се дојдени од Бугарија, мислам дека веќе знаете – сите се чувствувате како дома овде, посебно во Струмица, и тоа чувство да го задржите. Се надевам ќе се гледаме во разни и убави настани и прилики.

И ова е убав настан, не е тажен – во Христос сите ние сме живи; мртви се само оние што се надвор од Христос. Во Христос сите се живи, и упокоените и ние што живееме сега – сите сме живи во Христос. А, тие што живеат, а се надвор од Христос, се всушност, мртви души, а телата ќе умрат во свое време.

Голем благослов за сите. Ви благодарам што дојдовте да се сетиме на Митрополитот Струмички Герасим, нашиот застапник пред Господ. Без тој овде да работел и да си го положил својот живот, со сите маки што ги претрпел, и ние не би можеле сега да стоиме овде, и треба да сме благодарни за тоа. Нека му е вечен споменот! Амин.

## ДООБЈАСНУВАЊЕ ЗА ПЕТТЕ КОНТРОЛНИ ТОЧКИ

Гледам дека има потреба уште да се потсетуваме на методот на петте контролни точки (ПКТ), кој е единствениот метод на православната психотерапија преку кој можеме да го надминеме секое искушение – од најмалото до најголемото.

Секое искушение, од најмалото до најголемото, го надминуваме со негово прифаќање како дар Божји, со благодарност кон Бог за истото, со свесност дека вината за слученото е секогаш наша, со непокажување надворешно на нашата моментална внатрешна состојба и со континуирана молитва преку која продолжуваме да ја градиме нашата заедница со Бог и со сите луѓе.

Колку побрзо ја восогласиме нашата душевна состојба во Духот на петте контролни точки, толку побрзо ќе ја надминеме нашата разбранувана душевност и толку побрзо ќе влеземе во мирните води на православната духовност. Всушност, и самата идеја на методот на ПКТ се состои во што побрзото надминување на искушението, со што помали штетни последици за нас и за засегнатите околу нас.

Сакам да потенцирам дека секое восовршу-

вање во борбата со демонот во себе, како и со демонот во другите, започнува со потполна теоретска и соодветна практична обука во мали искушенија. Справувањето со малите искушенија ја одржува нашата будност, ни овозможува континуирано вежбање и е превенција од поголемите искушенија. И, Бог допушта искушенија соодветно на нашата способност за вежбање.

Не треба да очекуваме големи искушенија, па да го спроведеме методот на ПКТ. Буквално, во секој момент од нашиот живот се наоѓаме во некакво искушение, односно испит што ни се случува на несвесно или свесно ниво, и што ни предизвикува стрес. Ѓаволот лежи во деталите. Наше е да бидеме будни.

Без вежбање ништо не можеме да научиме – тоа е познато. И, не само што не можеме да научиме, туку го забораваме и теоретското знаење. Повторно ќе речам, да не чекаме да се случат големите искушенија, тогаш е доцна за вежбање. А, големите искушенија секако ќе дојдат, сакале ли ние тоа или – не.

Полесно се учи справување со нешто што е полесно, отколку кога ќе дојде потешкото. Будноста и вежбањето во справувањето со малите искушенија е превенција од поголемите искушенија. Всушност, погледнато од аспект на справување со искушението – нема мали и големи искушенија; има само правилно или неправилно справување со искушението.

И еден општ совет: да не се луксузираме со демонската помисла дека сме подобри од кој било

човек! Поради оваа помисла многу се страда. Затоа Богочовекот Христос ни заповеда да се држиме до последното место, кое во пракса не е ништо друго, туку влез во умно-срдечната молитва.

Пресвета Богородице, спаси нè!

# ЧУВАЈ СЕ ОД ОНА ШТО МИСЛИШ ДЕКА СИ

Луѓето што се крстени си мислат дека и автоматски се христијани, но не сфаќаат дека нивните дела не го говорат истото. Најмногу ги издава нивната внатрешна насоченост кон барање, а не кон давање – како што Богочовекот Христос го даде Својот живот за спасение на човекот и светот.

Клучна грешка што таквите христијани ја прават е тоа што не го восогласуваат начинот на својот живот со степенот на духовниот развој, и со местото и улогата што ги имаат во Црквата и општеството. Многумина не ни знаат дека воопшто постои некакво восогласување, а и тие што чуле – би требало посериозно да се однесуваат.

Ретко кој чул за „петте контролни точки“ како единствен автопсихотерапевтски метод на христијанската психотерапија, преку којшто се надминува секое искушение во нашиот живот, од најмало до најголемо. И, ретко кај некого да видиш, денес, дека ја бара Божјата правда, наместо човечката.

Малкумина се свесни за коренот на дуализмот што го живеат во себе при изборот помеѓу привлечноста на световното и потребата од Божественото. Не знаат дека се повикани да ја преобразат создадената енергија на својот ум преку

примарната функција на умот – молитвеното единство со Бог, така што и во својата секундарна функција – комуникацијата со овој свет, истата енергија да дејствува преобразено. Ова дејствување во Литургијата на Црквата се нарекува духовен разум.

Многумина не размислуваат и не дејствуваат согласно новите личносни односи, кои се воспоставуваат со воплотувањето на Синот Божји од Марија Дева и Светиот Дух. Во Црквата, ние стануваме Божји синови, Богородица е наша мајка, а Богочовекот Христос е наш брат, по благодат. Тие остануваат религиозни, заробени од словото што убива (види: 2 Кор. 3, 6).

Христијанскиот идентитет е единствен идентитет што Христијаните го имаат. Тие не можат да се поистоветуваат со држава, нација или партија, а притоа да не ја изгубат Божјата благодат, својот христијански идентитет, како и сето она со кое се поистоветуваат. Христијанинот има само пастирски однос кон сите форми на овосветско човечко организирање, и само поради тоа може на сите да им стане сѐ – само некого за Христос да придобие. И оваа јасна Евангелска порака излегува дека не е јасна.

И, како сега јас да ви објаснам дека исихазмот, а не активизмот, е одговор на сите искушенија што ги носи со себе современиот модел и начин на живот?

Затоа, најмногу чувај се од тоа што си мислиш дека си, а не си!

Пресвета Богородице, спаси нѐ!

ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛИСТИЧКА ПСИХОТЕРАПИЈА

# Логотерапијата на Виктор Франкл

*Вовед во компаративен пристап*

# ВОВЕД

*Човекот не е само загатка, туку и тајна.*
*Загатката може да се реши –*
*некогаш тоа е само прашање на информација*
*и комуникација. На тајната можеме единствено да ѝ*
*се приближиме, но не и да ја разрешиме.*
– д-р Владета Јеротиќ

Логотерапијата, како психотерапевтски правец и пристап кон клиентите, е неразделно поврзана со името на Виктор Франкл, австриски психијатар и психоаналитичар. Како и некои други егзистенцијалисти, и тој тврди дека неговите теоретски ставови за психотерапијата потекнуваат од неговиот личен животен опит. Тоа е сосем веројатно со оглед на неговите биографски податоци.

Виктор Франкл (1905 – 1997) е по потекло Евреин, роден во Виена, каде што се школувал и каде што во 1928 година основал Центар за советување млади, и со него раководел до 1938 година. Од 1942 па сè до 1945 година, Франкл бил затворен во нацистичките концентрациони логори, Аушвиц и Дахау, каде што загинале неговите родители, братот, жената и децата. Живо се сеќавал на своите ужасни искуства од тие логори, но бил и во состојба да ги

искористи на конструктивен начин, и не допуштил тие да ги уништат неговата љубов и ентузијазам кон животот[1].

Иако Франкл почнал да го развива егзистенцијалистичкиот пристап во клиничката пракса и пред ужасните години поминати во нацистичките логори, неговите тамошни искуства само ги потврдиле неговите ставови. Живеејќи во логорски услови, Франкл ги забележувал и лично ги искусил вистините за кои говорат егзистенцијалистичките философи и писатели, вклучувајќи го и ставот дека љубовта е највисоката цел кон која луѓето можат да тежнеат и дека во неа е нашиот спас.

Следниот став и мисла е дека, во која било ситуација, сè уште можеме слободно да бираме. И овој став, според Франкл, го потврдува неговото искуство од концентрационите логори. Дури и во најужасните ситуации можеме да ја сочуваме (соодветно колку ја имаме) нашата духовна слобода, како и независноста на умот. Опитно научил дека на човекот може да му биде одземено сè, освен едно нешто: „Последната човекова слобода – да ги избере своите ставови и уверувања во сите возможни околности, да го избере својот пат“[2]. Ова Франкл го пишува во својата книга, бестселер, „Човековата потрага по смисла“, од 1963 година.

Франкл верувал дека во битието на човечкиот род е всадено трагањето по смисла и цел

[1] Corey Gerald, *Teorija i praksa psihološkog savjetovanja i psihoterapije*, Naklada Slap, Zagreb, 2004, стр. 141.
[2] Истото.

(целисходност). Таа смисла можеме да ја откриеме преку своите дела, преку доживувањето на вредностите (како што се љубовта или успехот во работата), како и преку страдањата – кои, по сѐ изгледа, се неизбежни во општото човеково искуство.

Но, биографијата, односно севкупниот творечки опус на Виктор Франкл би бил непотполн, па дури и неговите главни ставови, кои претходно ги набројавме, за мнозина би биле во голема мера нејасни ако не потенцираме дека тој бил исклучиво религиозен човек.

Еве делови од една негова беседа, одржана пред останатите затвореници, за време на неговото затвореништво: „Реков дека некој постојано внимава на нас во тешките мигови – пријател, сопруга, некој жив или мртов, или Бог – и тој некој не очекува дека ќе го разочараме. Оние од нас, кои имаат вера, реков отворено, можат да разберат без тешкотија. Им кажав за еден пријател, кој при пристигнувањето во логорот се обидел да склучи сојуз со Небото дека неговото страдање и смрт ќе ја поштедат неговата љубена од мачен крај. За тој човек, страдањето и смртта имаа смисла; неговото жртвување беше од најдлабока важност. Тој не сакаше да умре без причина. Никој од нас не го сака тоа“[3].

Следниот пасус е авторски опис на едно од неговите најдлабоки мистични искуства: „Еднаш, неколку денови по ослободувањето, чекорев низ по-

---

[3] Victor Frankl, *Man's Search for Meaning*, Beacon Press, Boston, Massachusetts, 1992, стр. 91.

лето по расцветаните ливади, и минав километри додека да стасам до градот во кој имаше пазар и кој се наоѓаше во близина на логорот. Кон небото се извишуваа чучулиги – го слушав нивното весело цврокотење. Со километри немаше никој наоколу; ништо, освен ширна земја и небо, славењето на чучулигите и слободата на просторот. Застанав, се свртев наоколу, погледнав горе кон небото – и паднав на колена. Во тој миг бев сосема несвесен за себе и за светот – во умот имав само една реченица – само оваа: 'Кога бев на мака, Го повикав Господ, и Тој ме услиши и на ширина ме изведе'".

„Колку долго сум клечел така и сум ја повторувал таа реченица, веќе не се ни сеќавам. Но, знам дека тој ден, тој час, мојот нов живот започна. Чекор по чекор одев напред, додека повторно не станав човек."[4]

Последниов дел од неговата биографија е посебно значаен за нашиов труд, во кој сакаме одредени ставови од егзистенцијалистичката психотерапија да ги споредиме со одредени ставови од христијанската психотерапевтска пракса, односно метод или техника што се користи за исцеление на оние што бараат духовна помош од свештеникот. Секако, христијанската психотерапија, и покрај неколку добри обиди во последниве децении, не е сѐ уште докрај систематизирана, но сепак живее, веќе две илјади години, во терапевтската пракса и во делата на Светите отци на Црквата. Впрочем, познато е дека големите духовно-религиски сис-

[4] Истото, стр. 96–97.

теми имале огромно влијание врз создавањето на основите на различните психотерапевтски пристапи и ги инспирирале нивните творци. За Франкл уште се говори дека од својата младост бил многу инспириран и од Достоевски и од неговите дела.

Значи, Виктор Франкл го одбрав како еден од клучните претставници на егзистенцијалистичкиот пристап, и тоа поради драматичниот начин на кој неговите теории се проверувани преку неговите животни трагедии. Неговиот живот бил приказ на неговата теорија, затоа што го живеел она за кое теоријата говорела. Иако и други автори пишувале за егзистенцијалистичките концепти, тие не биле толку популарни како Франкл. На крај, формулата на Франкл: „Прво е да се филозофира, па потоа да се живее“ (Primum philosophare, deinde vivere), стекната од мачното лично искуство на престој во концентрационен логор во Втората светска војна, поминала низ цел свет и наишла на одличен прием, во сите три христијански вероисповеди.

## ЛОГОТЕРАПИЈА

### **Терапија преку пронаоѓање смисла**

Како што веќе нагласивме, Франкл верувал дека во битието на човечкиот род е всадено трагањето по смисла и цел (целисходност); затоа според него дури 55% од сите невротски пречки (тегоби) како главен симптом и причина ја имаат загубата на смислата за живеење. Затоа, Франкл воведува нова нозолошка единица – *ноогена невроза*, за која смета дека е последица на егзистенцијални фрустрации и на живот во створен егзистенцијален вакуум, и дека главниот симптом е губиток на смислата за живеење. Ова се изразува како чувство на внатрешна празнина, за која човек често и не е свесен, со други зборови – како отсуство на вредностите што го исполнуваат секојдневниот живот[5].

Ноогените неврози, кои се особено распространети кај младите луѓе, не потекнуваат од психолошка, туку од ноолошка или духовна (од грчкиот збор *nous* – дух) димензија на човековата егзистенција, не се засноваат врз комплексите и врз конфликтите во вообичаената смисла на зборот,

[5] Erić Ljubomir, „Psihoterapija“, *Egzistencijalistička psihoterapija*, Petar Opalić, Psihopolis Institut, Novi Sad, 2010, стр. 426.

туку врз конфликтите на совеста, врз судирите на вредности, врз егзистенцијалната фрустрација и егзистенцијалната празнина, настанати исклучиво од егзогени причини. Изразот *егзистенцијален* кај Франкл има тројно значење:

1) се однесува на егзистенцијата, т.е. на специфичниот човеков начин на постоење;

2) на смислата на егзистенцијата;

3) на барање конкретна смисла на личната егзистенција.

Под *егзистенцијална фрустрација* В. Франкл подразбира сериозно оштетување на *волјата за смисла* кај денешниот човек. Оваа волја за смисла е најдлабока и, поточно, е основен двигател на секое човеково дејствување, смета Виктор Франкл. На младиот човек денес, кому, според зборовите на В. Франкл, „инстинктот повеќе не му кажува што мора да прави, ниту пак, традицијата му кажува што треба да прави, па наскоро тој повеќе нема ни да знае што сака да прави; но од тој момент човекот ќе посакува да го прави или она што другите го прават, или го прави она што ќе му наредат да го прави“. Значи, како тој млад човек, погоден од ноогена невроза и од нејзините тешки последици, повторно да си ја поврати волјата за смисла?[6]

Еве уште два карактеристични примера за ова прашање кај професор д-р Дмитриј А. Авдеев,

---

[6] Др Владета Јеротић, *Криза као шанса за исповест и покајање*, Први симпосион православних теолога „Тајна покајања у савременој психологији и пастирству“, Београд, 1984, Svetosavlje.org (26.12.2018).

објаснети со јазикот на христијанската психотерапија. „Во структурата на депресивните растројства само 2% се ендогени депресии (а не егзогени), т.е. депресии што не се поврзани со таканаречените психоемоционални трауми и што се развиваат од природно-биолошки причини. Тоа, како прво, се депресии во рамките на шизофренијата, манично-депресивната психоза и друго. Причините за 98% од депресиите се од духовно-психолошки карактер (ноогени неврози). Друг пример: меѓу самоубијците само 10% се психички болни, а 90% од самоубијците се сметаат за луѓе без видливи психички заболувања, но да додадеме, се духовно длабоко повредени. Еве видливи примери за неопходноста од христијанско вреднување на психичката патологија. Во најголем дел таа е поврзана со грев, и тоа треба да го запомниме и да го кажуваме. Алкохолизам, наркоманија, коцкање, полови изопачувања... овој список може да се продолжи. Сето ова се таканаречените гревовни болести.“[7]

Бидејќи најчеста причина за алкохолизмот и наркоманијата е губењето на смислата за живеење (ноогена невроза – според Виктор Франкл), и тоа по подолго траење на егзистенцијална фрустрација и егзистенцијален вакуум, најдобар пат кон исцеление е враќање на смислата на живеењето, засилување на „волјата за смисла“, особено кај младите алкохоличари и наркомани. Религијата отсекогаш била и останала силна, привлечна мета која

[7] Д-р Дмитриј Авдеев, *Пастирска грижа за душата – психијатриски аспект*, Библиотека Воведение, Велјуса, 2010, стр. 49.

го исполнува животот, и битието на секој човек[8].

Самата идеја на религијата, и без постоењето на Бог, му дава некаков одговор на човекот за неговата смисла на постоење – исто како што тоа го прават и разни други филосoфски и религиозни системи, и на некој начин ја смируваат неговата совест или, со зборовите на Франкл, ја пополнуваат егзистенцијалната фрустрација и егзистенцијалниот вакуум. Можеби, за науката Бог не постои, но затоа верата и молитвата како појави постојат, и тоа е доволна причина за секоја нормална наука да ги испитува нивните ефекти и последици.

Во нашата средина логотерапијата сѐ уште не е толку позната и не е толку употребувана како метод на психотерапијата, иако најмногу би одговарала (заедно со егзистенцијалистичката и персоналистичката психотерапија, исто така, малку познати кај нас) на христијанската концепција на човековото битие[9]. Оваа забелешка на професорот Владета Јеротиќ е особено значајна, земајќи го во обѕир фактот дека и кај нас, во Македонија (и во Србија), поголемиот дел од населението ја исповеда православната христијанска вера, воспитувано и образувано (колку тоа и да се избегнува јавно да се признае) во поднебје и култура со длабоки христијански корени.

Виктор Франкл смета дека ноогените неврози се специфични за нашето динамично време;

---

[8] Јеротић Владета, *Хришћанство и психолошки проблеми човека*, Издавачки фонд Архиепископије београдско-карловачке, Београд, 2000, стр. 330.
[9] Истото, стр. 362.

време на многу промени и транзиции на секое ниво од човековото постоење; време и настани на кои човекот не може толку брзо и лесно да се прилагоди и да ги следи, и кое е посебно карактеристично за западноевропската култура. Би додале дека тоа и такво време денес ја опфати и источноевропската култура (и безмалку целиот свет), поради новиот модел на живот што секојдневно му се наметнува на современиот човек под општ поим *либерализам*, чија главна карактеристика, во суштина, е слободно задоволување на сите страсти (славољубие, среброљубие и сластољубие), без оглед на персоналните (личните) последици и последиците по другиот или севкупната заедница.

### Задача на логотерапијата

Теориската основа на логотерапијата се темели на откритието на ноогените неврози. Како што веќе рековме, Виктор Франкл ги дефинира како „специфичен невротизам, кој не се темели на комплексите и на конфликтите во вообичаената смисла (на нагонско несвесно), туку на конфликтите на совеста, на борбата меѓу вредностите, на егзистенцијалната фрустрација (како фрустрација на човековата волја за смисла) и на егзистенцијалниот вакуум, настанат од егзогени причини“[10]. Од дефиницијата на логотерапијата произлегува и нејзината задача, и цел.

Задачата на логотерапијата е да го направи

[10] Истото, стр. 362.

штитеникот (клиентот) свесен за сопствената одговорност. Ова е возможно да се постигне со активирање на „духовно несвесното“, кое како вистинска и егзистенцијална димензија постои во човекот, наспроти „нагонско несвесното“. Ова „духовно несвесно“ е неопходно за сите лични дела на човековата егзистенција, како што се: љубов, вера, доверба, слобода и одговорност. Улогата на терапевтот е да го прошири видното поле на штитеникот, без наговарање, наметнување на сопствени ставови или докажувања.

Навистина е многу значајно, и христијански потполно оправдано, предупредувањето на Франкл дека не се потиснува само нагонот, туку и совеста и духот; одовде ноогените неврози не произлегуваат од психолошката, туку од ноолошката димензија на човековата личност.

Три патишта се пред човекот, согласно мислењето на Франкл: остварување на некое дело, доживување на некоја вредност и трпење (човек трпи под услов трпењето да има смисла)[11].

---

[11] Истото.

## КЛУЧНИ ПОИМИ И ПРЕТПОСТАВКИ НА ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛИСТИЧКАТА ПСИХОТЕРАПИЈА

Егзистенцијалистичкиот поглед на човековата природа делумно се темели на замислата дека важноста на нашето постоење не е одредена еднаш засекогаш; наместо тоа, ние, низ своите проекти непрестајно одново се создаваме себеси. Луѓето се постојано во преодна состојба: настануваат, се развиваат и постојат. Да постоиш како личност значи да ја откриваш својата егзистенција и да ја бараш нејзината смисла. Ние постојано се запрашуваме себеси, другите луѓе и светот во којшто живееме. Иако специфичните прашања што ги поставуваме се разликуваат со оглед на нашиот развоен степен, основните теми остануваат исти. Поставуваме прашања како што се: „Кој сум јас?“, „Кој сум бил/а?“, „Каде одам?“[12]

Според егзистенцијалистичкиот пристап, основните димензии на човековото постоење вклучуваат: 1) капацитет за самосвест; 2) слобода и одговорност; 3) создавање сопствен идентитет и воспоставување осмислени односи со другите луѓе;

[12] Истото, стр. 145.

4) барање смисла, вредности и цели; 5) тегобата како животна состојба, и 6) свест за смртта. Овие претпоставки ќе ги разгледаме, накратко, врз основа на теми што се појавуваат во пишаните делови на егзистенцијалистички насочените терапевти, а по можност, и според интересот, ќе ја разгледаме и имплементацијата на секоја од тие претпоставки во советодавната пракса.

1) **Капацитет за самосвест**. Луѓето можат да размислуваат и да направат избор, заштo имаат капацитет за самосвест. Колку е поголема таа свесност, толку се поголеми нашите можности за користење на слободата (согласно втората претпоставка). Според тоа, со проширувањето на свеста се зголемува капацитетот за живеење на живот во полнота. Луѓето, значи, можат да изберат дали ќе ја прошират или ќе ја ограничат својата свесност. Бидејќи самосвеста е основа за повеќето од човечките капацитети, одлуката за проширување на свесноста е темел на човековиот раст и развој. Еве, на пример, некои почетни проширувања на свесноста што штитениците можат да ги доживеат и научат во советодавниот процес, кои се за нас поважни: учат дека со своите поранешни одлуки самите себе се држат како затвореници и сфаќаат дека можат да донесат нови одлуки; учат дека иако не можат да ги променат одредените случувања од својот живот, сепак, можат да ги променат сопственото доживување и реакција кон нив; или почнуваат да сфаќаат дека не живеат во сегашноста, затоа што се преокупирани со минатото, со планирање на иднината или со обидот одеднаш да

работат на повеќе задачи, итн.

Цел на советувањето е зголемување на самосвеста, кое ги вклучува и свеста за мотивите, за факторите кои влијаат врз нас, и за личните цели. Задачата на терапевтот, меѓу другото, е да му покаже на клиентот дека зголемувањето на свесноста има и своја цена: со отворањето на вратите од својот свет тој може да очекува и нови тешкотии, но и можност за поисполнет живот[13].

2) **Слобода и одговорност**. Карактеристична егзистенцијалистичка тема е *слободата на изборот* што луѓето ја имаат помеѓу различните можности, и поради тоа имаат важна улога во обликувањето на својата судбина. Бидејќи оваа слобода е вистинска, мора да се прифати и одговорноста за насочување на својот живот. Чувството на егзистенцијална вина потекнува од свеста или од чувството дека не живееме автентично. Но, клиентите кои одбиваат да ја прифатат одговорноста, со постојано обвинување на другите за своите тешкотии, нема да имаат полза од терапијата.

Според Франкл, основна претпоставка (премиса) е дека слободата, сепак, има одредени ограничувања, односно дека не можеме да се ослободиме од условите во кои живееме, но слободни сме да им се спротивставиме на тие ограничувања. На крајот од краиштата, за условите можеме да одлучуваме. За нашите одлуки самите сме одговорни.

Терапевтите им помагаат на клиентите да от-

---

[13] Истото, стр. 146–147.

кријат на кој начин тие ја одбегнуваат слободата и ги охрабруваат да научат да го прифаќаат ризикот, односно одговорноста на користењето на слободата. Во случај тоа да не го направат, би ги осакатиле клиентите и би ги направиле невротски зависни од нив. Терапевтите треба да ги научат клиентите дека мора експлицитно да ја прифатат можноста на личниот избор, иако поголемиот дел од својот живот го поминале во избегнување на изборот.

Терапевтот има две важни задачи: да им помогне на клиентите да сфатат како воопшто им допуштиле на другите да одлучуваат за нив, како и да ги охрабрат во преземање чекори кон автономија. Најдобро е кога поттикот за нивната промена доаѓа од самите клиенти[14].

3) **Создавање сопствен идентитет и воспоставување осмислени односи со другите луѓе.** Многу автори, егзистенцијалистички насочени, расправаат за осаменоста и за отуѓеноста, што може да се смета за неуспех во остварувањето на заедница со другите луѓе и со природата (што и да се подразбира под тоа), а тоа значи и неуспех во формирањето на сопствениот идентитет, кој може да се формира само во релација, односно во заедница со други личности. Последица на сето тоа е нашето постоење да биде втемелено, главно, врз очекувањата што другите ги имаат за нас, и самите на себе да си станеме странци. Се мачиме да ја откриеме, да ја создадеме и да ја одржиме сржта што постои

[14] Истото, стр. 148.

длабоко во нас. Затоа, еден од најголемите стравови на клиентите е дека ќе откријат дека го немаат тоа јадро, дека се немаат себеси и дека се само одраз на очекувањата на другите луѓе; и дека ништо нема да остане кога би се тргнала таа маска.

Проблемот е што, ако не можеме да се поднесеме или соочиме со самите себе кога сме сами, како може да очекуваме дека некого ќе збогатиме со својата присутност? А луѓето, сепак, зависат од односите со другите луѓе. Сакаме нешто да значиме во нечиј друг свет и сакаме да чувствуваме дека нечија присутност е важна во нашиот живот. Кога можеме да бидеме сами и да се внурнеме во себеси, барајќи ја нашата сопствена сила, нашите односи со другите се темелат на исполнетост, а не на лишување. Ако се чувствуваме лично лишени и недоволни, не можеме да очекуваме ништо, освен зависен и паразитски однос со другите луѓе. Една од можните функции на психотерапијата, во ваков случај, е да им се помогне на клиентите да прават разлика помеѓу невротско-зависната приврзаност кон друга личност и односот кој го потврдува животот, во кој и двете личности се збогатуваат.

Поради стравот од соочување со осаменоста, некои луѓе остануваат заробени во ритуални начини на однесување, кои ги држат прилепени за сликата или идентитетот што ги стекнале во детството, или остануваат заробени во безличното секојдневно дејствување за да го избегнат доживувањето на осаменото постоење.

Дел од терапевтската постапка се состои во поттикнување на клиентот од страна на терапевтот

да почне да истражува како го изгубил контактот со својот идентитет, особено како им допуштил на другите, наместо тој самиот, да му го обликуваат животот. Терапевтскиот процес на клиентите често им станува застрашувачки кога ќе сфатат дека својата слобода им ја препуштиле на другите и дека преку терапевтскиот однос ќе мораат повторно да ја преземат. Преку одбивање на давање едноставни одговори и решенија, егзистенцијалистички насочените терапевти ги соочуваат клиентите со стварноста дека самите треба да ги пронајдат своите одговори[15].

4) **Барање смисла, вредности и цели**. Кога светот во кој живеат им се чини бесмислен, клиентите се прашуваат дали тој вреди за маката што ја чувствуваат, па дури и за живеење во таквиот свет. Соочени со сопствената смртност, можеме да се запрашаме: „Има ли каква било смисла тоа што сега го работам, кога на крај, и така ќе умрам? Ќе биде ли тоа што сега го работам заборавено кога некогаш ќе заминам? Со оглед на тоа дека сум смртен, зошто тогаш би се заморувал со што било?“ За Виктор Франкл, таквото чувство на бесмисла е главната егзистенцијална невроза на современиот живот.

Особина, карактеристична само за луѓето, е мачењето во процесот на барање на чувството за важност и смисла на животот. Внатрешните судири, кои ги доведуваат клиентите до советување и терапија, се наоѓаат во следните важни прашања:

[15] Истото, стр. 149–150.

„Зошто сум тука?“; „Што сакам од животот?“; „Што му дава смисла на мојот живот?“; „Каде е изворот на смислата на мојот живот?“

Работата на терапевтот би можела да биде, да верува во капацитетите на клиентот да го открие составот на вредности што потекнуваат однатре, кои ќе му овозможат живот со смисла. Клиентот, некое време, сигурно ќе тапка во место и ќе се чувствува тегобно поради недостаток на јасни вредности. Во подучувањето на клиентот да почне да верува во својот капацитет за откривање нови извори на вредности, многу е важна довербата на терапевтот во него.

Бесмислата на животот води кон празнина и испразнување, односно кон состојба што Франкл ја нарекува *егзистенцијален вакуум*. Поимот *бесмисла* е поврзан и со поимот што егзистенцијалистичките практичари го нарекуваат *егзистенцијална вина*. Тоа е состојба што настанува од чувството на непотполност, или од сфаќањето дека не сме она што сме можеле да станеме. Тоа е свест дека нашите дела и избори не ја изразуваат нашата севкупна личност. Во процесот на советувањето треба да се занимаваме со прашањата што се однесуваат на доживувањето на бесмислата, како и на воспоставувањето вредности што се дел од животот со смисла. Со оглед на тоа дека не постои однапред одреден нацрт на живеење, луѓето се соочени со задачата на создавање сопствена смисла.

Логотерапијата е создадена за да им помогне на клиентите да ја пронајдат смислата на животот. Функцијата на терапевтот не е во тоа да им каже

на клиентите каква би требало да биде смислата на нивниот живот, туку да ги упати на тоа како таа смисла можат да ја пронајдат, дури и во страдањето. Овој став нема песимистички призвук, кој некои луѓе (негде и со право) го гледаат во егзистенцијалистичката философија. Според В. Франкл, човековото страдање (негативните и трагични видови живот) може да се претвори во човеково достигнување, и тоа со помош на ставот што поединецот ќе го заземе кога со него ќе се соочи. Франкл тврди и дека луѓето што ќе се соочат со болката, вината, ужасот и смртта, можат да се борат со својот очај и да го победат. Меѓутоа, смислата на животот не е нешто што можеме директно да ја истражуваме и достигнеме. И Франкл и Јалом сметаат дека до смислата, како и до целта, мора да се дојде преку посреден пат. Пронаоѓањето на смислата на животот е придружна појава на вклученоста, т.е. на посветеноста во создавањето и во љубовта[16].

5) **Тегобата како животна состојба.** Тегобноста произлегува од личниот стремеж за преживување, како и за задржување и одбрана на своето постоење, и мора да се смета за неизбежен дел од животот на човекот. Егзистенцијалистичките терапевти разликуваат нормална и невротска тегоба, а тегобата генерално ја сметаат за возможен извор на раст и развој. Нормалната тегоба е прикладен одговор на некој настан. Неа не треба да ја потиснуваме и таа може да се употреби како мотив

[16] Истото, стр. 151.

за промена. Наспроти тоа, невротската тегоба не е восогласена со ситуацијата. Бидејќи без одредена количина на тегоба не би преживеале, затоа цел на терапијата не е отстранување на нормалната тегоба. Да се биде психолошки здрав значи да се живее со најмала можна количина невротска тегоба, истовремено прифаќајќи ја нормалната тегоба – како дел од животот, и борејќи се со неа.

Тегобата можеме да ја ублажиме ограничувајќи го својот живот, но со тоа едновремено ги ограничуваме и своите избори. Меѓутоа, отворањето кон животот значи и отворање кон тегобите. Со отстранувањето на тегобите плаќаме претерано висока цена. Всушност, тегобата што го прати донесувањето на одлуката за реконструкција на сопствениот живот може да биде и знак на подготвеност за лична промена. Според тоа, тегобата ја чувствуваме кога слободата ја користиме за излез од познатото и влез во непознатото. Мнозумина од нас, поради страв, настојуваат да го одбегнат таквиот скок во непознатото.

Егзистенцијалистичката терапија им помага на клиентите да ги прифатат парадоксите на постоењето – животот и смртта, успехот и неуспехот, слободата и ограничувањата, како и сигурноста и сомнежот. Тегобата се појавува кога луѓето ја препознаваат стварноста на своето соочување со болката и страдањето, својата потреба за борба – за да ја преживеат и својата склоност кон грешење. Егзистенцијалистичката терапија не настојува да ја отстрани тегобата, затоа што тоа би значело да се отстрани изворот на животната сила.

Терапевтите треба да ги поттикнат своите клиенти во стекнување храброст, потребна за одлучно соочување со животот – најчесто преку заземање цврст став, преку донесување одлуки и преку дејствување[17].

6) **Свест за смртта**. Егзистенцијалистите не гледаат негативно на смртта, туку тврдат дека свеста за смртта, како основна човекова состојба, му дава значење на животот. Ако сфатиме дека сме смртни, ќе знаеме дека ја немаме пред себе вечноста за довршување на своите животни проекти, и затоа секој сегашен момент е од пресудно значење. Ова вреднување на смртта има важна улога во психотерапијата, затоа што тоа може да биде фактор што ни помага во преобликувањето на воспоставениот начин на живот во што поавтентичен начин на живот. Оние што се плашат од смртта, се плашат и од животот. Меѓутоа, ако го признаеме животот, и колку попотполно живееме во сегашноста, нема да бидеме опседнати со смртта[18].

## Терапевтски процес

Основна цел на многу терапевтски правци е да му овозможат на поединецот да ја прифати „страшната“ слобода и одговорноста на дејствувањето. Егзистенцијалистичката терапија најдобро можеме да ја опишеме како повик кон клиентите

[17] Истото, стр. 151–152.
[18] Истото, стр. 153.

да сфатат дека не живеат полн, автентичен живот, како и да направат избори што ќе им овозможат да станат тоа што можат. Согласно егзистенцијалистичката насока, од слободата не може да се побегне, што значи дека засекогаш ќе бидеме одговорни. Меѓутоа, од својата слобода можеме и да се откажеме, што е крајна неавтентичност. Тоа што прави тегоба, всушност, е недостатокот од гаранции во животот. Според тоа, егзистенцијалистичката терапија настојува да им помогне на клиентите да се соочат со таа тегобност и да тргнат во акција, чија автентична цел е создавање на постоење вредно за живот. Накратко, централна цел на егзистенцијалистичката терапија е зголемување на свеста. Благодарение на тоа, клиентот ќе открие дека постои слобода на избор на разни можности, иако тие претходно можеби не биле видливи, и ќе може, на тој начин, да го промени своето неавтентично постоење во светот[19].

Улогата и функцијата на егзистенцијалистичките терапевти е да им помогнат на клиентите во откривањето на причините на нивната „закоченост“. Во целиот терапевтски процес техниките што се употребуваат се помалку важни од воспоставувањето меѓусебни односи, кои на терапевтот ќе му помогнат да го предизвика и сфати клиентот. Егзистенцијалистичките терапевти првенствено ги интересира разбирањето на субјективниот свет на клиентот за да можат да му помогнат да дојде до нови сфаќања и можности. Централната задача

[19] Истото, стр. 153–154.

на терапевтот е да го соочи клиентот со фактот дека живее ограничен живот или со тоа дека негде „заглавил“, како и да му помогне во освестувањето на неговата лична одговорност и улога во справувањето со тешкотиите што ги има.

Делотворната терапија не се запира само на освестувањето, туку терапевтите ги поттикнуваат клиентите на дејствување – и врз основа на увидот, стекнат за време на терапевтскиот процес. Понатаму, клиентите мора да бидат активни во терапевтскиот процес, затоа што треба да одлучат кои стравови, чувства на вина и тегоби ќе ги истражуваат во текот на средбата. Од клиентот се очекува да се врати назад во светот, но овојпат да одлучи на кој начин поинаку ќе живее[20].

Егзистенцијалистичките терапевти најголемо значење му придаваат на својот однос со клиентот. Односот е важен самиот по себе, затоа што неговиот квалитет во терапевтскиот процес е поттик за промена кон подобро. Суштината на терапевтскиот однос е почитта, што подразбира вера во потенцијалот на клиентот за автентично соочување со тешкотиите, како и во неговите способности за откривање алтернативни начини на постоење. Терапијата е патување на кое заедно тргнуваат терапевтот и клиентот, патување преку кое длабоко се продира во светот каков што го доживува и толкува клиентот, но каде што и терапевтот и клиентот се откриваат себеси. Наместо нагласување на објективноста на терапевтот и на неговиот профе-

---

[20] Истото, стр. 154–155.

сионален став, егзистенцијалистичките терапевти настојуваат со клиентите да создадат грижлив и близок однос. Егзистенцијалистичките терапевти со клиентите ги делат своите реакции, со покажување искрена грижа и емпатија, и тоа е еден од начините на продлабочување на терапевтскиот однос. Во тој случај терапевтот не е незаинтересиран набљудувач-техничар, туку сосема жив човечки придружник на клиентот[21].

### Терапевтски техники и постапки

Егзистенцијалистичкиот пристап се разликува од повеќето други терапии по тоа што не е насочен кон техники. Интервенциите што ги користат егзистенцијалистичките терапевти се темелат на философските погледи на битијната природа на човековото постоење. Ван-Дорзен Смит истакнува колку е важно терапевтот да постигне доволна длабочина и отвореност во својот сопствен живот, што ќе му овозможи да заплови по мрачните води на клиентот, без притоа да се изгуби. Согласно нејзиното мислење, терапевтите кои се потполно присутни додека нивните клиенти ги откриваат своите најдлабоки прашања, покажуваат дека и нивното постоење е подложно на промени. Ван-Дорзен Смит нѐ потсетува дека егзистенцијалистичката терапија е соработнички потфат, каде што клиентот и терапевтот заеднички се менуваат, ако си допуштат реалниот живот да

[21] Истото, стр. 156.

ги допре. Срж на егзистенцијалистичката терапија е користење на личноста на терапевтот. Во *јас – Вие* средбата, кога најдлабоките делови од личноста на терапевтот ќе се сретнат со најдлабоките делови од личноста на клиентот, советодавниот процес го достигнува својот врв. Терапијата е креативен, развоен процес, кој може да се конципира во три општи фази.

Во почетната фаза, терапевтот му помага на клиентот во откривањето и појаснувањето на неговите претпоставки за светот. Клиентите ги преиспитуваат своите вредности, верувања и претпоставки за да го утврдат нивниот квалитет. Терапевтите ги подучуваат како да размислуваат за своето постоење и како да ја преиспитаат својата улога во формирањето на животните тешкотии.

Во втората (средишна) фаза, клиентите почнуваат подобро да разбираат кој живот го сметаат вреден за живеење и стекнуваат појасна слика за својот внатрешен вредносен процес.

Во последната фаза, егзистенцијалистичкото советување е насочено кон помош на клиентите да го прифатат она што го научиле за себеси и да го претворат во дело. Цел на терапијата е да се оспособи клиентот да ги пронајде конкретните начини за примена на вредностите што ги преиспитале и усвоиле. Клиентите обично ги откриваат сопствените сили и можности, и пронаоѓаат начини како ќе ги употребат за осмислен живот.

## МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА

Каква е денес можноста за соработка меѓу модерната психотерапија и христијанската психотерапија, меѓу психотерапевтот и духовниот отец? Соработката меѓу теологот и психотерапевтот, кај нас сè уште на самите почетоци, одамна е плодоносна во САД и во повеќето европски земји. И психотерапевтите и теолозите се свесни дека имаат работа со човекот, здрав и болен, но и во двата случаја со човек во неговото потполно достоинство, слобода и одговорност, но и во неговата слабост, вина и страв. Како најдобро да му се помогне, и кој поправ ќе помогне, психотерапевтот или духовникот? Да се обидеме да го најдеме одговорот и на ова прашање.

Она што психотерапевтите често го заборавaат, ама затоа не и духовниците кои на тоа ги опоменуваат, е предупредувањето дека, освен сите други потиснувања, најопасното, и во наше време сè почесто, е потиснувањето на религиозното во човекот. Ако религиозниот архетип е навистина најстариот архетип на нашето колективно несвесно, не е ли на место предупредувањето од страна на духовникот дека потиснувањето на религиозниот архетип не останува неказнето? Во денешно време

сѐ почеста е појавата на обликот на невроза што токму Виктор Франкл ја нарекол ноогена невроза, болест на душевно-духовното битие на човекот, чија суштина прави ослабување или потполно губење на „волјата за смисла“, која убедливо укажува на последиците од потиснувањето на религиозниот архетип. Не стремејќи се кон присилно зближување на теологијата и психијатријата, на психотерапевтот и духовникот, но и не оставајќи ги на досегашното неприродно растојание, би истакнал некои сличности и разлики помеѓу нив.

Погледот на карактерот на човекот од страна на психотерапевти од повеќето современи психотерапевтски школи, како и од страна на духовник од христијанска религија, е сличен[22]. Иако влијанието на наследството и првите години на развој на детето е неспорно, карактерот на човекот, според мислењето на денешните психолози и психотерапевти, како и теолози, не е според спомнатите влијанија нужно детерминиран. Човековиот карактер не е статично, туку динамично својство на човекот, и процесно е насочен кон трансформација и самотрансценденција. Човековиот карактер е претставен со она во што човекот верува, што значи и сака, со она на кое се надева и со она што го љуби, со карактеристиките што ја прават суштественоста на човекот, отворен кон трансценденција и егзистенција.

---

[22] Владета Јеротић, *Хришћанство и психолошки проблеми човека*, Издавачки фонд Архиепископије београдско-карловачке, Београд, 2000, стр. 343.

Ваквиот творечки „индивидуалистички процес“ не може да се замисли без препознавање на своите грешки и мани, христијаните би рекле – гревови, но тогаш не без покајание. Во ова се сложни и теолозите и психијатрите, односно психотерапевтите, иако препознавањето на грешките кај себе и нивното отстранување ги нарекуваат со различни имиња (духовникот овие грешки во човекот ги нарекува гревови, а чистењето од нив – покајание, додека пак, психотерапевтот говори за „комплекси“, од кои се ослободуваме со освестување по пат на катарза или некој друг облик на психотерапија).

За човекот, смислата и значењето на гревот и покајанието не припаѓаат само на религиозната, или дури и само на црковната надлежност, бидејќи нивната актуелност и вредност е универзална. Идејата за покајание е дојдена во христијанството од еврејската религија; оваа праслика ја откриле еврејските пророци. Клучот за разбирање на проблемот на покајанието го наоѓаме во приказната за Јона во Стариот Завет. Неспособноста на индивидуата да ги препознае своите грешки, и поради нив да побара прошка, за некои мислители е веќе знак на егзистенцијална невроза и кај т.н. здрав човек, па бара помош од духовник или психотерапевт, или и од двајцата[23]. Многу психички болести, денес, од најлесен облик на невроза до најтешки психози, го поткрепуваат ваквото мислење. Секоја рана, впрочем, и физичка и психичка,

[23] Истото, стр. 344.

се шири и влошува кога се прикрива, а зараснува и се исцелува кога ќе се покаже.

Само човек кој умее да се покае е слободен човек. Зошто тогаш на човекот му е толку тешко да ја признае својата вина? Причината е во бедното, мало, но секогаш властољубиво и гордо човечко *јас*, кое некако само би ги совладало вечната слабост и немоќ на „трската која мисли“[24].

Верувајќи како христијани во личната бесмртност, ние, сепак, повеќе говориме за неизбежноста од преобразување на нашето себично *јас*, и тоа преобразување постигнато не со „еволуција“, бескрајна низа на реинкарнации, која на крајот го води *јас* во нирвана, туку за преобраќање постигнато со покајание. Доживувањето на покајанието е тесно поврзано со вината кај човекот, доживување старо колку што е стар и човекот. Токму свеста за човековата вина, проектирана во митот за изгубениот рај, познат речиси кај сите народи во светот, укажува на човекот како на религиозно, а не само на природно битие. Не е можно да се објасни свеста за вината кај човекот само со настанување на хетерономниот морал на природниот човек, и тоа со создавање на *над-јас* создание, постепено, повеќе илјади години, а потоа интроекција на таквите созданија кај детето во облик на морални ставови на родителите. Точно е дека моралот е настанат од забраните, но таа забрана била религиозна, и по природа и по потекло. Најстарите мисли на човекот се упатени кон боже-

[24] Истото.

ството и моралот[25].

Ниту еден христијански теолог поради тоа не може да се согласи со претставниците на оние психотерапевтски школи кои сакаат – или да ја негираат, или да ја намалат вината на човекот, пренесувајќи ја на невротично чувствување вина. Не постои човек кој никогаш не почувствувал вина. Зад секое чувство на вина, па и она невротичното, се наоѓа некоја вина. Стравот и вината се битијни категории кај човекот. Зад невротското чувство на вина може да стои некоја наизглед незначајна вина, која не би требало кај човек со нормално развиено *над-јас* да предизвика себемачење, какво што на себе навлекува човек во кој ова *над-јас* е развиено во детството, на невротичен или психотичен начин, и така преувеличено. Па, сепак, чувството на вина што носи белег на инфантилност, архаичност и невротичност го спречува и му оневозможува на човекот да пристапи кон вистинската човекова вина која, кога ќе се препознае, веднаш бара и очистување, покајание, според славните зборови на Сјорен Кјеркегор: „Доколку е подлабоко страдањето, дотолку подлабоко се осознава моќта на гревот. Свеста за гревот е пресуден израз за егзистенцијален патос кон вечното Божество. Додека естетската егзистенција е претежно уживање, етичката егзистенција е претежно борба, а религиозната егзистенција е страдање“[26].

Интересно е тоа што најверојатно најстариот

[25] Истото, стр. 346.
[26] Истото.

психолошки систем во светот, abhidhamma, настанат од учењето на Гаутама Буда, во 5 век пред Христос, во нездравите или болни причини, во поглед на душевната хигиена, освен зависта, егоизмот, грижите, го вбројува и недостатокот од срам и покајание во човекот[27].

[27] Истото, стр. 347.

# ЗАКЛУЧОК

Не е возможно во современите услови на живеење еден духовен раководител, свештеник – посветен на духовното исцелување и на духовниот развој на своите духовни чеда, да не почувствува потреба од знаења и информации за достигнувањата на модерната психијатрија и психологија. Но, и обратно, едноставно не е возможно еден психијатар или психолог, научник, да не се заинтересира за можностите за исцелување и здрав развој на личноста, што ги овозможува православната теологија како наука и, се разбира, со тоа и православната психотерапија.

Според нашето досегашно искуство и сознанија се случува и одредена соработка помеѓу свештеници, психијатри и психолози, но најчесто еднонасочно и ограничено – кога е во прашање проблемот и третманот на лица во психотична состојба. Според моето мислење, полето за соработка е многу поголемо, особено во делот на справување со неврозите, разните облици на зависност и нивната превенција.

Да се вратиме уште еднаш на психотерапијата, психотерапевтот и духовникот, со прашањето: пред кого човекот треба да ја олесни својата душа,

за себе да го каже и она кое на никој сè уште не смеел да го довери и на тој начин да си овозможи себеси прилика да го симне бремето од својата совест, да се очисти и така да се зајакне за поспокојно и порадосно живеење? Излишно е да се докажува дека секој човек има длабока потреба, со години потиснувана, да стане со некого толку близок што може да му каже сè за себе. Зарем не е исповедта ваква природна потреба на човекот за признавање на своите грешки, оддавајќи ги своите скриени тајни? И, не се ли духовникот или психотерапевтот (понекогаш и едниот и другиот) оние најповикани лица кои треба да ги побараме?

Доколку се согласиме дека прашањата што ги поставуваат практично во текот на целиот живот, и здравите, и на разни начини, и болните луѓе – а тие прашања им се на сите познати: од каде сме, каде одиме, зошто живееме – припаѓаат на *целината* на човековата личност, тогаш не е неважно како кон овие прашања ќе се постави психотерапевтот, посебно во текот на подлабока психотерапија со невротични и психотични болни.

Независно од оправданите претпоставки дека луѓето, не подлегнувајќи на влијанието од околината, поставуваат повремено и спонтано, особено кога се во криза, суштински прашања за животот и смртта („Да се прашуваш за смислата на животот значи да бидеш религиозен“ – Ајнштајн), самиот факт на зголемување на интересирањето за сè што е религиозно и духовно во светот, како и во нашата земја, се доволни причини и психотерапевтот

да биде запознаен со резултатите од психологијата и социологијата на религијата, кај нас и во светот, за неговата терапија да биде поуспешна, земајќи ја предвид и онаа страна на личноста без која целината на човекот е незамислива.

Но, како што грижата за душата може индиректно поволно да влијае и врз развојната димензија на човековото битие, така и психотерапијата, отстранувајќи го она што е болно во психичкиот живот на човекот, може индиректно поволно да делува на развојот на спиритуалната димензија во човекот.

Психотерапијата, а со неа и психологијата и психијатријата, од една страна, и теологијата, т.е. религијата, од друга страна, треба една на друга да си помогнат, според зборовите на еден современ швајцарски теолог, така што теологијата ќе стане почовечка, а психологијата подлабока. Николај Берѓаев еднаш напишал дека Средниот век, но и Мартин Лутер и неговите следбеници, ставале акцент на Бог против човекот, додека нашиот век става акцент на човекот против Бог. Еве уште една причина да се почне да се размислува и дејствува кон природно единство на Бог и човекот, па значи, и на духовникот и психотерапевтот[28].

---

[28] Истото, стр. 348–349.

# Православен аспект на душата, со посебен осврт на разликата меѓу ум и разум

# ВОВЕД[1]

Човекот е создаден како личност со душа и тело, според образ и подобие на Бог. Човекот е динамично битие. Согласно библиската антропологија и светоотечкото толкување, во самиот божествен образ, според кој човекот е создаден, се содржи и божественото подобие, кое човекот треба да го достигне. За да може да ја оствари таа цел, во природата на човекот е всаден голем потенцијал на сили, способности и тежнеења, кои човекот со своја слободна одлука треба да ги придвижи во вистинската насока: во градење вечна, љубовна и слободна заедница со Бог и со своите ближни. Ова динамично движење или подвиг од образот кон подобието, тоа растење и восовршување е основа и содржина на православната аскетско-исихастичка антропологија[2].

---

[1] Труд од Втората меѓународна научна конференција „За душата", 1-3 јуни 2016 година, Скопје, во организација на Здружението за компаративна книжевност на Македонија, Здружението на класични филолози „Антика" и Филозофското друштво на Македонија.

[2] Поопширно за ова види кај: свт. Григорий Нисский, *Об устроении человека*, *XXIX*, PG. 44, Col. 233D (Axioma, СПб, 2000, стр. 116); Немесий Эмесский, *О природе человека*, „Канон+", РООИ „Реабилитация", Москва, 2011.

Учењето за падот и за повторното обновување на човекот, исто така, не може да се третира надвор од рамките на теологијата за божествените образ и подобие кај човекот, а аскетско-исихастичкиот подвиг во неа има многу подлабоко значење отколку голата етика и аскезата на разните учења и верувања. Еве што вели за тоа светогорскиот игумен на манастирот Григоријат, архимандрит д-р Георгиј Капсанис (1935 – 2014), поранешен професор по теологија на Атинскиот универзитет:

„За жал, постои незнаење кај луѓето што се надвор од Црквата, но и кај многумина што се во Црквата. Тие мислат дека целта на нашиот живот е, во најдобар случај, само едно обично етичко подобрување за да станеме подобри луѓе. Од друга страна, пак, од Евангелието и од Светите отци ни е предадено дека цел на нашиот живот не е човекот да стане подобар од она што е – поправеден, повнимателен, повоздржан. Потребно е и тоа, но не е тоа главната, конечната цел за којашто сме создадени од Создателот. Која е таа цел? Обожението. (...) Душата на човекот, создаден според образот и подобието Божји, копнее да се соедини со Бог. Колку и да е морален и добар човекот, колку добри дела и да прави, ако не Го најде Бог, ако не се соедини со Него, не се успокојува. Зашто, Самиот Бог ја вложи во него таа света жед, божествениот ерос, копнежот за соединување со Него, за обожение“[3].

[3] Архимандрит Георгиј Капсанис, *Обожувањето како цел на човековиот живот*, Икона, Скопје, 2003, стр. 9.

Во православната антропологија, човекот е сфатен како создание на семоќната Божја волја и енергија, и затоа не може да постои никакво природно сродство меѓу Создателот и созданието. Православната антропологија говори за ’восиновување‘ на човекот од Бог во Христос и за ’обожение‘ на човекот преку несоздадената благодат (енергија) на Светиот Дух Господ, со што тајната на постоењето на човекот ја поврзува не со Божјата природа, туку со Божјата енергија. Потребно е да се знае, како што правилно забележал Епископот д-р Атанасиј Јевтиќ, поранешен професор на Богословскиот факултет во Белград, и ова: „Човековата природа не само што не е непричесна и спротивставена на благодатта (на божествената енергија), туку напротив, таа ја претпоставува благодатта и живее нормално само со помош на благодатта Божја. Божествената благодат не е за неа некој вид одвишок (donum supranaturalis на схоластичарите), со кој таа може да живее, но без кој, исто така, би можела да живее, од својата чиста природа (natura pura). Напротив, за православната антропологија божествената благодат е токму вистинскиот живот на човековата душа и на целата негова природа, до таа мера што ако ѝ се одземе тој живот, душата постепено умира, се умртвува“[4].

---

[4] Јеромонах Атанасије Јевтић, *Аскетика*, „Хришћанска мисао“, Београд-Србиње-Ваљево, 2002, стр. 45–46.

## ХРИСТИЈАНСКА АНТРОПОЛОГИЈА

Човековата душа има свои суштина и енергија. Душата со својата енергија го одржува и телото во живот. Духовен центар на човековата душа е духовното срце, кое се наоѓа во пределот на човековото физичко срце. Во ова духовно срце се прима и благодатта или несоздадената Божја енергија на Светото Крштение, која е единствената основа на целиот аскетско-исихастички подвиг за преобразување и исцеление на човековата душа.

Во срцето, како духовен центар на човековата душа, има три сили: една словесна – умот (разумот), и две бесловесни – волјата и желбата. Волевата сила уште се нарекува и раздразнителна. Овие три сили, пред своето очистување боледуваат од три страсти – по една за секоја од нив посебно: умот боледува од славољубие, волјата од среброљубие и желбата од сластољубие. Теоретски, заразеноста на која било од силите (и на само едната од нив) со соодветната страст, го валка самото срце, како нивен центар и извор, а пак, срцето ги валка и ослабува другите две сили – во случај да не се толку изразено извалкани и заболени, поради соодветен подвиг на воздржание и обид за нивно преобразување. Со тоа се разболува и душата.

Преку аскетскиот христијански подвиг, трите страсти на душата треба да се преобразат во добродетели, и тоа: од славољубие во богољубие и човекољубие, од среброљубие во милост кон сиромашните и страдалните, и од сластољубие во воздржание (самоконтрола), со цел да им помогнеме на ближните, а не да ги користиме како предмети. Во тоа се состои и исцелувањето на душата.

Често, покрај ум се спомнува и постоење на разум. Што е ум, а што е разум? Многу е битно, од духовен и од психолошки аспект во христијанската антропологија, да се прави оваа разлика.

Умот е словесната сила преку која човекот лично и директно комуницира со несоздадените енергии на Бог, додека пак, разумот е секундарна функција или алатка на умот, преку која човекот комуницира со овој свет, или со создаденото и неговите енергии. Или, со други зборови, умот има една енергија, и кога таа енергија преку својата примарна функција ќе ја насочи кон Бог, се нарекува чист ум, а кога умот преку својата секундарна функција ќе ја насочи енергијата кон овој свет, се нарекува разум. Оваа тема подетално ќе се образложи во текстот што следи.

## РАЗГРАНИЧУВАЊЕ ЗАРАДИ ВОСОГЛАСУВАЊЕ

Учителите на христијанството дефинираат, главно, два начина на живот на душата, а со тоа и на телото: природен и противприроден.

Природниот начин на живот на една личност се одвива на три нивоа од духовниот развој: *очистување на срцето од страстите*, *просветлување на умот* (со аскетска умно-срдечна молитва) и *боговподобување* или христијанско совршенство (со благодатна или непрестајна умно-срдечна молитва). Спомнат е и видот, односно квалитетот на молитвата, поради тоа што во пракса, согласно тоа се одредува и степенот на духовниот развој на личноста.

Како што постои природен начин на живот, кој според учителите на христијанството е поделен на три нивоа од духовниот развој, така постои и противприроден начин на живот што се одвива во три надолни нивоа на душевно и ментално разболување: валкање на срцето од исполнување на страстите (без оглед дали со мисла, со збор или на дело), затемнување на умот – од прифатени демонски помисли во срцето и од гревови на дело што станале навика, и демонизирање – опседна-

тост од духовите на злото од поднебесјето поради трајна своеволна определба кон гревот (во случај кога не постои физиолошка основа за психичката болест).

Противприродниот начин на живот на една индивидуа, кој се одвива на трите надолни нивоа од душевното постоење, согласно јазикот на модерната психологија се дефинира како: ниво на неврози, ниво на растројства на личноста (социопатија, психопатија) и ниво на психози.

Демонското дејствување над оние што водат природен начин на живот е многу ограничено и ретко надворешно забележливо, а нивните духовни состојби лесно се разликуваат.

Демонското дејствување над оние што водат противприроден начин на живот најчесто е забележливо и е многу разновидно. Во времето на првите учители од пустината не постоеле стручните термини на модерната психологија како *невроза* или *растројство на личноста*, но затоа постоел термин *помрачување на разумот*. Во ваква состојба на помрачување на разумот, човекот станува целосно неспособен рационално да расудува. Според свети Максим Исповедник, постојат две категории на волја – разумска и природна[5]. Со изгубена разумска волја човекот не е во состојба да ги контролира мислите и желбите (што е основа за невроза), и нема кочница да се сопре во деструктивните намери (што е основа за растрој-

---

[5] Види: Maximus Confessor, *Ad Marinum Presbyterum* (Migne PG 91, 280a).

ства на личноста). Дејствува стихијно, по принципот на природната волја – стремење на паднатата природа кон тоа што ѝ е слично, кон задоволување на страстите и гревот, со сите социјални последици што произлегуваат од таквото однесување.

Прифаќањето на автоматските помисли (за чие потекло модерната психологија нема одговор) како свои, појавата на најразлични (по)мисли што личноста ги доживува на различни начини кај различните душевни растројства, како: негативни мисли, опсесивни мисли, преценети мисли, делузивни идеи – најчесто се забележливи во однесувањето на луѓето. Оттука и многуте меѓусебни прелевања и нејаснотии, а затоа и бескрајните поделби или класификации на менталните растројства (види: МКБ – 10), како и дефинирања на пројавите од трите нивоа на противприродниот начин на живот.

## РАЗБОЛУВАЊЕ НА ДУШАТА
(Развој на помислата)

Денес е неспорна психосоматската основа на човековите страдања и болести. Како најраспространета од сите причини на човековото страдање се спомнува неврозата. Од православен психотераписки аспект, неврозата не е ништо друго, туку неспособност на човекот да ги контролира своите мисли и од нив предизвиканите чувства поради кои бесмислено страда – прво душевно, па потоа и телесно.

Човековата мисла има неколку извори: Бог и божественото, самиот човек и неговата природа, светот што го опкружува и демонот (тука ги сместуваме и т.н. *автоматски помисли*). Мислата што во себе содржи зло и гревовен предлог се нарекува помисла. Помислата секогаш цели да придвижи некоја од непреобразените човекови страсти: за власт и човечка слава (славољубие), за пари и имот (среброљубие) и за телесните наслади (сластољубие). И задоволувањето, и незадоволувањето на страстите ја зголемуваат човековата невроза.

Задоволувањето на страстите ја зголемува човековата невроза до растројство на личноста (психопати или социопати – ако поради него се загро-

зуваат стотици и илјадници човечки животи). Незадоволувањето на страстите ја зголемува човековата невроза до потиснување, кое е суштина на сите одбранбени психички механизми (проекција, рационализација, регресија, компензација и др.), како и до разни зависности. Единствен излез од неврозата е преобразување на страстите, и нема друг.

Како помислата, преку страстите, успева да ги поремети човековите чувства, зборови и постапки, кај оние што не внимаваат на својот душевен и духовен живот?

Прво, кога непросветлениот ум (а со тоа и разум) на човекот (кој не го очистил своето срце од страстите) ќе стапи во контакт со предложената демонска помисла, влегува во опасност да ги разбуди и да ги предизвика непреобразените страсти на душата – во зависност од видот на помислата, како и во опасност да стекне расположение кон демонскиот предлог.

Второ, разговорот со помислата предизвикува одредена наслада кај страстите на душата – наслада што дополнително влијае врз умот да остане во разговор со помислата. Во насладата се крие тајната на успехот на помислата.

Трето, како што овој заемен процес на привлекување меѓу насладата и разговорот со помислата продолжува, односно во мерата во која овој мисловен процес се развива, во таа мера божествената благодат се повлекува од човековото срце – душа и ум, а демонот го зголемува своето влијание.

Четврто, оние што се наоѓаат на степенот на очистување на срцето од страстите, уште во самиот зачеток мора да го прекинат разговорот со демонот, зашто како веќе острастени и зависни, се во голема опасност да се согласат со предложената помисла. Тоа е, според Евангелието, веќе пад – иако оние што се на првиот степен од духовниот развој (чистење) тоа сè уште не го чувствуваат освестено.

Петто, повеќепати повторениот пад (без оглед на тоа дали само во срцето или и на дело) предизвикува не само заробеност од која сакаме да се ослободиме, туку – добро внимавајте! – и зависност од задоволството од гревот, како и стремеж кон негово остварување. Со други зборови, чинењето на гревот станува вкоренета навика и втора човекова природа.

Шесто, човекот многу потешко се ослободува од она од што е зависен, а зависноста како душевна болест е и предзнак за појавување на телесна болест.

Седмо, токму оваа зависност ја предизвикува и ја покажува внатрешната поделба во човекот: тој да знае дека нештото е грев, да знае дека не треба да го прави тоа, дури и да не сака да го прави, а на крај, сепак да го направи[6].

[6] Може да се каже дека состојбата на душата се отсликува и на телото, а особено на лицето. Имено, така забележал преподобен Јован Касијан Римски: Духовните луѓе може „да се препознаат по изгледот на лицето; на надворешниот лик на човекот се отсликува неговата внатрешна состојба“. Прп. Иоанн Кассиан Римлянин, *Собеседования египетских отцов*, 7.1., Правило Веры,

Осмо, демонот го освојува просторот на човековата душа на краткорочна основа – преку прифаќање на неговите помисли, и на долгорочна основа – преку повторување и зависност од гревот.

Москва, 2008. Во Стариот Завет, исто така, е запишано: „Срцето на човекот му го менува лицето: или на добро или на лошо" (Сир. 13, 31). Спореди: Прп. Иоанн Лествичник, *Лествица*, 30.17.

## ПРЕМИН ОД ПРОТИВПРИРОДЕН ВО ПРИРОДЕН НАЧИН НА ЖИВОТ

### Потиснување или преобразување

Преданието на исихазмот е срж на православното Предание, како и на православната психотерапија. Се чува и се пренесува во личносниот однос *духовен отец – духовно чедо*, внатре во Православната Црква. Неопходно е учество во Светите Тајни на Црквата (Исповед, Крштение, Причест итн.), односно во несоздадената енергија Божја и влез во духовно раководство, односно, црковно речено, послушание кон духовен отец за да престане да се храни страста на умот – гордоста. Тоа е единствениот начин да се премине од противприроден начин на живот во природен, да се очисти човековото срце од страстите и тоа да се отвори за умно-срдечната молитва како предуслов за преобразување и исцеление на умот и душата. Без ова, нема можност за преобразување и исцеление, а останува само безнадежниот лавиринт на потиснувањето.

Првата цел е преобразување на нашата главна страст самољубие – и на нејзините три основни пројави: славољубие, среброљубие и сластољубие –

во благодатна љубов кон Бог и кон ближните. Значи, она кон што се тежнее да се случи е преобразувањето на страстите, а не нивно потиснување. Едно е преобразување, а друго потиснување на страстите. Разликата е суштинска, односно разликата е онтолошка, затоа што потиснувањето е само човечки бесплоден подвиг со негативни (дури и разорни) психички и телесни последици, а преобразувањето е богочовечки, синергиски подвиг – подвиг на човекот, што се случува само со помош на Божјата благодат; подвиг што се одвива во содејство со Божјата несоздадена енергија, кој е предуслов за спасение и кој ги опфаќа духовниот развој и восовршувањето на човекот.

Суштината на потиснувањето кај оние што практикуваат аскетски начин на живот, без оглед на тоа дали се во Црква или не се, обично е видливото воздржување од исполнување на грубите страсти, како што се сребролубието и сластољубието, од една страна, а од друга страна, хипертрофија и развивање на страста славољубие и високото мислење за самите себе. Притоа, цел на подвигот очигледно не е Бог – заедницата со Него, Божјата слава и исполнувањето на Божјата волја, туку човекот, човечката слава и исполнувањето на човечката волја, состојба што доведува до тешко ментално и душевно разболување.

Суштината на преобразувањето, кое може да се случи само како живот во Христос – во Црквата, е и надворешно (или видливо) и внатрешно (или невидливо) воздржување од исполнувањето на сите страсти и нивно аскетско пренасочување (преоб-

разување) кон добродетели со помош на Божјата благодат, односно несоздадената енергија на Света Троица. Притоа, цел на подвигот е Бог – личната заедница со Него, славењето на Бог и исполнувањето на Неговата волја, и спасението на ближните. Сето ова под духовно раководство на опитен духовник – психотерапевт.

Потиснатите страсти во поволни за нив услови ќе се вратат назад со уште поголема сила и жестина, а очистените и преобразените ќе функционираат нормално и во најголеми искушенија. Зашто, потиснувањето е делумен и штетен подвиг, а преобразувањето е целосен и исцелителен подвиг.

Што значи последната кажана реченица? Според Светите отци, коренот и на трите вида страсти е во нашето срце, духовниот центар на човековото битие. Така, не е можно, на пример, од двете груби страсти да се воздржуваме, а славољубието – кое е во основа главна наша страст – да го задоволуваме и притоа да се надеваме дека срцето ќе ни се очисти. Напротив, ефектот ќе биде погубен. Не само што задоволувањето и само на една од страстите е доволно за валкање на срцето и повлекување на Божјата благодат, туку, во случајот, воздржувањето од двете груби страсти ќе биде уште и дополнителен поттик за суптилната страст на славољубието да ги достигне своите демонски димензии.

Ако човекот сака срцето да му е чисто и подготвено за боговидение и богопознание, тогаш ќе мора со слободен аскетски волев подвиг преку умот – како словесна сила (која управува), да ги

впрегне волјата и желбата – како бесловесни сили, кон пренасочување на сите свои страсти кон добродетели, и со помош на Божјата благодат тие да се преобразат.

## РАЗЛИКА МЕЃУ УМ И РАЗУМ

Како што е погоре спомнато, согласно христијанската антропологија, човекот има и душа и тело[7]. Човековата душа се состои од три сили: една словесна – ум, и две бесловесни – волја и желба, чиј центар е духовното срце на човекот. Сите овие сили треба да функционираат восогласено; спротивно, човекот не може да се смета за психички здрав. Често, покрај ум се спомнува и постоење на разум. Што е разум? Многу е битно, од духовен и од психолошки аспект, да се прави оваа разлика.

[7] Светите отци често го употребуваат дихотомскиот концепт: душа – тело, каде што под душа (ψυχή) ги подразбираат сите нејзини начела и на таков начин јасно го искажуваат нивното сознание за единството на душата. Прибегнувајќи кон другиот концепт – трихотомно поимање: дух/интелект – душа – тело, Светите отци внимателно се обидуваат да ја потенцираат човековата способност за единство со Бога. Сепак, тие немаат намера да го претворат умот во способност, одделна од душата и телото, или да го претстават како друга душа. Според зборовите на преподобен Јован Дамаскин: „Умот ѝ припаѓа на душата не како нешто друго, различно од неа, туку како вистински дел од неа самата. Она што е окото во телото, тоа е умот во душата“. Прп. Иоанн Дамаскин, *Точное изложение православной веры, 2*, Москва, 1992, стр. 50.

Умот има една енергија и две функции – примарна и секундарна. Примарната функција на умот се остварува кога тој својата енергија ја насочува во лична и директна комуникација со Бог, додека пак, секундарната функција или алатка на умот се остварува кога умот со својата енергија комуницира со овој свет. Секундарната функција на умот се нарекува разум. Во контекст на ова формално разликување, интересно е да се разјасни и, на пример, темата за интелектуалниот капацитет и дарот на просветленоста, односно дарот на духовната интелигенција.

Различна е храната на умот од храната на разумот. И, различно е знаењето на умот од она на разумот. Храна на умот е опитот и заедницата со Бог (светотаинската и молитвената), додека пак, храна на разумот е овоземното теоретско образование (од која било област на науката и културата, па дури и на теологијата, како и од разните вештини). Знаењето на умот е познанието на Бог (како просветленост или обоженост)[8], додека пак, знаењето на разумот – самото по себе, е само познание на практичниот опит во овоземните науки и вештини, како и во културата.

Има многу за ова да се говори; што е битно за една личност? Прво, треба паралелно со хранењето на разумот (преку сетилата) – кое е едноставно неизбежно во овој свет, да се храни и

[8] Постои целосно обожение на човекот – душата и телото. Но, Светите отци често тврдат дека умот прв се здобива со благодат и се преобразува, а со посредство на умот благодатта се спроведува на остатокот од човековата структура.

умот (преку соединување на неговата енергија со несоздадената благодат, односно енергија Божја), што е од суштинско значење за човековиот духовен развој и исцеление на душата. Погрешно е разумот да се прехранува, а умот само да се потхранува. И второ, постои реална можност за просветлување и на разумот, кое се случува преку просветлувањето на енергијата на самиот ум, преку несоздадената божествена светлина, што произлегува од очистувањето на срцето, односно од опитот во умно-срдечната молитва, нешто што е многу битен и редок Божји дар во христијанската духовност.

Поголема полза има Црквата од светител кој својот опит може да го запише и објасни, отколку од светител со ист опит, но кој нема интелектуален капацитет својот опит да го запише и објасни, согласно и современата реалност. Сето погоре речено Старец Софрониј од Есекс го заокружува со три реченици: „Некој може да биде многу учен, да има академски дипломи, а да остане крајно неук за патот на спасението. Кога некој има свет и безгрешен живот, интелектуалното знаење може да даде чудесни плодови. Знаењето без љубов не може да го спаси човекот!“[9]

Од претходно кажаното: различна е храната на умот од храната на разумот. Умот прво се храни со опит на Бог, од коешто произлегува и знаењето или познанието на Бог; додека разумот прво се храни со теоретско знаење од која било област, а

---

[9] Архимандрит Софрониј Сахаров, *За Духот и животот*, Библиотека Слово од Водоча, Струмица, 1999, стр. 62.

од опитот во работењето во конкретната област произлегува и неговото соодветно знаење.

Рековме дека умот преку молитвено собирање на својата енергија во Бог – во срцето, Го познава Бог и ја остварува својата основна функција, а кога умот преку сетилата ќе ја расее својата енергија низ светот, тогаш ја остварува својата секундарна функција како разум. И едната и другата функција, преку подвиг или острастување, може да предизвикаат соодветна поврзаност или зависност, но едно е поврзаноста на умот како љубов, а друго е зависноста на разумот како страст. Поврзаноста како љубов (кон Бог) е слобода за човековиот ум, додека зависноста како страст (кон што било) е ропство за човековиот разум, која станува како втора природа на човековиот ум. Ова дополнително ќе се дообјасни.

Како што аскетите (подвижниците) го забрзуваат ритамот и интензитетот на изговарање на Исусовата молитва за да ги прекинат демонските (автоматските) помисли и да ја соберат, молитвено, енергијата на умот во Бог – во нивното срце, така и демонот се обидува да ја забрзува динамиката на нивниот живот и протокот на информации во него за да ја прекине Исусовата молитва на подвижникот, а енергијата на неговиот ум преку сетилата или фантазиите да ја расее и поврзе со световното.

Со други зборови, подвижникот се бори умот да му функционира, пред сè, во својата основна функција, а демонот се бори умот на подвижникот да функционира постојано низ неговата секундарна функција – како разум. Со просветлувањето

(преобразувањето) на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата душа, односно личноста се исцелува.

## НАДМИНУВАЊЕ НА ДУАЛИЗМОТ И ИСЦЕЛЕНИЕ НА ДУШАТА

Човекот и Бог, ако сакаат, меѓу себе комуницираат како личности со своите лични енергии. Секако, Бог со Својата несоздадена енергија ја прозема и постојано ја преобразува човековата создадена енергија, како и суштина (природа) – во процесот на таа комуникација, а не човекот – Неговата.

Навидум едноставно, но не така како што на прв поглед изгледа. За да се појасни, повторно треба да се истакне разликата што е погоре направена меѓу умот и разумот. Зошто е битно, во аскетската пракса, подвижникот да ја прави оваа клучна разлика? И, зошто е битно да внимава на кој начин ќе функционира, односно кога и каде ќе ја насочува енергијата на умот? Со тоа и своите душевни и телесни дејства.

Најбитно е енергијата на умот да се насочи кон Едниот Вистински Бог. Ако не се насочи кон Бог, тогаш речиси сигурно, без оглед на човековата намера, се насочува кон останатата словесна и бесловесна твар или кон демоните. Така, секој човек би требало да се преиспита и да одлучи со кого ќе влезе во комуникација преку насочувањето на својата енергија – со создаденото или со Несоз-

даденото. Последиците се апсолутно различни. Со претходно опишаното дејство може да се исполни првата Божја заповед: „Возљуби Го Господ, својот Бог, со сето свое срце, со сета своја душа, и со сиот свој разум“ (Матеј 22, 37).

Ништо помалку битно е истата енергија, и при секундарната функција на умот како разум, да биде правилно насочена. Секој човек е поставен и пред следниот избор: дали ќе ја насочи кон исполнување на Божјите заповеди или ќе ја насочи кон задоволување на страстите. Навидум едноставен и вториов избор, но суштински зависен од првиот. Со претходно опишаното дејство може да се исполни втората Божја заповед: „Возљуби го својот ближен како себеси“ (Матеј 22, 39), но истовремено и „бидете совршени како што е совршен вашиот Отец небесен“ (Матеј 5, 48).

Во вториов случај потребно е дополнително внимание: не само дали тоа што се прави е согласно Божјите заповеди, туку дали и кога се извршуваат Божјите заповеди – тоа се прави во Божја слава или во своја слава. Исто така, колку повеќе преку исполнување на заповедите се познава Бог, толку попрецизно и посилно се насочува енергијата на умот кон Него. Едноставно, едното без другото е невозможно.

Согласно христијанската психотерапија, без восогласеното дејствување на примарната и секундарната функција на умот – што погоре беше објаснето, во што и се состои исцелението на умот и човековата душа, не се возможни развојот на човековата личност и остварувањето на неговиот

личен интегритет и идентитет според подобие Божјо.

Послушанието кон духовниот отец – психотерапевт, како основен метод и подвиг за преобразување и исцеление, е строго ограничено – трае сѐ до моментот на очистување и отворање на срцето, и пројавувањето на дарот на умно-срдечната молитва. Со просветлувањето на умот, а со тоа и на разумот (преку дарот на умно-срдечната молитва), конечно се надминува внатрешниот расцеп меѓу основната функција на умот и неговото функционирање како разум, и човековата личност, односно душа се исцелува – што е првичната цел на духовното исцеление (терапија). Со други зборови, се случува нов квалитет или ново ниво на христијански духовен живот, кое учителите на Црквата, покрај просветлување на умот, го нарекле и природен начин на постоење.

Моментот на главниот пресврт во духовниот живот се случува кога едната енергија, што умот ја користи во своите две функции, доволно ќе се очисти и преобрази (преку примарната функција на умот), и ќе се соедини со својата суштина во срцето – соединување што Отците на Црквата го нарекле умно-срдечна молитва. Од овој момент двете функции на умот дејствуваат како една, а пресудното влијание на дуализмот во човековиот живот престанува.

Нормално, не е сѐ вака црно-бело како што е напишано, но најдобро вака се сфаќа, а на крај на тоа и се сведува. Но, еве еден разнообразен пример: може да се случи некој да не верува, или

помалку или повеќе погрешно да верува, но сепак, во одредена мера да ги извршува Божјите заповеди – свесно или несвесно. Постои мислење дека пред Бог тоа е многу подобро, и дека оној што така прави е поблиску да Го пронајде Бог, отколку некој што точно ја исповеда верата со устата, а неговите дела не се согласни со Божјиот пример.

Комуникацијата со Бог и извршувањето на Божјите заповеди човекот ги прави со помош на Неговата благодат или енергија. Негово е само да сака и да се обидува, а Божјо е да исполни. Како што е спомнато на почетокот, во оваа Бого-човечка синергија – во Црквата, се содржи тајната на обожението на човекот, односно тајната и полнотата на животот во Есхатонот – и *веќе и уште не*.

# ЗАКЛУЧОК

Очигледно е дека Бог и духовниот живот не можат да се достигнат, спознаат и правилно објаснат само преку функционирањето на разумот и телесните сетила, затоа што Он за нив е недостапен. За оној што на тој начин ќе се обиде да им пријде, *духовниот живот* и неговите појави засекогаш ќе останат само апстрактни поими или негови погрешни проекции. Следствено, не може човек само преку разумот и сетилното да ја пронајде и смислата на своето постоење. Бесмислата на животот, пак, е основната причина за ноогената невроза – според Виктор Франкл (1905 – 1997), и за депресијата, од кои речиси целото човештво е опфатено. Оттука произлегуваат и разните бегства од така доживеаната реалност во разните зависности (власта, парите, телесното, алкохолот, дрогата, Интернетот и социјалните мрежи итн. – нема крај).

Затоа, комуникацијата со светот само преку непреобразените разум и сетила го претвора светот во еден куп мртви идоли (нешто од коешто луѓето мислат дека „зависат“ и без коешто мислат дека „не можат“, без оглед дали тоа свесно го сакаат или не), и истовремено претставува и соодветно острастено поврзување и заедница со мртвите идоли

на овој свет – без оглед на тоа каква форма и кое име тие го носат, како и ропско служење ним – наместо слободно и љубовно служење на Бог. Следствено, кој нема заедница со Бог, нема ни вистинска заедница со самиот себе, со своите ближни и со светот околу себе. И, останува душевно болен – свесно или несвесно.

Одовде произлегува и заклучокот зошто покајанието, односно преумувањето (возобновувањето на основната функција на умот), како суштински Евангелски повик, е длабока егзистенцијална потреба за духовен живот во Црквата, а не обичен гол морализам и пиетистички декор – како кај номиналните христијани на денешницата.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Предисловие: „Идентитет и невроза“ *проф. д-р Венко Андоновски* | 9 |
| *Потсетник* | 33 |
| *Обрезание, по срце и уши* | 37 |
| *Закхеј* | 40 |
| *Митарот* | 44 |
| *Блудниот син* | 47 |
| *Постариот син* | 50 |
| *На Страшниот суд* | 53 |
| *Простување* | 56 |
| *Недела на православната вера* | 59 |
| *Исцеление на фатениот* | 62 |
| *Тајната на Крстот Христов* | 65 |
| *Аскетска вера и подвиг* | 68 |
| *Кој меѓу вас сака да биде поголем, нека ви биде слуга!* | 71 |
| *Одлучете се веќе еднаш – или за Царството Небесно или за царството земно* | 74 |

| | |
|---|---|
| *Деца на Светлината* | 76 |
| *Потешко ни беше да бегаме* | 79 |
| *Свети Апостол Тома и ние* | 81 |
| *Уво не ми чуе...* | 84 |
| *Вода жива* | 87 |
| *Недела на слепите* | 90 |
| *Далеку сме ние од тоа...* | 93 |
| *Педесетница* | 95 |
| *Следиме Богочовек или човек?* | 98 |
| *Немој да останеш улов* | 101 |
| *Светлина на умот* | 103 |
| *Кој ве слуша вас, Мене Ме слуша и нема да промаши* | 106 |
| *Неколку поуки за борбата против демоните* | 108 |
| *Алегориско толкување* | 111 |
| *Свест за грешноста* | 113 |
| *Два-три збора за милоста Божја* | 115 |
| *Прелест на срцето* | 117 |
| *Поглед од заборавена гледна точка* | 119 |

| | |
|---|---|
| *Што не е јасно?* | 122 |
| *Христијански идентитет* | 124 |
| *Несреќни лозари* | 126 |
| *Пријателе, како влезе овде, необлечен во свадбена облека?* | 129 |
| *За идентитетските прашања* | 131 |
| *Дојдете при Мене сите изморени и обременети, и Јас ќе ве успокојам* | 134 |
| *Предизвикани размислувања* | 137 |
| *Има разлика* | 139 |
| *За распнувањето на умот* | 142 |
| *Вие сте светлината на светот* | 145 |
| *Суштинско недоразбирање* | 148 |
| *Има ли каде да сее семе сејачот?* | 150 |
| *Тие ги имаат Мојсеј и Пророците – нив нека ги слушаат* | 153 |
| *Зошто не Го примаме Христос?* | 156 |
| *Вистински допир* | 158 |
| *Самооправдување* | 160 |
| *Кој е навистина богат?* | 163 |
| *Последното место е сè* | 165 |

| | |
|---|---|
| *Митрополит Струмички Герасим* | 167 |
| *Дообјаснување за петте контролни точки* | 170 |
| *Чувај се од она што мислиш дека си* | 173 |
| ЕГЗИСТЕНЦИЈАЛИСТИЧКА ПСИХОТЕРАПИЈА | |
| *Вовед* | 177 |
| *Логотерапија* | 182 |
| *Клучни поими и претпоставки на егзистенцијалистичката психотерапија* | 188 |
| *Можности за соработка* | 202 |
| *Заклучок* | 208 |
| ПРАВОСЛАВЕН АСПЕКТ НА ДУШАТА, СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА РАЗЛИКАТА МЕЃУ УМ И РАЗУМ | |
| *Вовед* | 213 |
| *Христијанска антропологија* | 216 |
| *Разграничување заради восогласување* | 218 |
| *Разболување на душата* | 221 |
| *Премин од противприроден во природен начин на живот* | 225 |

| | |
|---|---|
| *Разлика меѓу ум и разум* | 229 |
| *Надминување на дуализмот и исцеление на душата* | 234 |
| *Заклучок* | 238 |

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски“, Скопје

271.2-584

НАУМ, митрополит струмички
Христијански идентитет / Митрополит Струмички Наум.
- Вељуса : Манастир Воведение на
Пресвета Богородица Елеуса, 2018.
- 248 стр. ; 21 см. - (Библиотека Воведение)

ISBN 978-9989-893-27-8

COBISS.MK-ID 109167114

Печати:
„Европа 92“ – Кочани

На корицата:
*Господ Исус Христос*, мозаик, детаљ,
„Света Софија“, Истанбул, 13 век